MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Отворањето на повеќе помали или повеќекратни сметки со употреба на различни имиња на номинирани лица или „бизнис-маски“ претставува втора варијанта. Примарна цел е спроведување готовински трансакции со што е можно помало внимание. Доколку се постигне оваа цел, во тој случај парите може да се употребуваат од страна на наименителот на најразновидни начини.

Основниот проблем е лоциран во пласманот на готовината на валканите пари кои се добиени од нелегален бизнис, како и динамиката на нивното постапно префрлање на трансакциските сметки, односно напластување.

## 2.4.Комбинација на перење пари банка-бизнис

Комбинацијата на перење пари банка-бизнис е последната од лесните шеми, но првата која води понатаму во циклусот на перење пари како сложени модели кои се применуваат од криминалните организации.

Перачот на пари се обидува да ги комбинира двете претходни шеми искористувајќи ги нивните најдобри карактеристики, за да ги пласира и напласти парите добиени во готовина од нелегални активности и криминал.

Основната цел е да се прикаже дека парите потекнуваат од легитимен извор.

Прв ограничувачки фактор при користење на овие шеми е тоа што перачот мора да се откаже од својата флексибилност при користење на готовината, бидејќи тој треба да работи согласно правилата на банкарските трансакции - правила на светскиот финансиски систем, кој е прецизно организиран и воден, и е во спротивност со барањата на перачот на пари.

Секој посед, секоја трансакција, се појавува и пресметува, ништо не се појавува или исчезнува од вака воспоставениот финансиски систем и тоа не е дозволено, бидејќи негативно ќе се одрази врз другите во системот, а најмногу врз државата.

Во оваа ситуација перачот на пари има два избора:

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

- може да бара места каде што законите обезбедуваат тајност која прикрива барем дел од постапките што сака да ги сокрие;
- може да го употреби системот и неговиот огромен капацитет за документација како предност и да ги прикрива своите активности.

## 3.ПАМЕТНИ ШЕМИ НА ПЕРЕЊЕ ПАРИ

Постојат неколку карактеристични паметни шеми на перење пари, и тоа:

1. Штрумфување и структурирани трансакции;
2. Корпорации наречени „лушпи“;
3. Шеми со кредити.[7]

### 3.1.Штрумфување

„Штрумфување“ претставува првата сложена или паметна шема.

За прв пат терминот штрумфови бил употребен во контекст на перење пари во 1980 година, откако иследниците на Флорида забележале дека перачите на пари користеле многу соработници со цел да одат во банките и да вршат повеќекратни готовински трансакции, сите под износ од 10.000 долари, бидејќи банката ќе морала да поднесе CTR (Извештај за готовинска трансакција).

Во овој период банките не биле толку внимателни во врска со поднесувањето на CTR, но тоа се променило со случувањето на неколку поголеми криминални случаи и некои постапки кон банките кои не поднесувале CTR.

[7]Graham, T., Bell, E., Elliott, N., Money Laundering (Butterworth's Compliance Series), Butterworth-Heinemann, London, 2006.

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

Значи, перачите на пари во оваа шема, користат повеќе соработници кои одат во различни банки и вршат повеќекратни готовински трансакции во износ помал од 10.000 евра.

Вака конструираната шема овозможува перачот на пари во текот на еден ден да може да трансферира и премести стотици илјади евра, преку индивидуални трансакции до 10.000 евра.

Единствениот ограничувачки фактор е бројот на лицата кои се користат и бројот на банките преку кои се врши трансакцијата.

Ова не претставува проблем во голем град, каде може да се најде банка на секој агол.

Но овие операции не се ограничени само на еден град.

На штрумфовите може да им се дадат големи суми на пари и да се испратат во неколку различни градови, каде тие ќе купуваат чекови за наплата и истите ќе ги доставаат до наименителот.

Покрај банките, може да се користат и други финансиски институции, како што се менувачниците, штедилниците и слично.

На чело на секоја шема на штрумфување се наоѓа таканаречениот „тато штрумф". Тоа е всушност лицето кое врши разработка и организирање на шемата и кое ги користи напластените средства.

Основен недостаток на оваа шема, кој може да помогне во нејзино откривање, е барањето за обемна комуникација помеѓу штрумфовите и „тато штрумфот" и нивните шефови.

Сума сумарум, штрумфувањето е вообичаена техника за избегнување на добро познатото CTR (архивирање со извештаи за готовинска трансакција) и е нешто на кое треба да му се посвети внимание при истрага за перење пари.

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

### 3.2.Корпорации „лушпи“

Овие корпорации го добиле своето име бидејќи лушпите изгледаат добро однадвор, а одвнатре се шупливи.

Корпорациите „лушпи“ се организирани заради изведување на некои функции, но тие не го спроведуваат нормалниот бизнис на една корпорација.

Основна задача на овие корпорации им е преместување на трансакциите или имотите, употребувајќи ги своите имиња со цел прикривање на вистинските сопственици.

Шемата на штрумфување претставува шема за пласман на валканите пари, додека пак шемата на употреба на корпорации „лушпи“ претставува еквивалентна шема за напластување на пласираните пари.

Во својата организациска поставеност, корпорациите „лушпи“ може да се подредени пирамидално, поврзани една со друга на вертикално и хоризонтално ниво, создавајќи збунувачка патека за оној кој што сака да ја разоткрие шемата на перење пари.

Доколку корпорациите „лушпи“ се инкорпорирани во јурисдикација каде законот дозволува тајност на финансиските трансакции, идентитетот на вистинските сопственици на некои од овие корпорации возможно е никогаш да не се открие.

Корпорациите „лушпи“ се состојат од име на сопственикот (честопати адвокат), неколку службеници во улога на номинирани лица, помали акционери и малку акции, како и една до две сметки во банка, заради трансакции кон други лушпи, бизниси или поединци.

Понатаму, корпорациите „лушпи“ како механизам за пласман, однадвор изгледаат како легитимен бизнис, а нивните банковни сметки може да се употребат за примање готовина во ист облик како кај штрумфовите.

Во случај перачот или криминалната организација да применат повеќе трансакции или пософистицирана операција, можно е да направат корпорацијата „лушпа“ да наликува на вистински бизнис со трансакции и финансиски извештаи.

Корпорациите „лушпи" вообичаено се користат за два дела од процесот на перење пари:

- за пласман;
- за напластување.[8]

Корпорациите „лушпи" се онолку различни, колку што перачот ќе се обиде да ги направи да наликуваат на било кој друг бизнис.

Меѓутоа, помудрите перачи на пари ја усовршиле употребата на офшор корпорации „лушпи" и лажни корпорации.

Не претставува новина искористувањето на законите заради тајност на банките во офшор даночните засолништва, а некои од овие јурисдикации дури обезбедуваат тајност и во корпоративните односи и врски.

Воопшто не е тешко ниту скапо да се основа една офшор корпорација, бидејќи е возможно преку интернет за само неколку дена од вашиот компјутер да основате компанија во некоја од понудените 30, 40 земји.

Овие инстант корпорации имаат се што е потребно за да функционираат како лушпи, вклучувајќи ја и можноста да отвораат сметки во банки низ целиот свет.

Во земјите во кои адвокатите располагаат со тајност на банките и важат за даночни засолништва, можат да помогнат во формирањето на корпорациите, со давање на дополнителна заштита преку адвокат-клиент привилегијата.

### 3.3.Шеми со кредити

Шемата со враќање на кредити претставува даночна измама и постои откако постојат даноците на приход и каматните исплати, па поради тоа оваа шема функционира одлично во криминалното добивање нелегални средства.

[8]Gallant, M., M., Money laundering and proceeds of crime: Eonomic Crime And Civil Remedies, London: Edward Elgar Pub, 2005.

Оваа шема се базира на две едноставни правила: заемите се извор на пари кои може да го објаснат богатството; заемите имаат одредени важни даночни бенефиции.[9]

Концептот враќање на кредит е варијација на шемата бизнис-банка.

Криминалецот се надева дека во фазата на интеграција од процесот на перење пари, нелегалните пари ќе ги оправда како легални преку наводно земање заем.

Заемот има бенефиции поврзани со даноците:

1. Заемот не се оданочува како приход, бидејќи тоа сепак не се ваши пари се додека планирате да ги вратите;
2. Под одредени околности, каматата платена на заемите може даночно да се одбие.

Ако перачот на пари има избор помеѓу пријавување на парите како обичен приход од некој офшор бизнис или пријавување на парите како заем кој не може да се оданочи, од некој офшор бизнис, „одењето по патот“ на заемот ќе му заштеди дел од даноците.

Во оваа шема перачот си ги позајмува сам на себе своите сопствени пари.

Но проблемите се појавуваат кога ќе треба да се вратат сите пари од наводниот заем.

Токму тука е тактиката на интеграцијата и парите кои лицето ги земало како заем се всушност негови пари кои ги враќа на самиот себе.

Преку земање заемот парите се перат и можат да се инвестираат легално.

Недостаток се јавува при откривањето на потеклото на позајмените пари и откривањето на банката, финансиската институција или поединецот кој го дал заемот.

## 4.КОМПЛЕКСНИ ШЕМИ НА ПЕРЕЊЕ ПАРИ

### 4.1.Шема на измама со фактури

Фактурата претставува сметка за претходно доставена стока или извршена услуга и вообичаено фактурите во себе ги содржат и набројуваат трошоците, метријалните

[9] Charles, A., I., International money laundering, Indiana University, Eurostudy Publishing Company, 1991.

средства, условите под кои се испорачува стоката или условите под кои се дава услугата и секако цената.[10]

Постојат два вид фактури:

- фактури за набавка;
- фактури за продажба.

Перачите на пари може да прават што сакаат со тие фактури.

Фактурите се доста погодни, бидејќи влегуваат во записите и ги покриваат трансферите на пари, а можат и да се прикажат како трошоци во средства за наплата при што се избегнува данокот или да се платат преку кредитирање.

Фактурата е погодна за манипулација бидејќи има вредност како комерцијална хартија и може да се употреби и од двете страни во трансакцијата.

Доколку перачот на пари ги контролира и двете страни во една трансакција, може да се интегрираат големи износи на пари во економијата без никој да забележи.

Перачот на пари на овој начин може колку и да е мала сумата на трансакција да префрли големи суми пари, прикажувајќи на фактурата помала сума. Во овој случај се во добивка и се задоволни и купувачот и продавачот.

При измама со фактури со пониски цени, вистинската вредност на продадените добра е поголема од наведената цена во фактурата.

При измама со „надувување” на фактурите, вистинската вредност на продадените добра е помала од наведената цена во фактурата.

Основни извори на информации за откривање на „надуваните” шеми со фактури се:

1. Министерствата за трговија и економија;
2. Евиденцијата на даночните субјекти;
3. Банкарските евиденции;
4. Евиденциите на државните институции.[11]

---

[10]Claessens, R., Money Laundering, Le Roeulx: Lic.Sc.Com. & Fin, 2000.
[11]Георгиева, Н., Бузлевски, Б., Финансиски криминал и перење пари, Скопје, 2021.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

### 4.2.Шема на измама со откупување

Погоре ја опишавме шемата со враќање на кредит каде измамникот си „позајмува" на самиот себе испрани фондови.

Секако дека не претставува проблем да се врати овој долг, бидејќи позајмувачот во исто време е и позајмител.

Една варијација на овој случај е измамата со откуп, каде криминалецот користи испрани фондови со цел да купи нешто што веќе го поседува.

Овој тип на операција не секогаш има даночни бенефиции какви што се среќаваат во измамата со враќање на кредит, но му обезбедува на криминалецот припремена залиха од навидум чисти пари.

Иако овде се работи за механизам во фазата на интеграција, сепак во суштина се работи за напластување.

Оваа шема исто како и онаа со враќање на кредити се потпира врз документацијата за сѐ да изгледа чисто и легитимно.

### 4.3.Манипулација со хартии од вредност

Последна и најплодна шема за перење пари се хартиите од вредност, посебно во сферата на индустријата, бидејќи тие наликуваат на валута со која успешно се плаќа.

Не е возможно да се опишат сите начини на кои може да се манипулира со хартиите од вредност во корист на перењето пари, но е и бескорисно, бидејќи луѓето секојдневно смеислуваат нови, пософистицирани начини.

Во минатот луѓето, оние кои биле од доверба, внатрешните трговци и канцелариските криминалци, развиле палета од измами во кои ги употребувале хартиите од вредност како средство за некоја проневера.

Една варијација на оваа шема е купувањето на хартии од вредност со нечисти пари и употребата на овие инструменти како залог за заем во банка.

Доколку криминалецот има пристап до офшор корпорација „лушпа“, таа може да се употреби за купување и поседување на хартии од вредност.

Штом парите ќе се префрлат на офшор сметка, тие може да се употребуваат за купување на хартии од вредност без поголеми потешкотии.

## 5.ЗАКЛУЧОК

***Правило број 1: Никогаш не губете пари.***

***Правило број 2: Никогаш не заборавајте го правилото број 1.***

Валканите пари никогаш не стануваат чисти, само навидум изгледаат така!

На проблемот на перење пари треба да му се пристапи како на комплексен феномен, кој ја загрозува светската економија.

Перењето пари претставуваат комплексен феномен и глобален проблем, кој подразбира процес на конверзија на приходите од нелегални активности во фондови кои потекнуваат од привидно законски извори, без притоа да се открие нивниот вистински извор, природа или сопственост.

Постојат неколку причини зошто криминалците перат пари:

- криење на богатството - криминалците можат да кријат нелегално стекнато богатство за да се избегне запленување од страна на надлежните државни органи;
- избегнување на кривично гонење - криминалците избегнуваат кривично гонење од страна на властите со оддалечување или дистанцирање на себеси од нелегалните средства;
- избегнување на даноците - криминалците можат да избегнат плаќање на даноците на приходите од средствата;
- зголемување на добивката - криминалците може да го зголемат профитот од реинвестирање на илегалните фондови во бизниси;

- легитимност - криминалците можат да ги користат легализираните средства да започнат бизнис и да обезбедат негов легитимитет.

Перењето пари се јавува како облик кој го следи организираниот криминал кој на криминалните организации им овозможува легализација на средства стекнати со криминална активност.

Криминалните групи, организациите и поединците, кои се занимаваат со криминална активност, остваруваат огромен криминален профит. Главен проблем кој се појавува е како тие непречено да ги користат приходите од криминални активности и да избегнат кривично гонење.

Перењето пари претставува негативна општествена појава, која за своето настанување и развој користи поволни услови во дадено општество и дадено време, постојано развивајќи се и создавајќи нови облици.

Како појава перењето пари има тенденција се повеќе да се интернационализира и да „прими“ облик на транснационален организиран криминал.

Последиците од перењето пари се многубројни и се јавуваат во различни облици, но сите заедно имаат еден заеднички ефект во однос на државата и меѓународната заедница, кој може да се воочи преку дестабилизација и претворање на постоечките социјални структури со создавање на нова група богати луѓе во општеството.

Наша работа е следејќи ја трагата на парите да откриваме и да спречуваме криминал, но за овој процес не е доволен еден човек или една институција, потребен е цел еден систем.

Тој систем кај нас е прецизиран, треба само да ги почитуваме правилата на истиот, и секој во својот домен да го даде максимумот од себе, за да обезбедиме подобро утре.

## 6. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

[1] Gallant, M., M., Money laundering and proceeds of crime: Eonomic Crime And Civil Remedies, London: Edward Elgar Pub, 2005.

[2] Георгиева, Н., Криминологија – интерна скрипта, 2020.

[3] Георгиева, Н., Бузлевски, Б., Финансиски криминал и перење пари, Скопје, 2021.

[4] Graham, T., Bell, E., Elliott, N., Money Laundering (Butterworth's Compliance Series), Butterworth-Heinemann, London, 2006.

[5] Madinger, J., Money Laundering: A guide for Criminal Investigators, Taylor & Francis Group, LLC-2nd ed., New York, 2006.

[6] Тасева, С., Перење пари, Дата Понс, Скопје, 2003.

[7] Claessens, R., Money Laundering, Le Roeulx: Lic.Sc.Com. & Fin, 2000.

[8] Charles, A., I., International money laundering, Indiana University, Eurostudy Publishing Company, 1991.

[9] http://eccfp.uklo.edu.mk/files/PostgraduateUpload/Dupcinova_Snezana.pdf

[10] https://www.sobranie.mk

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# CREATIVITY AND SCHOOL SUCCESS AMONG GIFTED AND TALENTED STUDENTS

**Anita Azeska [1], Ana Đorđević[2]**

[1]Asst. prof. PhD, [2]Teaching assistant PhD

MIT University, Faculty of Psychology,

Skopje Republic of Nord Macedonia

[1]a.azeska@gmail.com

[2]dordevic_ana@hotmail.com

## Abstract

This paper investigates the relationship between creativity (Jellen & Urban, 1989) and school success (Ceci & Williams, 1997) among gifted and talented students. A test for measuring creative opinion (TCT-DP) was applied to a purposive sample of 230 students (115 gifted and talented students and 115 average students from the third classification period from several elementary schools in the Republic of North Macedonia) which is a more modern version of tests of the type "unfinished drawings". School achievement in this study was measured on the basis of data from school diaries on average student semester achievement. The results obtained in this research show a statistically significant connection between creativity and school success, looking at the connection at the level of all students included in the research (both at the level of gifted and talented and at the level of average students). This research will contribute to increasing empirical knowledge in the field of giftedness and talent. Besides, the importance lies in the application of research findings to increase the effectiveness of teaching from a content, methodological and organizational aspect, that is, a contribution to an organized educational treatment of gifted students.

**Keywords:** *creativity; school success; gifted and talented students; average students*

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# КРЕАТИВНОСТА И УЧИЛИШНИОТ УСПЕХ КАЈ НАДАРЕНИТЕ И ТАЛЕНТИРАНИТЕ УЧЕНИЦИ

**Анита Азеска [1], Ана Ѓорѓевиќ[2]**

[1]Доцнент доктор, [2]Асистент доктор

МИТ Универзитет, Факултет за психологија,

Скопје, Република Северна Македонија

[1]a.azeska@gmail.com

[2]dordevic_ana@hotmail.com

**Апстракт**

Овој труд го истражува односот помеѓу креативноста (Jellen & Urban, 1989) и училишниот успех (Ceci & Williams, 1997) кај надарените и талентираните ученици. На намерен примерок од 230 ученици (115 надарени и талентирани ученици и 115 просечни ученици од третиот класификационен период од повеќе основни школи во Република Северна Македонија) беше применет тест за мерење на **креативното мислење (TCT-DP)** кој претставува посовремена верзија на тестовите од типот "недовршени цртежи". **Училишниот успех** во ова истражување се мереше врз основа на добиените податоци од училишните дневници за просечниот полугодишен успех на учениците. Резултатите до кои се дојде во ова истражување покажуваат статистички значајна поврзаност помеѓу креативноста и училишниот успех, посматрајќи ја поврзаноста на ниво на сите ученици вклучени во истражувањето (и на ниво на надарени и талентирани и на ниво на просечни ученици). Ова истражување ќе придонесе кон зголемување на емпириските сознанија од областа на надареноста и талентираноста. Освен тоа, важноста е во примената на наодите од истражувањето за зголемување на ефективноста на наставата од содржински, методолошки и организациски аспект, односно придонес кон организиран едукативен третман на надарените ученици.

**Клучни зборови**: *креативност; училишен успех; надарени и талентирани ученици; просечни ученици*

ISSN: 1857-8128

## 1. Вовед

Речиси во секоја област на човековиот труд постојат луѓе кои се исклучителни, кои, заради некои причини, се издвојуваат од толпата. Во различни историски периоди и во различни активности, ваквите личности биле наречени гении, супериорни, надарени, талентирани, експерти, па дури и среќни. Можеби заради тешкотијата да се објасни зошто одредена индивидуа има забележителни спсособности, постои предизвик да се верува дека причините за најисклучителните човечки постигнувања се мистериозни. Причините воопшто не се едноставни и продукцијата на импресивни способности не може да се редуцира на лесна формула што може да биде широко применета. Иако причините за појавата и развојот на надареноста се комликувани и непотполно разбрани, тие се далеку од непознати.

Така низ времето се концепирале гледиштата според кои надареното однесување во било која област на човековата дејност е детерминирано од развиеноста на одредена група карактеристики во интелектуалната, креативната и мотивациската сфера (Арнаудова & Ачковска-Лешковска, 2000).

Според (Sternberg, 1991, 1996, 1999) сите концепции на надареноста, без исклучок, истакнуваат дека **способностите** се битен предуслов за надарено однесување и постигнување забележителни резултати, но постојат разлики во однос на прифатеното гледиште за природата на способностите. Односот меѓу надареноста и интелигенцијата се менувал со тек на времето затоа што се проширувале и менувале и сознанијата за природата на двата феномени.

Како и способностите, и **креативноста** е конструкт кој трпел промени во текот на својот 50-годишен развој. Според (Арнаудова, 1996), суштинска одлика на креативната способност е создавање на нови продукти и речиси нема концепција за надареноста во која не е инволвирана способноста за креативна продукција. Психолозите стануваат свесни дека високиот IQ сам по себе не е гаранција за творештво, па надареноста повеќе ја

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

поврзуваат со способноста за продуцирање мноштво оригинални идеи, односно со креативноста.

Додека поистоветувањето на надареноста со високата интелигенција се базира на нативистичко сфаќање, нејзиното поистоветување со креативноста отвора можности за интервенција на околината, пред се преку воспитно-образовниот систем. Односно, за период од околу еден век истражувачите успеале да откријат дека надарените ученици во принцип можат да се пројават и да го развијат талентот само во образовна средина погодна за нивните уникатни способности. Во тој контекст Renzulli (1986; според Арнаудова & Ачковска-Лешковска, 2000) поаѓа од тезата дека не постои *надареност* како нешто што детето го поседува, како некој златен хромозом кој врз основа на одредени манифестации треба да се открие, туку дека постои *потенцијална надареност* како можност со правилна грижа и едукација да се развие *надарено однесување.*

Доминантен критериум за успешност на поединецот вклучен во системот на формалното образование претставува училишниот успех (Ceci & Williams, 1997). Проучувањето на училишниот успех е тема на бројни истражувања од сферата на образованието. При тоа се проучуваат голем број на фактори и аспекти кои имаат директно или индиректно влијание врз училишниот успех на учениците.

Образованието е многу сложен процес на кој континуирано влијае комбинацијата на бројните карактеристики на учениците, училиштето и училишниот процес, семејството и пошироката општествена средина на учениците. Затоа, не изненадува фактот што се уште има дискусии за тоа дали наставниците и училиштето се одговорни за (не) успехот на учениците, или се одговорни учениците и нивните родители, или можеби поширокото опкружување. Всушност сите овие фактори придонесуваат за објаснување на успехот во училиштето.

Во последните децении, откриени се мноштво на варијабли кои се поврзани со училишниот успех (Carroll, 1963; Rosenshine & Stevens, 1986; Squires, Huitt & Segars, 1983; Walberg & Paik, 2000). Сепак, и покрај зголеменото акумулирање на знаењето за тоа што е поврзано со успехот во училиштето, а што не е, дебатата за тоа како да се подобри

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

образованието се уште е во тек. За многуте фактори поврзани со успехот во училиштата добро говори трудот на авторт (Hattie, 2009), кој преку систематска анализа на повеќе од 800 мета-анализи идентификувал дури 138 варијабли кои се значајно поврзани со успехот во училиштето.

(Hattie, 1987; 1992), во претходните истражувања ги сумирал резултатите од околу илјада трудови со стотици варијабли за училишниот успех. Сепак, и покрај големиот број на истражувања во областа на училишниот успех, постојат значителен број прашања кои сѐ уште не се одговорени. Предизвик и истражувачки интерес е прашањето како индивидуалните карактеристики на учениците влијаат врз училишниот успех.

Кога се има во предвид проучувањето на интеракцијата помеѓу интелигенцијата, мотивацијата и креативноста во постигнувањето на училишниот успех кај надарените и талентираните ученици, треба да се истакне дека овие ученици имаат посебни специфичности (Кевериски, 2000).

Значи, нема дилема дека училиштата имаат посебна одговорност во препознавањето и развојот на надарените ученици. Во тој контекст сериозноста на нивната намера да создадат поттикнувачка средина за надрените ученици потребно е да ја изразат во нивната визија (Кевериски, 2007).

Со оглед на тоа што во нашата педагошка практика постои уверување дека е доминантен психометрискиот концепт во перцепирањето на училишниот успех, овој труд ќе даде нова светлина во однос на разбирањето на училишниот успех. Во таа смисла според (Vranjkovič, 2010) треба да се истакне дека најновите истражувачки трудови имаат тенденција да укажат дека постојат голем број на некогнитивни фактори кои го стимулираат, обликуваат и детерминираат училишниот успех.

Па така дефинирањето на истражувачкиот проблем и постулирањето на хипотезите во ова истражување беа условени од наодите во литературата од каде произлегуваат претпоставки за поврзаноста помеѓу креативноста и училишниот успех кај надарените и талентираните и просечните ученици.

Поставена е следнава хипотеза:

- *Надарените и талентираните и просечните ученици кои покажуваат повисоко ниво на експресија на креативната имагинација покажуваат и повисок училишен успех.*

## 2. Метод

### 2.1. Испитаници

Во рамките на истражувањето е користен намерен примерок, кој го сочинуваат ученици од основни училишта во Република Северна Македонија.

Вкупно беа вклучени 230 ученици, од кои 120 момчиња и 110 девојчиња од десетина основни школи во Република Северна Македонија чиј избор беше случаен. Беа избрани 115 ученици (53 девојчиња и 62 момчиња) кои го задоволуваа критериумот за поседување на најмалку една пофалница или награда за учество на натпревари од интернационален, државен или регионален карактер. За групата на ученици која беше избрана на овој начин, а врз основа на списокот на ученици добиен од класните раководители, претпоставивме дека е надарена и талентирана, бидејќи и други автори (Sternberg & Zhang, 1995) при селектирањето на надарените и талентираните ученици тргнуваат од истите критериуми.

Другата група на ученици (вкупно 115, од кои 57 девојчиња и 58 момчиња) е избрана од учениците од истите основни училишта и од истите класови како и надарената и талентирана група на ученици. И оваа група е составена од ученици кои се членови на одделни училишни секции, меѓутоа, нивните успеси надвор од училиштето не се така евидентни како успесите на надарената и талентираната група на ученици.

### 2.2. Мерни инструменти

-За мерење на креативното мислење применет е Тестот на креативно мислење – довршување цртеж (TCT-DP).

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Тестот е изработен 1987 година од страна на американскиот психолог Jellen и германскиот психолог Urban (Jellen & Urban, 1989) и претставува посовремена верзија на тестовите од типот ″недовршени цртежи″.

Како стимулуси за доцртување во тестот се употребени шест шематски ликови (точка, полукруг, закривена линија, испрекината линија, полна линија и недовршен квадрат) од кои петте се наоѓаат во четириаголна рамка, а шестиот е надвор од неа. Без тематско и временско ограничување испитаникот треба да го доврши вака започнатиот цртеж и да му даде соодветен наслов што ќе го забележи на место определено за тоа. Испитувачот го бележи времето кога цртањето е започнато и кога истото е завршено.
Примената на тестот може да биде индивидуална или групна, со забелешка дека при групното тестирање треба да се работи со помали групи.

Оценувањето на тестот се врши во однос на 11 критериуми: комплексност (Cm), додатоци (Ad), нов елемент (Ne), врски со линии (Cl), врски направени така да творат тема (Cth), премин на границите кој зависи од фрагментите (Bfd), премин на границите кој е независен од фрагментите (Bfi), перспектива (Pe), хумор (Nu), неконвенционалност (Uc) и брзина (Sp).

Авторите наведуваат дека предноста на овој тест над другите тестови од ваков тип е неговата културолошка непристрасност, можноста за примена кај различни категории испитаници и краткотрајноста на испитувањето. Коефициентите на валидност на тестот се движат од r = .80 до r = .90, а индексите на објективност се движат од r = .89 до r = .97.

Во спроведеното истражување Кронбах алфа коефициентот изнесува 0,79 со што се потврдува и високата релијабилност на овој инструмент.

- **Училишниот успех** во ова истражување се мери врз основа на добиените податоци од училишните дневници за просечниот полугодишен успех на учениците.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

### 2.3. Постапка

Теренскиот дел од истражувањето е извршен во периодот од декември 2018 година до април 2019 година. Со испитувањето се опфатени основни училишта од територијата на Република Северна Македонија. Изборот на училиштата беше направен случајно. Испитаници беа надарени и талентирани и просечни ученици од шесто до деветто одделение или од третиот класификационен период.

### 2.4. Статистичка обработка на податоците

Одговорите од пополнетите инструменти од страна на испитаниците вклучени во истражувањето беа внесени и статистички обработувани со статистичкиот софтверски пакет SPSS 20 за оперативниот систем Windows.

Хипотезата е тестирана преку утврдување на корелација помеѓу варијаблите односно проверувана е поврзаноста помеѓу креативноста и училишниот успех со примена на *Пирсонов коефициент на корелација.*

## 3. Резултати

**Табела 1.** *Корелации помеѓу креативноста и училишниот успех кај надарените и талентираните и просечните ученици (N=230)*

| **Варијабли** | **Училишен успех** |
|---|---|
| **Креативност** | **0,35**** |

**** p<0,01 коефициентот е значаен на ниво 0,01; * p<0,05 коефициентот е значаен на ниво 0,05**

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Од прикажаните податоци во Табела 1 се забележува дека постои статистички значајна позитивна поврзаност помеѓу креативноста и училишниот успех (r=0,35; p<0,01) кај надарените и талентираните и просечните ученици.

**Табела 2.** *Корелации помеѓу креативноста и училишниот успех кај просечните ученици (N=115)*

| **Варијабли** | **Училишен успех** |
|---|---|
| **Креативност** | **0,13** |

** p<0,01 коефициентот е значаен на ниво 0,01; *p<0,05 коефициентот е значаен на ниво 0,05

Од прикажаните податоци во Табела 2 се забележува дека кај просечните ученици не постои статистички значајна поврзаност помеѓу креативноста и училишниот успех (r=0,13; p>0,05).

*Кај групата од надарени и талентирани ученици *зареди константност на варијаблата училишен успех не се смета корелација.*

## 4. Дискусија и заклучок

Главните конструкти во овој труд беа соодветно дефинирани и анализирани од повеќе аспекти. Имајќи ја во предвид предикцијата како главна истражувачка цел, беше испитана поврзаноста помеѓу споменатите конструкти односно истражувачки варијабли. Претпоставките за нивните заемни релации беа базирани на теориски и емпириски заклучоци од релевантните истражувања.

Имено, во повеќе наврати, повикувајќи се на резултатите од истражувањата кои се занимавале со проблематиката на гореспоменатите варијабли според (Ачковска-Лешковска, 2009) потенцирано е дека надареното однесување во било која област на

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

човековата дејност е детерминирано од развиеноста на одредена група карактеристики во интелектуалната, креативната и мотивациската сфера.

Хипотетската рамка на ова истражување главно се однесуваше на проверување на односот на избраните варијабли, како придонес во дискусијата за добивање на поцелосна слика за природата на надареноста и талентираноста.

Дефинирањето на истражувачкиот проблем и постулирањето на хипотезите беше условено од концепциите за надареноста и талентираноста, поточно од неоспорниот факт дека постојат поединци кои можат да изведуваат одредени активности побрзо, подобро и пооригинално од своите врсници или кои се способни да дадат исклучителни резултати во различни области од човековата дејност. Овој факт сеуште ја прави областа на надареноста атрактивна за истражувачите.

Истражувањата кои се однесуваат на односот помеѓу креативните способности и училишниот успех не се со долга традиција, а и до денеска се добиени повеќе неконзистентни сознанија.

Резултатите од ова истражување покажуваат статистички значајна поврзаност помеѓу креативноста и училишниот успех, посматрајќи ја поврзаноста на ниво на сите ученици вклучени во истражувањето (Табела 1). Но посматрајќи ја поврзаноста помеѓу креативноста и училишниот успех само кај групата од просечни ученици резултатите не покажуваат статистички значајна поврзаност (Табела 2). Ваквите резултати може да се должат на специфичноста на примерокот, како и на некој друг фактор кој за време на тестирањето не беше контролиран (образовниот систем, семејство, масмедиуми и др.).

Заинтересирани за овој однос, Getzels & Jackson, (1962; според Арнаудова, 1996), утврдиле значајни коефициенти на корелација помеѓу креативната способност и успехот во тестовите на знаење, а интересно е што некои од овие коефициенти се дури и повисоки во споредба со оние кои ја изразуваат поврзаноста на интелигенцијата со знаењето.

Според овие наоди неминовна е констатацијата дека училишниот успех зависи како од интелигенцијата така и од креативноста. До слични сознанија дошол и Bowers (1966; според Арнаудова, 1996) откако ги корелирал постигнувањата на учениците на

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

тестовите на знаење и нивниот училишен успех со резултатите што тие ги постигнале на тестовите на креативност и интелигенција. Меѓутоа, на сознанијата од овие две студии делумно им противречат наодите до кои дошле Doutriaux & Beaudot (1978; според Арнаудова, 1996). Тие утврдиле ниски корелации меѓу креативните способности и оценките од математика и странски јазик, наспроти корелациите кои го изразуваат односот на интелигенцијата и училишниот успех.

Според емпириските сознанија на други истражувачи кои го проучувале овој проблем (Hutchinson, 1963; Bentley, 1966; Torrance, 1966; според Арнаудова, 1996), битен момент од кој зависи корелативната поврзаност на креативноста со училишниот успех е квалитетот на наставата која се реализира во училишната средина. Земајќи ја предвид релевантноста на овој фактор Žagar (1981; според Арнаудова, 1996) спровел истражување на 218 осмоодделенци од осум училишта во Љубљана кои ги изедначил според нивото на интелигенција. Во однос на резултатите постигнати на тестовите на креативност тие се поделени во две групи: 1. ученици со висока креативност, чии резултати се во горната третина од ранг-листата за постигнувањата во креативноста и 2. ученици со ниска креативност, чии резултати се во долната третина според постигнувањата на ранг-листата. Според согледувањата на авторот, одличните ученици, во споредба со нивните соученици со пониски оценки, постигнале значајно повисоки резултати во вербалната креативност. Креативните способности се значајно поврзани со училишниот успех и тогаш кога интелигенцијата е константен фактор. Согласно со податокот дека високо креативните и високо интелигентните ученици се многу поуспешни од оние кои се, исто така, со висока креативност но, се со ниска интелигенција, може да се заклучи дека креативноста е поголема доколку таа е комбинирана со висока интелигенција.

Квалитетот на наставата и нејзината рефлексија врз креативноста се следени и во истражувањето на Marjanoviḱ (1969; според Арнаудова, 1996), кое е спроведено на ученици од 10 до 14 годишна возраст. Добиените податоци покажале дека креативните способности кај учениците од повисоката возраст немаат тенденција да опаѓаат единствено во училиштето кое низ наставата ја поттикнува и развива оваа димензија. Овој

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

податок е мошне значаен аспект и во истражувањето на (Арнаудова, 1996) кое укажува дека систематските фактори во развојот на креативното однесување може да имаат стимулативна улога во развивањето и поттикнувањето на креативноста и кај учениците од повисока возраст. Ова истражување е спроведено во три сукцесивни фази и има за цел, пред се да ги идентификува ефектите од поттикнувањето на креативното мислење, потоа, да ги утврди, опише и анализира психолошките особини кои најмногу придонесуваат за неговиот напредок и истите да ги употреби како варијабли со кои ќе се врши предикција на напредувањето во различни варијабли на креативност.

Познавањето на тие особини според (Арнаудова, 1996) е особено битно за процесот на воспитување и едукација кој треба да се насочува кон нивно негување и развивање. Потребно е да се иновира пристапот кон реализацијата на наставните содржини во училишната средина и да се изградат демократски односи помеѓу субјектите вклучени во воспитно-образовниот процес. Бидејќи, како што потенцира (Арнаудова, 1996), новото училиште не се создава преку воведување нови предмети, апарати и нов мебел, иако и тие се битни. Значително повеќе тоа се создава со воведување нови односи кои овозможуваат за развој на сестрана личност.

Со ова истражување се развиваат повеќе аспекти на надареноста и талентираноста кои овозможуваат да се добие увид во научните психолошко-педагошки сознанија за овој комплексен феномен во однос на актуелните сфаќања и искуствата од теоријата и практиката во развиените земји.

*Во педагошко-психолошката литература во Република Северна Македонија недостасуваат емпириски истражувања насочени конкретно на оваа област. Затоа, задачата на овој труд е да даде свој придонес во расветлувањето на овие појави кај ученичката популација кај нас, како и да поттикне нови емпириски истражувања кои ќе се занимаваат со оваа проблематика.*

Наодите од ова истражување препорачуваат подолготрајно континуирано следење на надарените деца, кое ќе опфати проценување и тестирање на нивните карактеристики и евалуација на нивните перформанси и продукти. Поголема стручност или подготвеност за

ISSN: 1857-8128

соработка на лицата инволвирани во проценувањето и тестирањето на надарените деца. Да се надмине недостигот од психолошки мерни инструменти и да се унифицираат критериуми за надареност. Да се прифати компромисното решение: интеграција на помали возрасти, а селекција на поголеми со оглед на фактот дека одредени дарби се јавуваат во различни развојни периоди.

Со ова истражување се зголемува и свесноста за обезбедување на специјална едукација на надарените, која ќе им овозможи потполн развој на актуелните и потенцијалните способности. Последните години се прават обиди и иницијативи за обуки на наставниот кадар, за кој веруваме дека ќе придонесат кон поголемо заложување на компетентните субјекти во образовниот процес.

Заклучокот е дека ова истражување дава придонес во зголемувањето на емпириските сознанија од областа на надареноста и талентираноста. Освен тоа, важноста е во примената на наодите од истражувањето за зголемување на ефективноста на наставата од содржински, методолошки и организациски аспект, односно придонес кон организиран едукативен третман на надарените ученици.

## 5. Библиографија

[1] Арнаудова, В. (1996). *Поттикнување и развивање на креативното мислење со техники на дивергентна продукција.* Објавена докторска дисертација. Скопје: Просветно дело

[2] Арнаудова, В. & Ачковска-Лешковска, Е. (2000). *Надарено дете*. Скопје: Филозофски Факултет.

[3] Ачковска-Лешковска, Е. (2009). *Надареност*. Скопје: Филозофски Факултет.

[4] Carroll, J. B. (1963). *A model of school learning*. Teachers College Record, 64 (8), 723-733.

[5] Ceci, S. J. & Williams, W. M. (1997). *Schooling, intelligence and income.* American Psychologist, 52(10), 1051–1058. https://doi.org/10.1037/0003-066X.52.10.1051

[6] Hattie, J. A. C. (1987). *Identifying the salient facets of a model of student learning*: A synthesis of meta-analyses. International Journal of Educational Research, 11(2), 188–212.

[7] Hattie, J. A. C. (1992). *Measuring the effects of schooling*. Australian Journal of Education, 36(1), 4–13.

[8] Hattie, J. A. C. (2009). *Visible learning*: A synthesis of over 800 meta-analyses relating to acheivement. New York: Routledge.

[9] Кеверески, Љ. (2000). *Како да ги препознаеме надарените и талентираните ученици*. Скопје: Ниро, Просветен работник.

[10] Кеверески. Љ. (2007). *Каков наставник им треба на надарените и талентираните*. Битола: Киро Дандаро.

[11] Rosenshine, B. V. & Stevens. R. J. (1986). *Teaching Functions*. Wittrock. Chicago: Rand McNally.

[12] Squires, D., Huitt, W. & Segars, J. (1983). *Effective classrooms and schools: A research- based perspective*. Washington, D. C. Association for Supervision and Curriculum Development.

[13] Sternberg, R. J. (1991*). Ka trojnoj teoriji ljudske inteligencije*. Psihologija, 3-4, 127-170.

[14] Sternberg, R. J. (1996). *Cognitive psychology*. Fort Worth: Harcourt Brace & Company.

[15] Sternberg, R. J. (1999.). *Uspješna inteligencija*: kako praktična i kreativna inteligencija određuju uspjeh u životu. Zagreb: BARKA.

[16] Sternberg, R. J. & Lubart, T. I. (1991). *An investment theory of creativity and its development*. Human Development, 34, 1- 30.

[17] Sternberg, R. J. & Zhang, L. F. (1995). *What do we mean by giftedness? A pentagonal implicit theory*. Gifted Child Quarterly, 39(2), 88-98.

[18] Vranjković, Lj. (2010). *Daroviti učenici.* Život i škola, 24 (56), 255-260.

[19] Walberg, H. J. & Paik, S. J. (2000). *Home environments for learning*. Berkeley: McCutchan Publishing.

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# IMPACT OF PARENTS' PSYCHOPATHOLOGY ON ADHD CHILDREN'S PSYCHOPATHOLOGY

**Anastasia Naumovski, Andromahi Naumovska**

## Abstract

Parental psychopathology and its relationship to ADHD in children is a significant area of research in psychiatry and psychology. There is evidence that parental psychopathology may play a role in the development and manifestation of ADHD in children. This research included 25 children with ADHD and a control group of 26 healthy children. The following psychometric instruments were given: MMPI (Minnesota Multiphasic Personality Inventory), which is filled in by the children's parents, and CBCL (Child Behavior Check List), which applies to the children. Factors such as family predisposition, genetics indicate the exact predisposition for a child to get ADHD.

***Keywords -*** *ADHD, psychopathology of parents, children from 7 to 12 years old*

# ВЛИЈАНИЕ НА ПСИХОПАТОЛОГИЈАТА НА РОДИТЕЛИТЕ ВРЗ ПСИХОПАТОЛОГИЈАТА НА АДХД ДЕЦАТА

**Анастазија Наумовски, Андромахи Наумовска**

## Апстракт

Психопатологијата на родителите и нејзината врска со АДХД кај децата е значајна област на истражување во психијатријата и психологијата. Постојат докази дека психопатологијата на родителите може да игра улога во развојот и манифестацијата на АДХД кај децата. Во ова истражување се вклучени 25 деца со АДХД и контролна група од 26 здрави деца. Зададени се следните психометриски инструменти: MMPI (Minessota Multiphasic Personality Inventory) кој го пополнуваат родителите на децата и CBCL (Child

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Behavior Check List), кој се однесува на децата. Фактори како семејна предиспозиција, генетика укажуваат на точната предиспозиција детето да добие АДХД.

**Клучни зборов:** *АДХД, психопатологија на родители, деца од 7 до 12 години*

## Вовед

Психопатологијата на родителите и нејзината врска со АДХД кај децата е значајна област на истражување во психијатријата и психологијата. Постојат докази дека психопатологијата на родителите може да игра улога во развојот и манифестацијата на АДХД кај децата. Истражувањата покажуваат дека АДХД има силна генетска компонента. Ако родителите имаат психијатриски нарушувања, особено АДХД, постои зголемен ризик дека нивните деца ќе развијат АДХД (1-6). Психопатологијата на родителите, како што се депресија, анксиозност или злоупотреба на супстанции, може да влијае на родителските практики и семејната средина, што може да придонесе кон развој на АДХД кај децата (7-13). Комбинацијата на генетски предиспозиции и стресните фактори на околината поврзани со психопатологијата на родителите може да ја зголеми веројатноста за развој на АДХД кај децата (14). Психопатологијата на родителите може да влијае на епигенетските модификации кај децата, кои може да го променат изразот на гените поврзани со АДХД (15). Родители со психопатологија можат да имаат потешкотии со управувањето на сопствените симптоми, што може да влијае на нивната способност да обезбедат стабилна и поддржувачка средина за своите деца (16-17).

## Метод

Во оваа студија се вклучени деца на возраст од 7 до 12 години, дијагностицирани со АДХД, амбулантски и хоспитално третирани на Одделот за психофизиологија при Клиниката за детски болести, Скопје.

Според дијагнозата, испитаниците се поделени во:

- Експериментална група од 25 деца со АДХД и
- Контролна група од 26 здрави деца.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Зададени се следните психометриски инструменти:

- MMPI (Minessota Multiphasic Personality Inventory) е персонален тест кој ќе е зададен на родителите на испитаникот. Со овој тест се мерат неколку клинички скали на: хипохондрија, депресија, хистерија, психопатска девијација, машкост/женскост, параноја, психостенија, шизофренија, хипоманија и социјална интроверзија.

- CBCL (Child Behavior Check List) е стандардизира прашалник за проценка на поведението кај децата. Го пополнува родителот, а составен е од 113 прашања кои даваат податоци за особености, како што се: депресивност, социјална комуникација или повлекување, соматски тегоби, шизоидно поведение, хиперактивност, проблеми во психосексуалниот развој, деликвентно и агресивно поведение, проблеми во поведението, мисловни потешкотии и анксиозност. Скалата е прилагодена според возраста и полот на децата.

Резултатите се обработени во СПСС-26.

## Резултати и Дискусија

Деталните статистички анализи покажаа дека најголем дел од скоровите на MMPI-скалата за родителите не корелираа сигнификантно со скоровите од АДХД и CBCL-скалите на децата со АДХД, иако беше забележан позитивен тренд на нивна меѓусебна релација. Попрецизно, иако статистички овие корелации не се значајни, *p*-вредностите за голем дел од нив се близу до 0,05, што укажува на тренд за потенцијална поврзаност на варијаблите доколку се зголеми примерокот на испитаници.

Само две корелации се покажаа статистички значајни во рамките на групата на деца со АДХД, и тоа: беше покажано дека **шизофренијата кај родителите како фактор влијае на зголемена хиперактивност/импулсивност кај децата** ($r$ = 0,445; $p$ = 0.026) и **манијата кај родителите како фактор влијае на прекумерно фокусирање кај АДХД децата** ($r$ = 0,470; $p$ = 0.018). Резултатите се прикажани на слика 1.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128




Слика 1: Ефекти на психопатологијата на родителите кои како фактори влијаат врз ADHD-хиперактивноста/импулсивноста и АДХД-прекумерното фокусирање во рамките на групата на деца со АДХД

На графиците е прикажан линеарниот тренд (црвена линија) заедно со 95 % интервал на доверба на трендот (розево). Зелените испрекинати линии го претставуваат 95 % интервал на доверба на корелацијата прикажан преку нормална биваријантна елипса. а. Корелацијата меѓу MMPI-шизофренијата на родителите и ADHD-хиперреактивноста/импулсивноста е позитивна, умерено силна и статистички значајна. Корелацијата меѓу MMPI-манијата на родителите и АДХД-прекумерното фокусирање е позитивна, умерено силна и статистички значајна.

Во овој случај, статистичките анализи детектираа неколку сигнификантни корелации (слика 2). Имено, освен претходно наведените корелации, дополнително беше детектирано и следново:

- **тоталниот MMPI-скор кај родителите како фактор влијае врз зголемената хиперактивност/импулсивност кај децата** скорирана преку АДХД-скалата (позитивна, слабо силна и сигнификантна корелација; $r = 0{,}294$; $p = 0.036$);
- **хистеријата кај родителите како фактор влијае врз зголемената агресивност кај децата** скорирана преку CBCL-скалата (позитивна, слабо силна и сигнификантна корелација; $r = 0{,}277$; $p = 0.039$);

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

- **депресијата кај родителите како фактор влијае на тоталниот CBCL-скор кај децата** (позитивна, слабо силна и сигнификантна корелација; *r* = 0,298; *p* = 0.036);
- **хистеријата кај родителите како фактор влијае на тоталниот CBCL-скор** кај децата (позитивна, умерено силна и сигнификантна корелација; *r* = 0,398; *p* = 0.012);
- **шизофренијата кај родителите како фактор влијае на шизофренијата на децата** тестирана според CBCL-скорот (позитивна, умерено силна и сигнификантна корелација; *r* = 0,349; *p* = 0.020);
- **тоталниот MMPI скор кај родителите како фактор влијае врз зголемениот CBCL скор кај децата** (позитивна, слабо силна и сигнификантна корелација; *r* = 0,219; *p* = 0.035).



MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Слика 2: Евалуација на влијанието на психопатологијата на родителите врз психопатологијата на децата (корелации MMPI-АДХД, MMPI-CBCL) во рамките на целата група испитаници (n = 51)

На графиците е прикажан линеарниот тренд (црвена линија) заедно со 95 % интервал на доверба на трендот (розево). Зелените испрекинати линии го претставуваат 95 % интервал на доверба на корелацијата прикажан преку нормална биваријантна елипса.
Имајќи предвид дека одредени елементи од психопатологијата на родителите, скорирани преку MMPI, се рефлектираат врз психопатологијата на децата (скорирана преку АДХД и CBCL скалите), се тестирани неколку мултиваријантни анализи за предвидување на АДХД-скоровите и CBCL-скоровите, при што елементите од MMPI кај родителите се вклучени како коваријанти (фактори) во мултиваријантна анализа. Мултиваријантната регресиона анализа е спроведена преку опцијата „stepwise-backward selection“, според методот на стандардни најмали квадрати. Иницијално, сите 9 елементи на MMPI се вклучени во моделот и неколку циклуси се спроведени со ‘чекор по чекор’ елиминирање на варијаблата карактеризирана со највисока *p*-вредност во секој циклус (т.н. „stepwise-backward selection“).

Статистичките анализи не детектираа сигнификантен мултиплен регресионен модел за предвидување на тоталниот АДХД-скор, но беше детектиран и развиен модел за предикција на АДХД-прекумерното фокусирање, базиран на моделните ефекти од MMPI-скоровите на родителите. Финалниот модел со највисока $R^2_{\mathrm{Adj}}$ вредност и највисок предиктивен капацитет е прикажан на Табела 1. Тој вклучуваше 6 моделни ефекти, од кои 4 се покажаа како сигнификантни предиктори за прогностицирање на прекумерното фокусирање кај АДХД.

Табела 1: Мултипен регресионен модел за предикција на АДХД-прекумерното фокусирање

| **Моделни ефекти (коваријанти)** | ***B*** | **SE** | ***t*** | ***p*** | ***β*** | **VIF** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| MMPI-Манија кај родителите | 0,1231 | 0,0482 | 2,56 | 0,0142* | 0,3467 | 1,1044 |
| MMPI-Хипохондрија кај родителите | 0,1569 | 0,0674 | 2,33 | 0,0247* | 0,4306 | 2,0551 |

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

| **Моделни ефекти (коваријанти)** | ***B*** | **SE** | ***t*** | ***p*** | ***β*** | **VIF** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| MMPI-Шизофренија кај родителите | 0,1151 | 0,0545 | 2,11 | 0,0406* | 0,4210 | 2,3885 |
| Пол (женски деца) | -0,4755 | 0,2310 | -2,06 | 0,0455* | -0,2875 | 1,1706 |
| MMPI-Депресија кај родителите | 0,0528 | 0,0496 | 1,07 | 0,2920 | 0,1782 | 1,6758 |
| MMPI-Психопатска девијација кај родителите | -0,0734 | 0,0730 | -1,01 | 0,3202 | -0,1826 | 1,9804 |
| Intercept | -0,6586 | 1,2265 | -0,54 | 0,5940 | 0 | . |

Како што се забележува, во моделот варијаблите MMPI-манија кај родителите, MMPI-хипохондрија кај родителите, MMPI-шизофренија кај родителите и полот беа проценети како сигнификантни предиктивни фактори за прогностицирање на прекумерното фокусирање кај децата. Од нив, варијаблите MMPI-хипохондрија кај родителите и MMPI-шизофренија кај родителите покажаа најголем ефект.

Врз основа на развиениот модел, може да се изведе следнава формула за предикција на прекумерното фокусирање:

АДХД-прекумерно фокусирање = 0,1231×MMPI (манија) + 0,1569×MMPI (хипохондрија) + 0,1151×MMPI (шизофренија) -0,4755×пол (женски деца) + 0,0528×MMPI (депресија) - 0,0734×MMPI (психопатска девијација) -0,6586

Како што се забележува, во моделот за прекумерно фокусирање полот има силен ефект, и притоа, женскиот пол е асоциран со помали скорови за прекумерното фокусирање.

Добиениот модел е статистички сигнификантен ($*p = 0,0272$), со капацитет вклучените моделни ефекти да можат да објаснат 36,6 % од варијабилноста на прекумерното фокусирање ($R^2_{adj} = 0,3664$).

Врз основа на мултипниот регресионен модел и предикционата формула, се моделирани 3D графици кои ја објаснуваат релацијата на дел од моделните ефекти врз прекумерното фокусирање (Слика 3).

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128




Слика 3: 3D модели базирани на мултиниот регресионен модел кои ги објаснуваат ефектите на манијата и шизофренијата кај родителите, како и ефектите на полот врз прекумерното фокусирање кај децата. Ефектите на полот (со женските деца асоцирани со пониски скорови за прекумерно фокусирање) се евидентни.

На следната табела (Табела 2) прикажана е мултиваријантната регресиона анализа за предвидување на тоталниот CBCL-скор кај децата, во однос на MMPI-параметрите на родителите како предиктори. Како што се забележува, финалниот модел е карактеризиран со 6 моделни ефекти, од кои варијаблите: пол, MMPI-хистерија кај родителите, MMPI-психопатска девијација кај родителите и MMPI-депресија кај родителите, беа проценети како сигнификантни предиктивни фактори за прогностицирање на CBCL-скорот. Од нив, полот и хистеријата кај родителите покажаа најсилен ефект; слично како и во претходниот модел, женскиот пол беше во асоцијација со пониски CBCL-скорови.

Табела 2: Мултипен регресионен модел за предикција на тоталниот CBCL-скор кај децата

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

**International Journal of Recent Research in Arts and Sciences**

**ISSN: 1857-8128**

| **Моделни ефекти (коваријанти)** | ***B*** | **SE** | ***t*** | ***p*** | ***ß*** | **VIF** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Пол[женски деца] | -10,63276 | 3,26073 | -3,26 | 0,0021* | -0,41516 | 1,1476224 |
| MMPI-Хистерија кај родителите | 3,2144539 | 1,295721 | 2,48 | 0,0170* | 0,431123 | 2,1382165 |
| MMPI-Психопатска девијација кај родителите | 2,588502 | 1,090472 | 2,37 | 0,0220* | -0,4159 | 2,1734435 |
| MMPI-Депресија кај родителите | 1,5856983 | 0,729311 | 2,17 | 0,0351* | 0,345046 | 1,7831066 |
| MMPI-Хипохондрија кај родителите | 2,080542 | 1,093183 | 1,90 | 0,0636 | -0,36859 | 2,6556358 |
| MMPI-Шизофренија кај родителите | 1,0065083 | 0,805825 | 1,25 | 0,2183 | 0,237659 | 2,5632846 |
| Intercept | 9,783393 | 19,0872 | 0,51 | 0,6108 | 0 | . |

Врз основа на развиениот модел, може да се изведе следнава формула за предикција на тоталниот CBCL-скор:

Тотален CBCL скор = -10,632×Женски пол, + 3,214×MMPI (хистерија) + 2,588 MMPI×(психопатска девијација) + 1,585×MMPI (депресија) + 2,080×MMPI (хипохондрија) +1,007×MMPI (шизофренија) + 9,783

Добиениот модел е статистички сигнификантен (*$p$ = 0,0013), со капацитет вклучените моделни ефекти да можат да објаснат 37,9 % од варијабилноста на тоталниот CBCL-скор ($R^2_{adj}$ = 0,3785).

Врз основа на предиктивната формула, беа моделирани 3D графици кои ги објаснуваат ефектите на хистеријата и депресијата кај родителите и ефектите на полот кај децата врз нивниот тотален CBCL-скор (слика 4).

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128




Слика 4: 3D модели базирани на мултиниот регресионен модел

Тие ги објаснуваат ефектите на депресијата и хистеријата кај родителите, како и ефектите на полот врз тоталниот CBCL-скор на децата. Ефектите на полот (со женските деца асоцирани со пониски скорови за тоталниот CBCL) се евидентни.

Она што е најважно да се напомене е дека АДХД не е предизвикано од некаков неуспех, лошо родителство или семејни проблеми, наставници, училишта, премногу ТВ, алергии на храна или висок шеќер. АДХД има генетска предиспозиција и мозочно нарушување (симптомите на АДХД се поврзани со специфични области во мозокот). Фактори како семејна предиспозиција, генетика, животна средина и физички разлики во мозокот укажуваат на точната предиспозиција лицето да добие АДХД. Затоа е важно во целосната дијагностика да се земе предвид целата семејна историја, но и самиот начин на живеење и да се даде најдобриот индивидуален третман, на коешто во иднина истражувачите на оваа дијагноза треба да се стремат. Има многу врски и поврзаности во мозокот кои укажуваат дека овие специфични врски кои се поврзани со начинот на однесувањето на индивидуата можат да придонесат до специфично дијагностицирање на индивидуален тип на АДХД.

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

**Референци**

[1] Barkley, R..A. (2006). Attention-deficit hyperactivitiy disorder: a handbook for diagnosis and treatment. New York: Guilford Press.

[2] Delić, T. (2001). Poremećaj pažnje i hiperaktivnosti(АДХД).Kriminologija i socijalna integracija 2001, 9 (1-2), стр. 1-10.

[3] Spencer TJ., Biederman J., Mick E. (2007). Attention-deficit/hyperactivity disorder: diagnosis, lifespan, comorbidities, and neurobiology. J Pediatr Psychol

[4] Pop-Jordanova, N. (2011). Nevropsihologija. Skopje: Kultura.

[5] World Health Organization (1993). The ICD-10 Classification of Mental and Behavioural Disorders: Diagnostic Criteria for Research. Geneva, World Health Organization.

[6] Faraone, S. V., & Larsson, H. (2019). Genetics of attention deficit hyperactivity disorder. Molecular Psychiatry, 24(4), 562-575. DOI:10.1038/s41380-018-0070-0

[7] Chronis, A. M., Lahey, B. B., Pelham, W. E., Kipp, H., Baumann, B., & Lee, S. S. (2003). Psychopathology and substance abuse in parents of young children with attention-deficit/hyperactivity disorder. Journal of the American Academy of Child & Adolescent Psychiatry, 42(12), 1424-1432. DOI:10.1097/00004583-200312000-00009

[8] Ferek, M. (2010). Hiperaktivni sanjari: bolji, lošiji, drugačiji: osvrt na АДХД-deficit pažnje/hiperaktivni poremećaj. Zagreb: Buđenje- udruga za razumijevanje АДХД-a.

[9] Jensen, C. M., & Steinhausen, H. C. (2015). "Comorbid mental disorders in children and adolescents with attention-deficit/hyperactivity disorder in a large nationwide study." Journal of the American Academy of Child and Adolescent Psychiatry, 54(1), 47-54. DOI:10.1016/j.jaac.2014.10.007

[10] Asbahr FR.(2004). Anxiety disorders in childhood and adolescence: clinical and neurobiological aspects. J Pediatr (Rio J)

[11] Essau CA., Petermann F. (1999). Anxiety disorders in children and adolescents. Epidemiology, risk factors and intervention. MMW Fortschr Med.

[12] Biederman, J., Faraone, S. V., & Mick, E. (1996). "Attention-deficit hyperactivity disorder and juvenile mania: an overlooked comorbidity?" Journal of the American Academy of Child and Adolescent Psychiatry, 35(8), 997-1008. DOI:10.1097/00004583-199608000-00008

**[13]** Head D, Bolton D&Hymas N. (1996). Deficit in cognitive shifting ability in patients with obsessive-compulsive disorder. Biological Psychiatry

[14] Biederman, J., Petty, C. R., Clarke, A., Lomedico, A., & Faraone, S. V. (2011). Predictors of persistent ADHD: An 11-year follow-up study. Journal of Psychiatric Research, 45(2), 150-155. DOI:10.1016/j.jpsychires.2010.06.009

[15] Roth, T. L., & Sweatt, J. D. (2011). Epigenetic marking of the BDNF gene by early-life adverse experiences. Hormones and Behavior, 59(3), 315-320. DOI:10.1016/j.yhbeh.2010.05.005

[16] Harvey, E. A., Danforth, J. S., McKee, T. E., Ulaszek, W. R., & Friedman, J. L. (2003). Parenting of children with attention-deficit/hyperactivity disorder (ADHD): The role of parental ADHD symptomatology. Journal of Attention Disorders, 7(1), 31-42. DOI:10.1177/108705470300700104

[17] Schatz, N. K., & Rostain, A. L. (2006). "ADHD with comorbid anxiety: A review of the current literature." Journal of Attention Disorders, 10(2), 141-149. DOI:10.1177/1087054705283572

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

# GLOBALIZATION OF SUICIDE TERRORISM: THE MOTIVES BEHIND IT AND THE MEANS TO DEAL WITH IT

**Teodora Gjorgjievska, MSc.**

Doctoral candidate, Institute for Security, Defense and Peace

Faculty of Philosophy – Skopje

"Ss. Cyril and Methodius" University in Skopje

*Corresponding author mail: gorgievskaa.teodora@gmail.com*

## Abstract

Terrorism has taken on shapes and forms that transcend classic terrorism concepts. Terrorist organizations in the 21st century have developed a method of attack where the terrorist apart from its target, also ends up as a victim of the terror attack by committing suicide, i.e. blows himself up. This modus operandi presents a chapter of its own in modern terrorism, which undoubtedly is one of the most brutal ways to carry out an attack. Following the 9/11 attacks in the USA, the number of suicide terrorist attacks began to escalate throughout the Middle East while terrorist organizations started using them as exclusive means of intimidation and extortion, forcing entire countries to submit to their demands. Uncovering the motives and drive of suicide terrorists as well as the recruitment methods employed by terrorist organization is to only means to proactively prevent suicide terrorist attacks before they even happen. This can only be achieved through a dedicated intelligence approach as the key to handling the suicide-terrorism phenomenon more effectively and efficiently.

**Keywords:** *terrorism, motives, measures, suicide terrorism, suicide attacks.*

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# ГЛОБАЛИЗАЦИЈА НА САМОУБИСТВЕНИОТ ТЕРОРИЗАМ: МОТИВАЦИЈАТА ЗАД ТЕРОРИСТИЧКИТЕ АКТИВНОСТИ И МЕРКИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО НИВ

**м-р Теодора Ѓорѓиевска**

Студент на трет циклус - докторски студии при Институтот за безбедност, одбрана и мир, Филозофски факултет – Скопје

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

*Емаил на автор за кореспонденција:* gorgievskaa.teodora@gmail.com

**Апстракт**

Тероризмот во поново време добива облици и форми кои ги надминуваат класичните концепти на тероризам. Терористичките организации во дваесет и првиот век имаат развиено метод на напад каде покрај целта, и терористот, со самоубиство завршува како жртва на терористичкиот акт, односно се само-разнесува. Овој „modus operandi“ отвара свое поглавје во современиот тероризам, како несомнено еден од најбруталните начини за извршување на терористичкиот акт. По нападите од 11^ти^ септември, во САД, бројот на самоубиствени терористички напади вртоглаво ескалира низ Блискиот Исток, а терористичките организации овој метод го користат како ексклузивно средства за заплашување и изнуда, принудувајќи цели земји да се потчинат на нивните барања. Лоцирањето на мотивите на терористите самоубијци, како и методите за регрутирање кои ги користат терористичките организации, е единствено средство за проактивно спречување на самоубиствени терористички напади пред истите да се случат. Ова може да се постигне само преку посветен разузнавачки пристап како клуч за поефективно и поефикасно справување со феноменот на самоубиствен тероризам.

**Клучни зборови:** *тероризам, мотиви, мерки, самоубиствен тероризам, терористи самоубијци.*

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

## 1. Вовед

Заканата од тероризам повеќето од земјите ја сметаат за една од најсериозните закани за човештвото. После нападите на 9/11 во 2001 година САД спроведе контраофанзива и започна војна против тероризмот, а заканата од тероризам ја рангира на првото место на закани за државата.

Тероризмот денес зафати нови форми и облици, а класичниот тероризам не е она од што државите најмногу стравуваат. Развојот на информатичката технологија им овозможи полесен пристап на терористите до пари, оружје и регрутација на членови. Терористичките организации развија нов брутален метод за изведување на напад со кој човечкото тело, односно терористот се претставува како бомба. Со ова се отвори ново поглавје во тероризмот наречено самоубиствен тероризам.

Во современото време, самоубиствениот тероризам еволуираше на сопствен начин. Откако Либан во 1980-тите имаше големо влијание за самоубиствениот тероризам во светот, се чини дека нападите од 11 септември во Њујорк означија сосема нова ера на тероризмот во целина. Станува исклучително клучно да се разбере начинот на кој самоубиствениот тероризам еволуираше денес и видовите предизвици што ги поставува за безбедноста на глобално ниво. Самоубиствениот тероризам стана транснационална закана и разните инциденти ја симболизираа неговата еволуција во последно време.[12]

Самоубиствениот тероризам има за цел да ја принуди државата на непријателот да ги исполни барањата на терористите и да ги казни членовите на државата – мета за секое зло кое е нанесено на нивната заедница.[13] Вистинскиот самоубиствен напад е кога терористот знае многу добро дека нападот нема да биде извршен ако тој не загине во процесот.[14]

Проблем во светски рамки претставува справувањето со тероризмот, но ние ќе се насочиме на справувањето со самоубиствениот тероризам и што е она што може да ни

[12] Halder R., 2020. “Understanding Suicide Terrorism“, Routledge, Taylor and Francis.
[13] Милошевска Т., 2018. „Глобален тероризам“, Филозофски факултет, Скопје. Стр.71
[14] Исто, стр. 73

ISSN: 1857-8128

помогне за да се намали овој тренд и рано да се дијагностицираат напади од терористите самоубијци. Постојаното истражување и следење на терористите самоубијци и ќе ни овозможи да навлеземе во нивните глави и да откриеме како тие функционираат, односно да откриеме кои се нивните мотивации за извршување на вакви гламурозни напади со страотни последици. Утврдувајќи ги причините, односно мотивациите и анализирајќи ги извршените самоубиствени терористички напади ќе бидат создадени мерки и активности кои треба да се преземат за успешно справување со самоубиствениот тероризам.

## 2. Самоубиствен тероризам и терористи самоубијци

Самоубиствениот тероризам е релативно нов феномен, а неговото дефинирање претставува сериозен проблем со оглед на фактот што сеуште поимот тероризам е предмет на различни интерпретации, па затоа во светската литература може да се сретнат голем број на дефиниции за самоубиствениот тероризам кои се слични и речиси идентични.

За самоубиствениот тероризам може да се каже дека претставува форма на психолошко војување кое е насочено не само кон убивање и нанесување штета, туку и кон деморализирање на народот на таргетираната земја. Вообичаено со самоубиствените терористички напади се очекува одредена терористичка организација да изврши притисок врз владите на оние држави кои се главна мета и се од голема важност за терористичката организација.

Универзитетскиот професор Ејми Педахзур го дефинирал самоубиствениот тероризам како „насилни дејствија извршени од луѓе кои се свесни дека шансите да се вратат живи се блиску до нула“.

Самоубиствениот тероризам исто така се опишува како „политички мотивиран насилен напад изведен од самосвесна индивидуа (или индивидуалци) кои активно и

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

намерно ја предизвикуваат својата смрт дигајќи се себе во воздух заедно со одбраната мета“.[15]

Терористите самоубијци или како што ги нарекуваат бомбаши самоубијци претставуваат нови камикази односно нова, современа верзија на претставниците на современата секта позната како Асасини.[16] Асасините сметале дека доколку загинат при извршување на терористички напад тие ќе заминат на величественото небо, а тоа претставувало важен мотив за извршување на ваквите напади.

Терористите самоубијци се бомби со очи и мозок и претставуваат главни актери за процесот на изведување на самоубиствените терористички напади. Се смета дека се комплексни и иновативни оружја и еден од поекстремните примери за асиметрично војување, доста драматични, борбени и многу ефективни за терористичките организации. Терористот самоубиец може да прошета низ најбезбедносните зони, да избере точно време и најповолна локација за детонација со што би се постигнале најдобри резултати, односно да нанесе најголема штета. Самоубиствениот тероризам како една од најсмртносните форми на тероризам претставува едноставна и ефтина операција која нема потреба од планирање на мисија за спасување.

Но што е она што ги тера терористите на саможртвување? Што е повредно од човечкиот живот? Што ги мотивира да посегнат по своите животи? Дали тие се свесни за последиците од нивните напади? Како може да се спречат овие напади? Сето ова претставува предмет на дискусија во следното поглавје.

## 3. Мотивација на терористите самоубијци

Процесот на регрутирање и станување на терорист самоубиец се состои од многу компоненти, но како почетна и завршна компонента без која не би можело да се изврши еден терористички самоубистен напад е мотивацијата на терористот кој го извршува делото односно самоубивањето. За да биде успешно извршен самоубиствениот

---

[15] Schweitzer Y., (2000). “Suicide Terrorism: Development & Characteristics“, International Institute for Counter-terrorism.

[16] Котовчевски М., (2011). „Менаџирање на терористички закани“, Филозофски факултет, Скопје. стр.94.

терористички напад мотивацијата на извршителот мора постојано да биде на највисоко ниво се со цел да не дојде до колебање и неизвршување на делото.

Во САД како причини на терористите за извршување на самоубиствените напади се сметаат: сиромаштијата, недостатокот на образование и ментална болест.[17] Но високо образованите лица имаат предност и се сметаат за поспособни за извршување на терористичкките напади, а многупати се докажало дека токму бомбашите самоубијци се многу интелигентни, паметни и образовани индивидуи. Всушност, на одлуката да се изврши еден напад во кој ќе се загуби сопствениот живот влијаат повеќе фактори.

Мотивацијата на терористите самоубијци може да биде поделена на индивидуална и организациска мотивација.[18] Индивидуалните фактори се: особините на личноста и околината во која што тој израснал (семејство, училиште, другари, верска заедница, итн.), додека пак организациските фактори ја опфаќаат директната активност на структурите на организацијата во остварување на нејзините цели (индоктринација, обуки, задавање на различни задачи и учество во конфликти).




**Слика бр. 1 Најчестите мотиви зад самоубиствениот тероризам**

[17] Momayezi N. & M., Lewis M. (2017). "Suicide Terrorism: Motivations beyond Religion and the Role of Collectivism", The Journal of Public and Professional Sociology (Vol. 9: Iss. 1, Article 4.,2017, p.3). Available at: https://digitalcommons.kennesaw.edu/jpps/vol9/iss1/4.

[18] Czabański A., (2009). “Samobójstwa altruistyczne”. Kraków: Księgarnia PWN, str. 268-69.

Мотивацијата може да биде претставена со специфична комбинација на религиозни, персонални, економски и политички мотиви кои го наведуваат терористот на извршување на самоубиствените нападиi (сл.1.).

Многу високи функционери веруваат дека политиката е фактор број еден како мотив за извршување на терористички самоубистен напад, но други веруваат дека религијата е поголем фактор. Она во што веруваат религиозните терористи самоубијци е фактот дека после извршувањето на нападот ќе бидат наградени во задгробниот живот. Иако самоубиството е строго забрането во Куранот, сепак терористите самоубијци не се сметаат за предавници, туку се гордо отпоздравени и се сметаат за примери кои треба да се следат, односно за херои кои го жртвувале својот живот за подобар живот на другите.

Економскиот мотив се смета како спореден мотив со оглед на фактот дека единствено лошата финансиска состојба не наведува конкретно кон одземање на сопствениот живот. Ваквата состојба надополнета со други идеолошки и религиозни мотиви наведува на поголема мотивација за извршување на самоубиствените терористички напади. Голема улога има ослободувањето од сиромаштијата и можниот финансиски прилив за подобар живот на своите блиски, односно материјалните стимулации како готовина, бесплатни станови, сето ова надополнето со гаранција за место во рајот.

Во лични мотиви се вбројуваат: желбата за одмазда, желбата за подобар задгробен живот, враќање на сопственото достоинство и чувство на гордост. Очајот, понижувањата, неправдите и загубите се едни од главните причини кои ги наведуваат терористите самоубијци на одмазда и одземање на своите животи.

Мажите и децата не се единствените индивидуи кои се решаваат да извршат терористички самоубиствен напад. Нападите од жени терористи самоубијци во последните години станаа доста актуелни, па така познат ни се женските одреди „Црни вдовиди (Black Widows)“ во Чеченија и „Црните тигри (Black tigers)“ во Шри Ланка. Жените терористи самоубијци вообичаено се смета дека се мотивирани поради очај, тага, омраза или одмазда, но исто така често знаат да ги извршат ваквите напади заради

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

докажување, почитување, рушење на стереотипите, промовирање на родова еднаквост, како и одбрана на честа.

## 4. Процес на извршување на самоубиствен терористички напад

Познати ни се нападите што се случија во Белгија во 2016 година, кои беа извршени од тројца терористи самоубијци, а позади нив застана Исламската држава. Двајца од терористите самоубијци биле браќа и се детонирале во аеродром и во метро при што смртно настрадале повеќе од 32 лица, а над 300 биле повредени. Овој настан предизвика голема медиумска фама и доведе до страв и параноја кај светското население. Но она што загрижува е како овие браќа биле регрутирани кога пред нападот тие биле во затвор? Вклучувањето во терористичката организација, односно регрутирањето, тренирањето и целосното планирање на нападите било извршено внатре во затворот.

Во терористи самоубијци најчесто и најлесно се регрутирале: луѓе во тешка состојба, криминогени ликови, асоцијални луѓе, луѓе со девијантско однесување, сведоци на семејно насилство, корисници на недозволени супстанци, членови на криминални групи – банди, како и лица кои во својата фамилија веќе имале припадници на терористичка организација. Овие лица лесно можело да се изманипулираат и да се наведат на извршување на екстремни напади, како што се терористичките самоубиствени напади.




**Слика бр. 2 Процесот на извршување терористички напад**[19]

[19] Fiedler R., (2010). "Suicide Terrorism in the Strategy of Hamas and al-Qaeda", Institute of Political Science and Journalism, Adam Mickiewicz University, Poznañ, p.95, достапно на: http://studiastrategiczne.amu.edu.pl/wp-content/uploads/2010/10/02-fiedler.pdf

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Согласно слика бр. 2 за да може да се изврши самоубиствен терористички напад лицата-кандидати за извршување на еден ваков напад најпрвен треба да бидат добро мотивирани од персонални, психолошки, социолошки, религиозни, економски, националистички, тактички или политички фактори. Па така, индивидуално или организациски мотивирани, со желба да се жртвуваат и да убиваат преминуваат во регрутирачката фаза каде што со добар тренинг и индоктринација тие се спремни да извршуваат самоубиствени бомбашки напади.

## 5. Мерки и активности за справување со самоубиствениот тероризам

Истражувањето и анализирањето на извршените самоубиствени терористички напади ќе овозможи да се согледаат основните мотиви, начини на регрутација и да се откријат предупредувачките симптоми и сигнали кои би претходеле на самиот чин на извршување самоубиствен напад. Една таква анализа на самоубиствените терористички напади е извршена од страна на Универзитетот од Чикаго, при што се заведени основните информации на терористите самоубијци, нивната мотивација, датум на извршување на нападот, повредени/загинати, цел која што посакувале да ја постигнат, против кого, дали одредена организација/држава застанала позади нападот, итн.[20]

Во поглед на справувањето со нападите од „доброволците на смрт“[21] формирани се стратегии, програми и мерки. Стратегијата за борба против самоубиствениот тероризам бара постепен пристап кој функционира на три нивоа, почнувајќи од последната линија на одбрана (заштита на населението и критичната инфраструктура од напад), средна линија на одбрана (превентивно пробивање и уништување на терористички организации и мрежи преку комбинација од разузнавачки и воени акции) и прва линија на одбрана (разбирање и дејствување против основните причини за тероризам преку политички, економски и

[20] Оваа база е достапна на официјалниот сајт на Чикаго проектот за безбедност и закани (CPost): https://d3qi0qp55mx5f5.cloudfront.net/cpost/i/docs/dsat_dist_2020_10.xlsx

[21] Поимот доброволци на смрт, претставува синоним на поимите терористи-самоубијци, бомбаши-самоубијци, луѓе бомби, и како таков се споменува во (цитирам): Chaliand G., Blin A. (2006). “HISTOIRE DU TERRORISME - De l’Antiquite a Al Qaida“, Bayard Editions, Montrouge Cedex, p.421.

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

социјални акциони програми).[22] Во однос на програмата за контрамерки при нападите од бомбаши самоубијци презентирани се мерки на тактичко/оперативно и стратегиско ниво, кои се поделени во четири категории: набљудување (мониторинг), анализи и координација; проактивни мерки; мерки преземени како одговор на инцидент; и мерки за управување со последиците.[23] Исто така може да се преземат дефанзивни и офанзивни мерки, при што дефанзивните мерки се обидуваат да ги спречат бомбашите самоубијци да стигнат до целите поставувајќи физички бариери, камери, системи за надзор, блокади на патишта, гранични контролни пунктови и слично. Додека пак офанзивните мерки се обидуваат да го спречат или намалат спроведувањето на самоубиствените напади преку уништување на нивната инфраструктура за обука, заробување на терористичките водачи и милитанти, намалување на нивните извори за финансирање, итн.[24]

Врз основа на презентираните стратегии, програми и мерки произлегуваат активностите кои ги преземаат безбедносните служби со цел да се намалат самоубиствените терористички напади:

- Следење на начините на регрутација и радикализација на терористите и поранешните терористи самоубијци (Директно на терен и во сајбер-просторот);
- Следење на активностите на терористичките организации;
- Одредување на карактеристиките на самоубиствените напади за соодветните терористички организации;
- Следење на состојбите во регионите со најголема застапеност на самоубиствени напади;
- Идентификување на можните поддржувачи на некоја од терористичките организации;
- Следење на лицата повратници од земји со висок степен на тероризам и криминал;

[22] Милошевска Т. (2018). „Глобален тероризам“, Филозофски факултет, Скопје, стр.90.
[23] Katona P., Intriligator D.M. & Sillivan P.J., (2006). “Countering terrorism and WMD: Creating a Global Counter-terrorism Network”, Routledge, New York, p.107.
[24] Corte L. & Giménez-Salinas A. (2009). “Suicide Terrorism as a Tool of Insurgency Campaigns: Functions, Risk Factors, and Countermeasures.” Perspectives on Terrorism 3, no. 1: 11–19. Available on: http://www.jstor.org/stable/26298395

- Градење на бази на податоци за извршените самоубиствени терористички напади;
- Следење на развојот на технологијата и начините на изведување на самоубиствените напади;
- Следење на сајбер-нападите на терористичките организации и нивните изјави по социјалните мрежи;
- Воочување на индикаторите и тригерите при започнување на самоубиствените терористички напади.

Разузнавачките и безбедносните служби во голема мера ја зголемуваат ефикасноста во борбата против самоубиствените терористички напади и овозможуваат да се изгради квалитетен одбранбен систем и побезбеден свет.

## 6. Заклучок

Појавата на новите видови на тероризам, како што се сајбер-тероризмот и НХБ тероризмот не довело до намалување на самоубиствените напади, а самоубиствениот тероризам и понатаму остана доста атрактивна појава. Во Пакистан самоубиствените терористички напади во 2023 година доживеале пораст за 93% во однос на нападите во 2022 година, а бројот на жртви се зголемил за 226% и на повредени за 101%.[25] Војната во Газа допринесе самоубиствените напади повторно да се вратат на сцена. Палестинските терористички групи ги користат терористите самоубијци за напад на израелските трупи, а со оглед на нивната ефикасност и големата медиумска поддршка се очекува во иднина да се зголемат самоубиствените напади против силите на Израел.[26]

Во светски рамки самоубиствените терористички напади повеќе се насочија кон меките објекти и цели, како што се: музеите, фудбалските стадиони, трговските центри, хотелите и слично, бидејќи фреквентноста на луѓето е доста голема, а последователно на тоа и штетата и фаталноста во овие објекти би била многу висока.

[25] Ganot S., (2023). "Pakistan Witnesses Decade-High Suicide Attacks in 2023", The Media Line Ltd. достапно на: https://themedialine.org/mideast-daily-news/pakistanwitnesses-decade-high-suicide-attacks-in-2023/.
[26] Truzman J., (2023). "Gaza war: Palestinian terrorist groups dispatch suicide bombers against Israeli troops", Long War Journal, Public Multimedia Inc достапно на: https://www.longwarjournal.org/archives/2023/12/gaza-war-palestinian-terrorist-groups-dispatchsuicide-bombers-against-israeli-troops.php.

Терористичките организации го следат брзиот развој на технологијата и постојано се надоградуваат, воведуваат нови начини на регрутирање и тренирање, нови извори за финансирање, техники за извршување на нападите и слично. Тие се борат против глобализацијата и глобалното здружување, а државите за успешно да се справат со глобалните предизвици и закани, како што се тероризмот и самоубиствениот тероризам мораат постојано да воведуваат софистицирани методи со кои ќе го скршат сонот на терористите и глобално ќе им одговорат.

Безбедносните служби при истражувањата доаѓаат до сознанија кои доколку соодветно се обработат и анализираат може да доведат до заклучоци кои ќе бидат важни за еден терористички напад да се одврати и да се спречат терористите и терористичките организации да ги остварат нивните цели.

За успешно справување со самоубиствените терористички напади неопходно е стратегиите, програмите и мерките постојано да се ажурираат и целосно да се имплементираат, што често може да претставува проблем со оглед на фактот што спроведувањето на стратегиите бара голем износ на средства и финансии. Важно е до кој степен ќе се спроведуват стратегиите, програмите и мерките, па во насока на тоа во иднина треба да се посвети повеќе внимание на собирањето на средства за да може да се овозможи целосна имплементација на планираните стратегии, програми и мерки.

## 7. Референци

[1] Halder R., 2020. “Understanding Suicide Terrorism“, Routledge, Taylor and Francis.

[2] Милошевска Т., 2018. „Глобален тероризам“, Филозофски факултет, Скопје.

[3] Schweitzer Y., (2000). “Suicide Terrorism: Development & Characteristics“, International Institute for Counter-terrorism.

[4] Котовчевски М., (2011). „Менаџирање на терористички закани“, Филозофски факултет, Скопје. стр.94.

[5] Momayezi N. & M., Lewis M. (2017). "Suicide Terrorism: Motivations beyond Religion and the Role of Collectivism", The Journal of Public and Professional Sociology (Vol. 9:

Iss. 1, Article 4.,2017, p.3). Available at: https://digitalcommons.kennesaw.edu/jpps/vol9/iss1/4.

[6] Czabański A., (2009). "Samobójstwa altruistyczne". Kraków: Księgarnia PWN, str. 268-69.

[7] Fiedler R., (2010). "Suicide Terrorism in the Strategy of Hamas and al-Qaeda", Institute of Political Science and Journalism, Adam Mickiewicz University, Poznañ, p.95, достапно на: http://studiastrategiczne.amu.edu.pl/wp-content/uploads/2010/10/02-fiedler.pdf.

[8] Официјален сајт на Чикаго проектот за безбедност и закани (CPost): https://d3qi0qp55mx5f5.cloudfront.net/cpost/i/docs/dsat_dist_2020_10.xlsx.

[9] Chaliand G., Blin A. (2006). "HISTOIRE DU TERRORISME - De l'Antiquite a Al Qaida", Bayard Editions, Montrouge Cedex, p.421.

[10] Katona P., Intriligator D.M. & Sillivan P.J., (2006). "Countering terrorism and WMD: Creating a Global Counter-terrorism Network", Routledge, New York, p.107.

[11] Corte L. & Giménez-Salinas A. (2009). "Suicide Terrorism as a Tool of Insurgency Campaigns: Functions, Risk Factors, and Countermeasures." Perspectives on Terrorism 3, no. 1: 11–19. Available on: http://www.jstor.org/stable/26298395.

[12] Ganot S., (2023). "Pakistan Witnesses Decade-High Suicide Attacks in 2023", The Media Line Ltd. достапно на: https://themedialine.org/mideast-daily-news/pakistanwitnesses-decade-high-suicide-attacks-in-2023/.

[13] Truzman J., (2023). "Gaza war: Palestinian terrorist groups dispatch suicide bombers against Israeli troops", Long War Journal, Public Multimedia Inc. достапно на: https://www.longwarjournal.org/archives/2023/12/gaza-war-palestinian-terrorist-groups-dispatchsuicide-bombers-against-israeli-troops.php.

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

# EFFECTS POTENTIALLY AFFECTING INTELLIGENCE IN CHILDREN WITH ADHD

**Anastasia Naumovski, Andromahi Naumovska**

## Abstract

ADHD (Attention Deficit Hyperactivity Disorder) and intelligence are often the subject of research and debate. This study includes children aged 7 to 12 years, diagnosed with ADHD, treated on an outpatient basis and hospitalized at the Department of Psychophysiology at the Clinic for Children's Diseases, Skopje. According to the diagnosis, the subjects were divided into: Experimental group of 25 children with ADHD and Control group of 26 healthy children. The following psychometric instruments are assigned: CBCL (Child Behavior Check List) and Kohs Block Design Test (IQ). IQ in children with ADHD correlates significantly with two elements of the ADHD scale, that is, with ADHD-hyperreactivity/impulsivity and ADHD-excessive focus. The results showed that children with ADHD and high IQ had significantly higher hyperreactivity ($r = 0.552$; $p = 0.0004$), and lower excessive focus, $r = -0.408$; $p = 0.033$ (Figure 2). These results suggest that IQ in ADHD children acts as a factor that potentially triggers their hyperactive behavior and reduces excessive focus. For comparison, such correlations were not detected in healthy children.

**Keywords:** *intelligence, ADHD, hyperactivity, hyperactivity/impulsivity*

# ЕФЕКТИ КОИ ПОТЕНЦИЈАЛНО ВЛИЈААТ НА ИНТЕЛИГЕНЦИЈАТА КАЈ ДЕЦАТА СО АДХД

**Анастазија Наумовски, Андромахи Наумовска**

## Апстракт

АДХД (Аттеншн Дефицит Хиперактивити Дисордер) и интелигенцијата често се предмет на истражувања и дебати. Во оваа студија се вклучени деца на возраст од 7 до 12 години, дијагностицирани со АДХД, амбулантски и хоспитално третирани на Одделот за

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

психофизиологија при Клиниката за детски болести, Скопје. Според дијагнозата, испитаниците се поделени во: Експериментална група од 25 деца со АДХД и Контролна група од 26 здрави деца. Зададени се следните психометриски инструменти: CBCL (Child Behavior Check List) и Косови коцки (IQ) Kohs Block Design Test. IQ кај децата со АДХД корелира сигнификантно со два елемента од АДХД-скалата, односно со ADHD-хиперреактивност/импулсивност и АДХД-прекумерно фокусирање. Резултатите покажаа дека децата со АДХД и со висок IQ имаат сигнификантно повисока хиперреактивност ($r = 0{,}552$; $p = 0.0004$), а пониско прекумерно фокусирање, $r = -0{,}408$; $p = 0.033$ (слика 2). Овие резултати сугерираат дека IQ кај АДХД децата се однесува како фактор кој потенцијално го тригерира нивното хиперактивно однесување и го намалува прекумерното фокусирање. За споредба, ваквите корелации не се детектирани кај здравите деца.

***Клучни зборови:*** *интелигенција, АДХД, прекуметно фокусирање, хиперактивност/ импулсивност*

## Вовед

Постојат многу контраверзни соопштувања за врската помеѓу АДХД и интелигенцијата (1-3). АДХД трајно ја попречува интелигенцијата преку нарушување на когнитивните процеси во мозокот. Според ова мислење, децата со АДХД ќе еволуираат во деца со потпросечни говорни достигнувања, слаби училишни достигнувања, за да на крајот покажат и маладаптивни механизми во вклопување во својата средина и подоцна во општеството. Децата со АДХД покажуваат повисока интелигенција од просечните деца без ова растројство. Ова мислење се базира на опсервација на еден мал процент на деца со АДХД кои навистина покажуваат натпросечни достигнувања, имаат брзи рефлекси и покажуваат одлични мануелни експресивни можности. АДХД различно делува на експресијата на когнитивните функции во мозокот, па според тоа и на интелигенцијата. Ова размислување би можело да ги објасни сите варијации на интелигенцијата кај деца со АДХД. Самата клиничка манифестација на АДХД, пред сè, вклучува пад на концентрацијата и на вниманието кај децата. Таквите деца не се концентрираат на една

работа доволно време (на пример, гледање на телевизија) за да информациите што ги добиваат имаат време да се пренесат во мозокот, да се обработат, и да се добие соодветен одговор, според процесите на одвивањето на когнитивните функции во мозокот. Подолготрајната застапеност на овој феномен доведува до намалување на интелектуалните функции од реверзибилен карактер. Според тоа, оној момент кога ќе се подобрат манифестациите на АДХД и кога вниманието и концентрацијата ќе се покачат, овие деца го враќаат назад својот интелектуален капацитет. Значи овие деца манифестираат реверзибилна регресија на интелигенцијата. Кај еден мал процент од овие деца и покрај манифестациите на АДХД и пад на концентрацијата, од сѐ уште неразјаснети причини, не доаѓа до намалување на интелектуалните капацитети и тие ќе ги сочуваат своите интелектуални способности како да немаат манифестации на АДХД. Многу е мал бројот на деца кои при долготрајни манифестации на АДХД, манифестираат иреверзибилен пад на менталните и интелектуалните капацитети. Најголемиот број на деца со АДХД ќе имаат реверзибилна регресија на интелигенција, со враќање на интелектуалните капацитети по минувањето на АДХД (4-10).

## Метод

Во оваа студија се вклучени деца на возраст од 7 до 12 години, дијагностицирани со АДХД, амбулантски и хоспитално третирани на Одделот за психофизиологија при Клиниката за детски болести, Скопје.

Според дијагнозата, испитаниците се поделени во:

- Експериментална група од 25 деца со АДХД и
- Контролна група од 26 здрави деца.

Зададени се следните психометриски инструменти:

- CBCL (Child Behavior Check List) е стандардизира прашалник за проценка на поведението кај децата. Го пополнува родителот, а составен е од 113 прашања кои даваат податоци за особености, како што се: депресивност, социјална комуникација или

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

повлекување, соматски тегоби, шизоидно поведение, хиперактивност, проблеми во психосексуалниот развој, деликвентно и агресивно поведение, проблеми во поведението, мисловни потешкотии и анксиозност. Скалата е прилагодена според возраста и полот на децата.

- Косови коцки (IQ) Kohs Block Design Test, за проценка на општите интелектуални капацитети, т.е. проценка на аналитичко-синтетичкото и логичкото расудување. Тестот се состои од 16 обоени коцки кои испитаникот треба да ги репродуцира како моделите прикажани на тест-картички. Бидејќи инструкциите лесно се соопштуваат, овој тест може да биде даден и на деца со хендикеп.

- DSM V листа со симптоми на АДХД, со кој се мерат психолошките карактеристики на АДХД, посебно невнимание и хиперактивност/импулсивност.

- Прашалник за растројство на недостаток на внимание со или без хиперактивност (ADD/АДХД) според DSM V, со кој се мери нивото на внимание, хиперактивност, емоционална регулација и фокусирањето.

Резултатите се обработени во СПСС-26.

## Резултати






Слика 2: Ефекти на IQ како фактор кој влијае врз ADHD-хиперреактивноста/импулсивноста и АДХД-прекумерното фокусирање во рамките на групата на деца со АДХД

На графиците е прикажан линеарниот тренд (црвена линија) заедно со 95 % интервал на доверба на трендот (розево). Зелените испрекинати линии го претставуваат 95 % интервал на доверба на корелацијата прикажан преку нормална биваријантна елипса. Корелацијата меѓу IQ и ADHD-хиперактивноста/импулсивноста е позитивна, умерено силна и статистички високо значајна. Корелацијата меѓу IQ и АДХД-прекумерното фокусирање е негативна, умерено силна и статистички значајна.

## Дискусија

IQ кај децата со АДХД корелира сигнификантно со два елемента од АДХД-скалата, односно со ADHD-хиперреактивност/импулсивност и АДХД-прекумерно фокусирање. Резултатите покажаа дека децата со АДХД и со висок IQ имаат сигнификантно повисока хиперреактивност ($r = 0{,}552$; $p = 0.0004$), а пониско прекумерно фокусирање, $r = -0{,}408$; $p = 0.033$ (слика 2). Овие резултати сугерираат дека IQ кај АДХД децата се однесува како фактор кој потенцијално го тригерира нивното хиперактивно однесување и го намалува прекумерното фокусирање. За споредба, ваквите корелации не се детектирани кај здравите деца.

АДХД и интелигенцијата често се предмет на истражувања и дебати. Истражувањата покажуваат дека не постои директна врска помеѓу АДХД и интелигенцијата. Децата со АДХД можат да имаат интелигенција која се движи од ниска до многу висока, исто како и децата без АДХД. АДХД не влијае на когнитивните способности во смисла на интелигенција, но може да влијае на академските перформанси поради тешкотиите со концентрација, организација и задржување на вниманието, што се покажува и со ова истражување. Децата со АДХД често имаат изразени проблеми со извршните функции, кои вклучуваат планирање, организирање, задржување на вниманието и контрола на импулсите. Ова може да влијае на нивната способност да се

фокусираат и да завршуваат задачи, што понекогаш може да биде погрешно протолкувано како недостаток на интелигенција. Некои истражувачи тврдат дека децата со АДХД можат да имаат предност во области кои бараат креативно и дивергентно размислување. Ова се должи на нивната способност брзо да преминуваат од една мисла на друга и да размислуваат "надвор од кутијата", што исто така го потврдуваат резултатите од ова истражување (4-10).

Со адекватна поддршка и стратегии за управување со симптомите на АДХД, многу деца со овој пореметување можат успешно да ги користат своите интелектуални способности. Интервенциите можат да вклучуваат медицинска терапија, когнитивно-бихевиорална терапија, како и специјални образовни програми. Важно е да се нагласи дека постојат многу погрешни перцепции за АДХД. Луѓето често погрешно претпоставуваат дека децата со АДХД имаат пониска интелигенција, што не е точно. Овие стереотипи можат да доведат до стигматизација и непотребни предизвици за лицата со АДХД (10-13).

Во заклучок, АДХД и интелигенцијата се независни едно од друго. Лицата со АДХД можат да имаат различни нивоа на интелигенција и можат да се соочуваат со предизвици во секојдневното функционирање поради својот пореметување, но тоа не влијае на нивната вродена интелигенција, меѓутоа повисоките интелектуални капацитети се позитивно поврзани со хиперактивност/импулсивност и негативно поврзани со прекумерно фокусирање, веројатно поради тоа што на децата со АДХД со повисоки интелектуални капацитети побрзо им станува досадно и интересот го префрлаат во друга насока побрзо од оние со пониски интелектуални капацитети. Меѓутоа со вистинска поддршка, можат да го остварат својот полн потенцијал.

## Референци

[1] Barkley, R..A. (2006). Attention-deficit hyperactivitiy disorder: a handbook for diagnosis and treatment. New York: Guilford Press.

[2] Hughes, L. (2009). Razumijevanje djece s АДХД sindromom i pružanje potpore: strategija za nastavnike, roditelje i ostale stručnjake. Jastrebarsko: Naklada Slap.

[3] Jurin, M., Sekušak-Galešev, S. (2008). Poremećaj pozornosti s hiperaktivnošću (АДХД)-multimodalni pristup. Paediatr Croat 2008,52,стр.1- 36.

[4] Živković, Ž. (2007). Razvoj pažnje kod djece. Psihološko savjetovalište, Đakovo: Tempo.

[5] Horvat, L.(1986) Predshkolsko vaspitanje I intelektualni razvoj . Beograd: Zavod za udzbenike I nastavna sredstva.

[6] Frazier, T.W., Demaree, H.A., & Youngstrom, E.A. (2004). Meta-analysis of intellectual and neuropsychological test performance in attention-deficit/hyperactivity disorder. Neuropsychology, 18(3), 543-555. DOI:10.1037/0894-4105.18.3.543

[7] Karalunas, S. L., Gustafsson, H. C., Fair, D., Musser, E. D., & Nigg, J. T. (2019). Do we need an ADHD subtype for high IQ youth? Journal of Attention Disorders, 23(7), 681-690. DOI:10.1177/1087054716675671

[8] Weyandt, L. L., & DuPaul, G. J. (2006). ADHD in college students: A review of the literature. Journal of Attention Disorders, 10(1), 9-19. DOI:10.1177/1087054705286061

[9] Frazier, T. W., Youngstrom, E. A., Glutting, J. J., & Watkins, M. W. (2007). ADHD and achievement: Meta-analysis of the child, adolescent, and adult literatures and a concomitant study with college students. Journal of Learning Disabilities, 40(1), 49-65. DOI:10.1177/00222194070400010401

[10] Willcutt, E. G., Doyle, A. E., Nigg, J. T., Faraone, S. V., & Pennington, B. F. (2005). Validity of the executive function theory of ADHD: A meta-analytic review. Biological Psychiatry, 57(11), 1336-1346. DOI:10.1016/j.biopsych.2005.02.006

[11] Barkley, R. A., & Fischer, M. (2019). Hyperactive child syndrome and estimated life expectancy at young adult follow-up: The role of adolescent hyperactivity and conduct problems. Journal of Abnormal Child Psychology, 47(4), 569-583. DOI:10.1007/s10802-018-0447-1

[12] Biederman, J., Petty, C. R., Evans, M., Small, J., & Faraone, S. V. (2010). How persistent is ADHD? A controlled 10-year follow-up study of boys with ADHD. Psychiatry Research, 177(3), 299-304. DOI:10.1016/j.psychres.2009.12.010

[13] Rajovich, R. (2009) Kako uspeshno razvijati IQ deteta kroz igru - || deo: uzrast 4 do 8 godina. Novi Sad: Abeseda d.o.o. Novi Sad.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# RELATIONSHIP CORRUPTION – ORGANIZED CRIME

**Natasha Georgieva, PhD**

MIT University - Skopje, Republic of North Macedonia

natashageorgievaivanovska@gmail.com

**Abstract:** Corruption is such a negative social phenomenon which, from the aspect of its phenomenological characteristics, is considered the most serious form of threat to the democratic legal state. Any form of abuse of power for personal or collective gain, whether in the public or private sector, constitutes corruption. Corruption exists if the principle of impartiality is deliberately violated in the case of a deliberate decision to appropriate a good. Organized crime is a very complex phenomenon that includes a wide and diverse range of activities such as: drug trafficking, arms smuggling, prostitution, money laundering and illegal transfers of money related to terrorist activities. Organized crime is one of the most controversial terms used in social sciences, a term around which a secret mystique has been woven since its appearance.

**Keywords:** *corruption, organized crime*.

# ОДНОС КОРУПЦИЈА – ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ

**д-р Наташа Георгиева**

МИТ Универзитет - Скопје, Република Северна Македонија

natashageorgievaivanovska@gmail.com

**Апстракт**

Корупцијата е таква општествена негативна појава која од аспект на нејзините феноменолошки обележја се смета за најтежок облик на загрозување на демократската правна држава. Секој облик на злоупотреба на власта заради лична или колективна корист, било во јавниот или приватниот сектор, претставува корупција. Корупцијата постои доколку намерно се крши принципот на непристрасност во случај на намерно

донесување на одлука за присвојување на некое добро. Организираниот криминал е многу комплексен феномен кој вклучува широк и разновиден ранг на активности како што се: трговија со наркотични средства, криумчарење со оружје проституција, перење пари и незаконски транфери на пари поврзани со терористички активности. Организираниот криминалитт претставува еден од најконтраверзните поими со кои се оперра во општествените науки, поим околу кој се плете тајна мистика уште од неговото појавување.

**Клучни зборови:** *корупција, организиран криминал*.

## 1. ВОВЕД

Помеѓу скриеноста на организираниот криминал и „невидливоста на корупцијата" може да се повлече паралела. Тоа особено се однесува не само на политички, правосудни и јавни функции, туку и за сите оние кои се задолжени за спречување и откривање на организираниот криминал).

Кинескиот филозоф Лао Це (од 634 – 531 п.н.е.), на прашањето: Што и штети најмногу на државата?

Тој одговара: кога простаци владеат со народот и ја држат власта, кога во земјата владее ред, срамота е да се биде сиромашен и обичен човек, кога во земјата владее хаос, срамота е да се биде богат и на висока позиција.

Корупција претставува злоупотреба на службената положба за остварување незаконска приватна добивка.

Формите на корупција се разликуваат, но вклучуваат: поткупување, изнуда, протекции, непотизам, покровителство, поткуп и проневера на пари.

Историјата на корупцијата е поврзана со појавата на државата и правото.

Во некои земји, корупцијата е толку раширена што државите отворено не можат да го спречат ова зло. Во такви околности, граѓаните и јавноста веруваат дека нема не

корумпирани општество и дека тоа е сосема нормална и прифатлива општествена практика.

Корупцијата е присутна во сите сектори на економскиот систем и претставува една од најважните причини за голема економска експанзија во општеството.

Таа ја поткопува економската основа на општеството и предизвикува нарушувања во економскиот систем, што во Европа е особено евидентна во поранешните социјалистички земји.

Тоа е особено карактеристично за општествата во процесот на политичка и економска транзиција.

По усвојувањето на Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал, јасно е дека организираниот криминал останува комплексен феномен со кој ниедна држава не може изолирано да се бори.

Брз и повеќедимензионален по карактер, тој потхранува нееднаквост и маргинализација, истовремено адаптирајќи се на новите технологии.

Организираните криминални групи и нивниот модус операнди бргу се развиваат како резултат на структурните промени на национално и меѓународно ниво, а обично ги привлекуваат нови места на политичка нестабилност и честопати бргу ги користат новите незаконски деловни можности и простор оставен без државна контрола.

Ефектите од организираниот криминал се чувствуваат насекаде низ светот, еродирајќи го владеењето, инфилтрирајќи се во политичките процеси, поттикнувајќи корупција и насилство, експлоатирајќи ги ранливите, подривајќи ги легитимните пазари и претставувајќи растечка закана по животната средина.

Глобалната поврзаност стана канал за организираните криминални групи да работат како високо способни трговски мрежи со ефикасни синџири на снабдување, пристап до нови пазари, експертиза и капацитет за перење незаконски профити во невидени размери.

Всушност, повеќето форми на организиран криминал сега вклучуваат прекугранични активности, врски или односи.

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

## 2. ПОИМ НА КОРУПЦИЈА

Корупцијата спаѓа во оние поими кои тешко се дефинираат, бидејќи нејзината содржина се менува во зависност од временското, општественото и политичкото уредување.

Генерално под поимот корупција се подразбира злоупотреба на јавната служба за лични цели.

Значењето на поимот корупција се поврзува со латинскиот термин „corruption” или коренот на зборот „rumpere”.

Овој поим „corruption” може да има своја физичка смисла, како уништување или расипување на некого, посебно по пат на дезинтеграција или распаѓање кои се проследени со нездравост и одвратност, труење, или морално значење, како што е морално пропаѓање или распад, изопачување или распаѓање на интегритетот во вршење на јавните должности, проследено со поткуп или давање на услуги.[27]

Второто значење се поврзува со термините „лажливост” и „поткупливост”, или „rumpere”, што значи кршење, газење, што алудира дека нешто се крши како административна, општествена или морална норма.[28]

Ваквиот поим според правното значење ги опфаќа забранетите однесувања во врска со подмитување во вршење на јавните функции.

Корупцијата се создава од власта и преку власта, а највисоките носители на власта во една држава се најповикани да се справат со овој проблем и воедно најодговорни доколку не можат да ја скротат опасноста и да ги намалат штетите кои од неа произлегуваат, имаејќи ја во предвид моќта и сите правни и политички средства што им стојат на располагање.

[27]Корупција и човекови права, Институт за отворено општество, Београд, 2010.
[28]Славевски, Т., Организиран криминал и корупција, Македонска ревија за казнено право и криминологија, бр. 1 – 2, Скопје, 2006.`

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Корупцијата е таква општествена негативна појава која од аспект на нејзините феноменолошки обележја се смета за најтежок облик на загрозување на демократската правна држава.

Секој облик на злоупотреба на власта заради лична или колективна корист, било во јавниот или приватниот сектор, претставува корупција.

Корупцијата постои доколку намерно се крши принципот на непристрасност во случај на намерно донесување на одлука за присвојување на некое добро.

Како феномен корупцијата го попречува демократскиот развој; ги загрозува основните и егзистенционални човекови права и слободи на граѓанинот; ја нарушува конкуренцијата, а со тоа го попречува и економскиот развој на една држава.

Корупцијата го загрозува владеењето на правото а со тоа и директно ги загрозува демократските институции.

По својата содржина, корупцијата ја преминува границата на кривично–правната регулатива.

Меѓутоа постојат појави кои можат да се окарактезираат како корумптивни а да не бидат кривично дело.

Интересен е податокот со кој се потенцира дека на глобално ниво отсуствуваат – недостасуваат продлабочени истражувања за економските, политичките и други штетни импликации на корупцијата.

Корупцијата може да се разгледува од различним агли. За неа може да се расправа од правен, социолошки, политиколошки, филозофски и религиозен аспект.

За корупцијата како во теоријата, во правото, така и во меѓународните докумети постојат многубројни дефиниции.

Како најопшта дефиниција за корупцијата се смета следнава – под поимот корупција се подразбира:расипаност, расипан, изопачување, разврат, поткупување, подмитување, расипување, подрасипување, гниење, распаѓање, фалсификување (списи, мерки и сл.)[29]

---

[29]Вујаклија, М., Лексикон страних речи и израза, Просвета, Београд, 1994/95.

Од досега изнесеното со право можеме да констатираме дека постоењето на политичка моќ и влијание, несомнено подразбира и присуство на корупција.

Доколку подетално ги анализираме класичните дефиниции за корупцијата, ќе забележиме една поголема празнина, недостаток, бидејќи класичните дефиниции општеството го набљудуваат како една целина, без да навлезат подлабоко во проучувањето на однесувањето на поединците како членови на општествената заедница.

Во споредба со оваа констатација, современото општество своето внимание го има сконцентрирано најнапред врз човековото поведение и заштита на основните слободи и права на човекот и граѓанинот, па потоа и на воспоставување на граница помеѓу корумптивните дејствија и оние кои немаат таков карактер.

Како корумптивни дејствија се сметаат оние дејствија кои се регулирани со законски прописи и подзаконските акти. Од тука произлегува следново – секое човеково поведение кое не е забрането со закон не може да се смета за корумптивен акт, додека пак секое прекршување на законски дефинираните стандарди претставува корупција.

Во современи услови при дефинирање на корупцијата, како новина се зема критерумот на јавниот интерес – јавното мислење.

Не може да постои корумптивно поведение доколку не постои повреда на јавниот интерес, иако токму таквото однесување е спротивно на законот. Во споредба со традиционалното сваќање за поимот корупција и корумптивни поведенија, во денешни услови и се дава предност на демократијата бидејќи се остава простор пошироката јавност се разбира објективно да реши кои поведенија се а кои не се корумптивни.

Heidenheimer во 1989 година, ја воведува поделбата на црна, сива и бела корупција.

Кога станува збор за црна корупција, сите сегменти на јавното мислење ја осудуваат и сметаат дека е потребно да подлежи на соодветна правна санкција.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

За сивата корупција постојат поделени мислења, додека во однос на белата корупција општоприфатен е ставот на јавното мислење, кој оди во правец на нејзина целосна толеранција.[30]

Фактори кои најчесто влијаат на појавата и продорот на корупцијата:

- недостаток на силна законска основа;
- непримена на постоечките закони;
- недостаток на искуство и професионална способност за борба против корупцијата;
- реформи во администрацијата;
- концентрација на власта, богатство и статус;
- недемократски и автократски режим, трома бирократија;
- лоша административна ревизија;
- трговски пазарни рестрикции;
- монополи;
- индустриски и инфраструктурен развој;
- слабо организирана и слабо платена јавна служба;
- слаба поставеност и ефикасност на судовите;
- систем каде што власта, парите и политиката играат водечка улога.

Според Камбовски, факторите на корупцијата кај нас можеме да гигрупираме во три основни групи:

1. Политички;
2. Економски;
3. Правни.

[30] Johnston, M., Heidenheimer, J., A., Political Corruption, Concepts and Contexts, Political Change in Development, 2001.

Политичките фактори се концентрирани на неограничена и неконтролирана извршна власт.

Главна локација на корупцијата во Република Македонија е политичката партија. Може да се препознаат три главни шеми на однесување на политичките партии. Едниот приод е партијата да преземе конкретна државна институција, откако одреден припадник од таа партија ќе биде поставен за нејзин директор.

Втората тенденција е партиски контролираните државни претпријатија, да се користат како лична сопственост на партиските членови.

И на крајот, децата на блиски роднини и влијателни пријатели се местат за заменици, директори, без да се постават прави луѓе на прави места.

Економскиот фактор се покажа во процесот на приватизацијата. Таа беше спроведена под силно влијание или притисок од страна на политичките партии.

Таму каде што имаше приватизација, единствена цел на структурите одвнатре беше да станат сопственици на претпријатието, без да имаат каква било визија за неговата иднина.

Од правните фактори, посебно се издвојува нефункционирањето на правната држава, ерозијата на полето на законитоста и селективноста во примената на законот.

Во сите овие причини, доминантно место заземаат низа субјективни слабости на оние, во чија надлежност спаѓа примената на правото, но и спорите реформи на правосудниот систем, пред сè, во насока на изградба на независното судство, самостојното јавно обвинителство и стручна и деполитизирана полиција.

Според Витларов, врз етиологијата на појавата на корупцијата, влијание имаат субјективно-објективни фактори.

Човечката алчност е еден од најзначајните субјективни фактори.

Материјалното гледање на успехот, при што власта, парите и општествената положба, играат главна улога, се пресудни за егзистирањето на оваа појава во сите системи.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

**International Journal of Recent Research in Arts and Sciences**

**ISSN: 1857-8128**

Од објективните фактори кои што влијаат на оваа појава, како најзначајни би ги истакнале: концентрацијата на власт, автократски режим, трома администрација, прекумерна административна контрола, трговски ограничувања, нефункционирањето на правната држава и неодговорна власт.[31]

Според економските критериуми постојат четири типови на коруптивно однесување:

- диретна достапност до некоја поволност која е ограничена, односно избегнување на трошоците за да се дојде до неа;
- достап до поволности кои не се ограничени;
- стекнување на директни поволности;
- спречување од поволности, а со тоа и создавање трошоци за трето лице.[32]

Според критериум на правна санкционираност разликуваме:

- криминална „црна” корупција е строго морално осудена и како таква потпаѓа под кривична одговорност;
- прекршочна „сива” корупција ги подразбира морално отфрлените и недопуштени акти на корупција, што од било какви причини не се инкриминирани. Овие коруптивни дејанија се на самата граница меѓу правото и неправото а можат да бидат и прекршочно санкционирани;
- правно несанкционирана или „бела“ корупција ги означува условно кажано оние корумптивни однесувања што во определени културни средини не се сметаат за неморални.

Според критеруми на областа (сферата) каде што се остварува:

[31]Витларов, Т., Репресија и превенција на корупцијата, 2006.
[32]Nacional Integrity System, The Transparency International Source Book, 2$^{nd}$ , ed. 1997.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

- политичка корупција;
- правосудна корупција;
- административна корупција;
- стопанска корупција;
- корупција во здравството;
- корупција во образованието;
- корупција во спортот;
- корупција во невладиниот сектор;
- корупција во музиката, во филмската индустрија, воопшто во шоу бизнисот и другите облици на уметност како сегменти од јавниот живот преку кој што се изразуваат посебни облици на општествена свест;
- корупција во сите други сфери на јавниот живот каде што може да дојде до судир меѓу личниот и приватниот интерес, од една страна и јавниот интерес, од друга страна.[33]

## 3. ПОИМ НА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ

Карактеристики на организираниот криминал по кои тој се разликува од обичниот криминал:

- пораст на рецидивизмот;
- пораст на професионализмот;
- специјализација на деликвентите;
- злоупотреба на техничките достигнувања;

[33]Лабовиќ, М., Власта корумпира, Де Гама, Скопје, 2006.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

- појава на нови кривични дела – перење пари, фалсификување на кредитни картичкі, рекет, педофилска порно индустрија, трговија со човечки органи;
- тајност на организирање и делување, интернационализација;
- ослабната ефикасност на органите за кривично гонење и судот;
- пораст на материјалните трошоци за сузбијање на организираниот криминал;
- тежнение за стекнување на економска и пилитичка моќ;
- трајна поврзаност на поголем број на луѓе;
- планско споредување на акциите врз основата на поделба на трудот;
- користење на разновидни облици на заплашување – закана, уцена, присилна заштита, поделба на остварената добивка, тероризирање, корупцијата на подобните деловни структури, влијание на средствата за јавно информирање, влијание на управата и правосудството;
- голема експанзија и голема темна бројка.[34]

Генерално земено во рамките на литературата се кристализираат, диференцираат два прида за дефинирање на овој феномен – поширок и потесен:

1. Поширокиот приод го дефинира организираниот криминал како планирано кршење на законот заради профит или за стекнување на моќ, со деликти од поголема општествена важност, што ги вршат повеќе од двајца учесници кои соработуваат во поделбата на трудот, за подолг или неопределен временски период, и притоа употребувајќи легални или нелегални комерцијални структури, насилство или други средства на закана, влијание врз политиката, медиумите, јавната админстрација, правосудството и легалната економија;
2. Потесниот приод, е застапен во дефиницијата за организиран криминал која погоре ја реализирав. Станува збор за дефиницијата дадена од страна на Конвенцијата на ООН. [35]

[34] www.pravdiko.mk

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Ниту поширокиот, ниту потесниот приод, за жал недаваат соодветна дефиниција за тоа што всушност претставува организираниот криминал како и разграничувањето помеѓу групниот и организираниот криминал.

Гинтер Кајзер со цел да даде придонес околку разграничувањето на групниот од организираниот криминал, се залага за кумулативниот критериум за застапеност на повеќе од три од следниве карактеристики:

1. Трајно здружување на повеќе лица како солидарна профитно – ориентирана интересна заедница;
2. Организирана структура окарактеризирана со крут стил на раководење, дисциплина на членовите, како и грижа за нивната безбедност, или може да се работи за мрежа од сторители на кривични дела со лабав стил на раководење;
3. Постапување според претходно изготвен план и поделаба на трудот;
4. Поврзување на легалните со илегалните работи заради потреба на населението, како и криминалното искористување на лични и деловни врски;
5. Флексибилна злосторничка технологија и богат избор на злосторнички методи, при што насилството према лицата отстапува во полза на притисок од секаков вид;
6. Свесно искористување на инфраструктурата;
7. Интернационалност и подвижност.[36]

Бидејќи организираниот криминал е поврзан најмногу со политичарите, па потоа со владините службеници и легитимните деловни лица, како единствен спас организираниот криминал го гледаме во спроведување на построг надзор на врските помеѓу партнерствата меѓу легитимните деловни активности од една страна и сомнителните организирани криминални групи од друга страна.

[35]Kuster, D., Dunne, P.c. Van, Crime, Corruption and Power, Crime Law, Social Change Kluwer Akademic Publshers, Tilburg, 1997.
[36]Гинтер, К., Криминологија, Александрија, Скопје, 1996.

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

И во рамките на самиот поим на организиран криминал, може да постојат разлики во организациска, методолошка и телеолошка смисла:

1. Дали се инволвирани структури од пониските или од повисоките нивоа на власта па дури и највисоките инстанци во државно–политичката хиерархија?;
2. Дали организираниот криминал се врши во спрега помеѓу криминалното подземјед и политичките и бизнис елити?;
3. Дали организираниот криминал се врши непосредно помеѓу политичките и бизнис елитите?
4. Или организираниот криминал е организиран на највисоко државно ниво како резултат на генералниот концепт на системската корумпирана политика. [37]

Според тоа за организиран криминал може да се зборува само тогаш кога при извршување на сериозни кривични дела постои директна или индиректна инволвираност на државно–политичките структури во група составена од повеќе од две лица која што делува одреден временски период според формално или неформално утврден план за посебно одредените улоги, со цел стекнување на финансиска и или материјална корист како и заради стекнување на општествена или политичка моќ.

Организираниот криминал претставува паразит во општеството, бидејќи многу повеќе се потпира на жртвите и корисниците, отколку на содружниците.

Тој е флексибилно – лабаво поврзана федерација, во чиј состав влегуваат најразновидни криминалци од кои некои се посериозни – мафиози, а други не бидејќи се занимаваат само со рекет.

Организираниот криминал е феномен кој секојдневно се менува.

Некои групи со текот на времето стануваат доминантни и на тој начин си ја обезбедуваат својата доминантност, а потоа е возможно да се намали нивното влијание

[37]Витларов, Т., Калајџиев, Г., Лабовиќ, М., Стојановски, Т., Системска анализа, на законската рамка и соработка помеѓу надлежните институции за борба против организираниот криминал, Скопје, Јуни, 2005.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

или воопшто да се изгубат, при тоа оставајќи простор за појава на други кои пак понатаму стануваат се посилни и на тој начин си го имаат загарантирано своето место во општеството.

Има и такви групи кои опстојуваат благодарение на зголемување на нивната финансиска моќ.

Општественото и политичкото влијание претставуваат клучни фактори кои имаат пресудна улога во подолготрајното егзистирање на групата во реалноста и секојдневието.

Исто така доста битни моменти кои ќе придонесат една група да егзистира подолг временски период, се способноста да навлезат и во легитимните и во нелегитимните индустрии, што не претставува лесна и едноставна работа.

За да се постигне и достигне ова повеќе од потребно е да се знае како да се манипулира не само со индустриите туку со целото државно уредување, со претставниците на државата и на крај со целокупното општество.

Посебно внимание кога станува збор за организираниот криминал, треба да се посвети на структурата и примената на законите кои се однесуваат на организираниот криминал, бидејќи и ние самите сме сведоци дека законите кои во моментов се користат за борба против организираниот криминал се дисфункционални, а тоа би значело дека истите се занимаваат со конкретен – поединечен престапник наместо со група или организација која директно и на големо е инволвирана во криминалните зделки.

Во досегашните истражувања се потврдило дека најефикасна репресивна мерка во борбата против организираниот криминал претставува збир на активности со кои се идентификува и разбива криминалната структура.

Додека пак како најквалитетна мерка од превентивна природа се издвојува навремена меѓусебна соработка помеѓу институциите која ќе се темели врз меѓусебна доверба и контрола.

Со цел да се „издејствува" поголема ефикасност при откривањето на организиран криминал, може да се искористи и една посовремена превентивна мерка – отстапување од принципот на легалитет во кривичното гонење. „Јавниот обвинител може да отстапи од

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

принципот на легалитет, доколку осомничениот како член на група, или друго злосторничко здружение доброволно прифати да соработува пред, по или во текот на кривичната постапка, а неговата изјава е неопходна за откривање на кривично дело и неговиот сторител или сторители”.[38]

Постојат најразновидни тврдења, ставови, размислувања дека паралелното постоење на институции со слични или идентични надлежности претставуваат вистинско средство за борба против организираниот криминал, од причина што на тој начин се создава ривалство кое се манифестира преку зголемување на ефективноста и ефрикасноста во сузбивање на организираниот криминал.

Непобитен факт е дека институциите треба да соработуваат меѓусебно, меѓутоа исто така е многу битно да се прецизира и потенцира дека ниту една институција не смее да си дозволи при реализација на нејзините надлежности да се потпира во целост врз друга институција, која всушност ќе биде и доминантна при реализација на нејзините обврски.

Таквите институции не се самостојни, имаат недостаток од материјално–технички, организациски и кадровски капацитет, па како последица на сето ова нема ни потреба од нивно постоење.

Пазарите на организираниот криминал се огромни и претставуваат вистински предизвик на властите, но на оние кои навистина сакаат да се борат против ова зло.

Во последниве години се посветува внимание и се вложува напор за изнаоѓање на најразлични стратегии за ефикасна борба против растот и влијанието на организираниот криминал.

Кога се прават напори за изнаоѓање на соодветни стратегии со чија помош би го контролирале организираниот криминал, задолжително треба да се отпочне со „негова концептуализација како деловна активност а не само како конспирација на странци”.

Секоја стратегија која нема да успее да ја согледа важноста на економските и политичките врски на организираниот криминал во едно општество таа е осудена на

[38]Закон за јавно обвинителство, „Службен весник на РМ”, бр. 150/07, 111/08.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

неуспех и воопшто не треба понатаму да и се посветува внимание како и да се земе во предвид дека можеби во иднина оваа стратегија ќе се покаже во вистинско светло, односно ќе профункционира.

Доколку во моментот нема капацитет да го реши проблемот треба веднаш да се пристапи кон барање на друго решение.

Постојат и такви тези според кои декриминализацијата на легализацијата би било вистинското решение за намалување на пазарот на организираниот криминал.

Меѓутоа поголем дел од истражувачите на овој проблем тврдат дека и доколку коцкањето, лихварството, проституцијата и шверцувањето на дрога, се легализираат и во тој случај нема потполно да се елиминира присуството на организираниот криминал.

Според Чемблис организираните криминални групи оперираат во една сложена мрежа од меѓусебно поврзани и испреплетени околности.

Тие се наоѓаат под влијание на правниот систем, политиката, легалната трговија и сл.

Историскиот развиток бележи такви податоци кои покажуваат дека поголем дел од обидите кои биле правени се со цел за анализирање на организираниот криминал се потпираат исклучиво на криминалните аспекти на организираниот криминал[39].

Според Смит стратегијата на службите кои се овластени за спроведување на законските норми „се потпира врз верувањето дека за криминалните дела е одговорен само претстапникот и дека криминалните дела ќе исчезнат откако претстапникот ќе се елиминира од општеството".[40]

Ваквиот став на Смит е воопшто неприфатлив бидејќи е непромислен и претставува нешто што е наследено од минатото и кое и те како е во спротивност со демократијата и демократските елементи – „манири".

[39]Lyman, M., D., Potter, G., W., Organized Crime, 4th Edition, 0131730363, Pearson Education, Inc, publishing as Prentice Hall, 2007.
[40]Lyman, M., D., Potter, G., W., Organized Crime, 4th Edition, 0131730363, Pearson Education, Inc, publishing as Prentice Hall, 2007.

Неговиот став дека криминалните дела ќе исчезнат само доколку престапникот ќе се елиминира од општеството – а тоа значи истиот да биде на било каков начин отстранет од општесвото, воопшто не ме фасцинира, затоа што тоа е „најлесен" начин да се „реши" еден ваков проблем чии последици се од широки размери.

Во современи демократски услови не е предизвик да се реши било кој проблем на брутален и нечовечен начин, туку наспроти, да се реши овој навистина тежок проблем кој реално постои, меѓутоа при неговото решавање да се земат во предвид демократските „алатки".

Само на ваков начин и во овој случај можеме да констатираме дека сме решиле еден голем проблем, но притоа не настрадал никој па дури и оној кој е директно инволвиран, односно се „занимава" со оваа работа.

Наспроти ова, на лицето – престапник треба да му се укаже каде згрешил, и да му се воочи дека поради таквото негово непромислено однесување повредил многу други невини луѓе, и да се посоветува дека постојат најразлични начини преку кои тој може да се збогати, а сепак таквите начини да се легални и законски.

Смит исто така вели дека организираниот криминал може да се контролира само преку поголемо разбирање на организационото и пазарното однесување.

Тој тврди дека со разбирањето на контекстот на конкретните деловни потфати, ќе се создадат услови за подобро и подлабоко разбирање на тоа како таквите нелегални потфати се појавуваат, опстануваат и извлекуваат профит од криминалот.[41]

Околу истиов проблем се имаат изјаснато и Ројтер, Рубинштајн и Вајн, кои тврдат дека „иследниците" на организираниот криминал треба да бидат обучени за детекција на корпоративниот криминал, даночната евазија и ефектите постигнати од владината регулација врз мотивацијата на криминалците да влезат во некоја индустрија и да останат во неа.

---

[41]Lyman, M., D., Potter, G., W., Organized Crime, 4th Edition, 0131730363, Pearson Education, Inc, publishing as Prentice Hall, 2007.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Повеќе од јасно е дека подобрата и навремената контрола на девијантните појави во економијата и политиката во една држава, ќе остави помал простор за појавување и доминација на организираниот криминал воопшто, и на тој начин ќе се обезбеди посигурен начин за негово контролирање.

Со цел да се реши овој  општествен проблем, можат да се осмислат и да се применуваат конкретни политики кои би биле насочени кон корупцијата, перењето пари, подробното разузнавање и стратешкиот избор на цели кои се неопходни за спроведување на законите.

Колку и да се пишува за организираниот криминал, колку и да се има желба и надеж за негово сузбивање или доведување на ниво да може да се контролира од органите кои се одговорни – овластени за борба против организираниот криминал, не постои доволно простор и основа да се верува дека моќните економски и политички интереси кои се „напојуваат” од организираниот криминал, туку така едноставно ќе прифатат ефикасни мерки за сузбивање на најголемиот извор на богатство во моментов не само во нашата држава туку и пошироко.

Единствен спас е изнаоѓање на систем со кој ќе се регулираат политичките и економските ентитети, бидеејќи само во ваква ситуација е возможно да се контролира организираниот криминал.

Албанез и Пурсли даваат некои сугестии за тоа кои тековни теми ќе се сметаат за најрелевантни за предвидување на иднината на новопојавените криминални групи:

- јазични бариери;
- недоверба од етичките заедници;
- нови криминални групи;
- намалување на јавната побарувачка;
- подобрен третман.[42]

[42]Lyman, M., D., Potter, G., W., Organized Crime, 4th Edition, 0131730363, Pearson Education, Inc, publishing as Prentice Hall, 2007.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Треба да имаме во предвид и да водиме сметка за фактот дека организираниот криминал по својот карактер е лесно приспособлив феномен, кој многу често се обидува но и профитира од слабоста не само на индивидуите и институциите, туку и самата држава.

Според Мур највисоката цел на организираниот криминал во 21 век, се финансиските институции.

Пример - Јасно е дека финансиските приходи од шврцувањето на дрога со текот на годините придонеле колумбиските картели да станат мреѓународни играчи во глобалните финансиски кругови. Банките почесто ќе поседуваат се повеќе информации за клиентите, кои нема да бидат полезни само за нив туку и за криминалните организации. Како резултата на ваквата состојба, криминалните организации внимателно ќе вметнуваат „кртови" во финансиските институции и од нив ќе извлекуваат разни информации, како компјутерски лозинки и шифри за пристап, кои ќе им допуштаат на криминалците да се инфилтрираат во банкарските сметки без да привлечат сомнежи за своите операции.[43]

Целта на водачите на организираниот криминал е своите организации да ги направат илегално – легитимни во очите на јавноста. Мур предвидува дека идните криминални организации ќе имаат сопствени комјутерски сателити затоа што овие услуги стануваат се подостапни на комерцијалниот пазар.

Пример - спортското обложување и проституцијата можат дополнително да се развијат со употреба на приватни сателити.

Нема причина да се верува дека огромните количества на пари што ги заработиле глобалните, организирани криминални организации нема да бидат употребени за купување на се што ќе им помогне да станат понедопирливи. Сета таа технологија ќе има

[43]Lyman, M., D., Potter, G., W., Organized Crime, 4th Edition, 0131730363, Pearson Education, Inc, publishing as Prentice Hall, 2007.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

една единствена цел – да му овозможи на организираниот криминал полесно и подобро да нуди нелегални производи и услуги.[44]

Исто така во иднина се очекува развој на т.н. Нуклеарна мафија. Постои реална опасност дека групите на организираниот криминал би можеле на многу полесен начин да дојдат до оружје и нуклеарен материјал, и по одредена цена истото да го продадат на „заинтересираните купувачи".

Организираниот криминал е реална закана за понатамошниот развој на демократските односи бидејќи е подготвен да ги зафати сите сфери на општеството и да раководи со него како и со неговиот развој.

Организираниот криминал е многу комплексен феномен кој вклучува постоење на тесна поврзаност со државните органи, особено со оние кои издаваат дозволи за увоз на стоки, со царинските органи, поврзано со транспортните и шпедитерски организации, како и развиена трговска мрежа за пласирање и растурање на шверцуваните дроги; криумчарење со оружје, активност која носи извонредно голема заработувачка, проституцијата и илегален пренос на луѓе; перење на пари и незаконски трансфери на пари поврзани со терористички активности.

Организираниот криминал во државните органи се заснова на концептот на хиерархија која се темели на чувството на застрашување на своите членови да исполнат обврска да молчат, да извршуваат криминални дела, директно или индиректно да раководат или да контролираат економски активности, јавни концесии, лиценци, договори и услуги или да стекнат илегален профит и други предности за самите нив и за другите членови.

Доколку не успее да ги синхронизира, државата ќе се соочи со дезорганизација на утврдениот систем на владеење, што води кон задоволување на потесни политичко -

---

[44]Lyman, M., D., Potter, G., W., Organized Crime, 4th Edition, 0131730363, Pearson Education, Inc, publishing as Prentice Hall, 2007.

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

партиски, групни или поединечни интереси, што пак тежнее кон деструкција која првенствено може да има негативно влијание врз самите граѓани.

Безбедноста е неопходна за успешно и непречено функционирање на државите и на нејзините институции, со што на граѓаните им се обезбедуваат и гарантираат основните животни функции и здрава животна средина.

Организираниот криминал како феномен ги загрозува современите општества, не познава и не ги признава државните граници, ниту пак расната, етничката или религиската посебност.

Во државите каде организираниот криминал се извршува како корпоративна и високо профитна стопанска дејност, се јавува судир на две структури: државната и криминалната.

Во околностите наметнати од глобализацијата, криминалната структура може да ја има истата, па дури и посилна моќ од онаа што ја има државата.

Во вакви услови, организираниот криминал егзистира и работи камуфлиран во фирми или корпорации вклучени во сите облици на недозволено однесување.

Притоа, особено е изразена недозволената трговија, која покрај нелегалните, овозможува трговија и со легални стоки, а особено доколку станува збор за стоки кои се сметаат за дефицитарни.

Преку недозволената трговија структурата на организираниот криминал ги стимулира: нелегалната индустрија, недозволеното производство и трговија со дрога, трговијата со луѓе, трговијата со производи за широка потрошувачка и секако, недозволената трговија со оружје.

Притоа, оваа структура се стекнува со големи неоданочени приходи кои дури може да бидат и поголеми од бруто националниот производ на некои од државите, а причините пред сè лежат во социјалната ерозија на државите предизивикана од војните, корумппираноста на државниот апарат и неповолната економска состојба.

Дополнително, големиот опсег на трговска размена создава уште поголем простор за дејствување на криминално организиртаните стурктури.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Тоа е и причината за лесното поврзување на различни структури од криминалните организации и нивната профитабилна соработка, без оглед на факторите што ги оптоваруваат државите каде се насочени или се вршат нивните интереси.

Од тие причини, кога е во прашање организираниот криминал, треба да се има предвид дека станува збор за мултикомплексни композити чија симбиоза е условена единствено од остварувањето и распределбата на профитот.

Тоа влијае на намалување на БДП, раст на сиромаштијата и невработеноста, што стимулира граѓанска нетрпеливост која може да ескалира во краен случај и во граѓанска војна, со што ќе се деструктира внатрешната безбедност на државата.

Недозволената трговија со оружје, посебно неговиот увоз може да предизвика директна и индиректна закана за безбедноста на државите.

Имено, директна закана за безбедноста во државата постои кога е зголемено количеството на нелегално оружје како резултат на недозволената трговија.

Индиректната закана од недозволената трговија со оружје настанува тогаш кога ја спроведуваат криминалните структури.

Активностите кои овозможуваат заработка на структурите од организираниот криминал, продуцираат негативно влијание врз степенот на безбедност во државите. корумпирањето службеници од државните инстанци од страна на криминалните структури со цел успешно и непречено спроведување на овој вид на недозволени активности претставува најчесто практикуван метод.

Имено, остварената симбиоза меѓу организираниот криминал и високо етаблираните службеници од актуелна власт во една или повеќе држави, најчесто се резултат на потребата од лично богатење.

Но постојат и примери кога државите под меѓународно ембарго планирано вршат нелегална набавка на оружје, легендирано дека истото се прави со цел заштита на виталните интереси.

Последица на ова би можело да биде создавање на воени жаришта и конфликтни региони, каде ќе можат да се развиваат нелегалните активности, особено во држави со

релативно слаба и неорганизирана контрола на испораките, како и трговијата што се одвива во држави со кризни подрачја, или држави со подрачја зафатени со вооружени дејства.

При ваквите дејности, доаѓа до загрозување на безбедноста со помали последици на вкупните национални или регионални состојби.

Имено, во зависност од расположивата моќ на криминалната структура, таа е подложна на помало или поголемо влијание на коонкурентни структури кои ќе настојуваат да го превземат приматот, со цел да се превземе одредена доходовна активност.

Кога станува збор за недозволена трговија со оружје, често доаѓа и до вооружени пресметки меѓу ривалските структури, што негативно се рефлектира и врз безбедноста.

## 4. ОДНОС КОРУПЦИЈА – ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ

Корупцијата е метод со кој организираниот криминал ги одтварува целите на неговоте дејствување, меѓу кои особено се истакнува заземање на позиции во политиката и стопанството.

Организираниот криминал – мафијата, ја користи корупцијата заради осигурување на нормално одвивање на криминалните операции.

За организираниот криминал посебно значење има поврзаноста на криминалните организации со државните органи и институции, за стекнување на што повисок профит преку корупција на државните органи.

Со корупцијата организираниот криминал решава повеќе проблеми, ги придобива политичарите и јавните функционери, за да му овозможзт непречено да ги извршува своите криминални дела.[45]

[45]Арнаудовски, Љ., Репресијата во функцијата на превенцијата на организираниот транснационален криминалитет, Темпус, Едиција: организиран криминал, Проект на програмата Темпус и Кардс, Скопје, 2002.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Што е заедничко за овие два облика на криминал?

Не сомнено се работи за два специфични облици на криминал кој што криминолозите феноменолошки го одвојуваат од класичниот криминал.

Помеѓу скриеноста на организираниот криминал и невидливоста на корупцијата може да се повлече паралела.

Тоа се однесува не само на политички, правосудни и јавни функции, туку за сите оние што се задолжени за спречување и откривање на организираниот криминал.

Со помош на корупцијата организираниот криминал ги придобива политичарите и јавните функционери, за да му овозможат непречено да ги извршува своите криминални дела и да ги заштитат од кривичен прогон, бидејќи на тој начин тие се штитат самите себеси.

Постојаниот пораст на организираниот криминал и корупцијата во нивните опасни форми и меѓународни димензии, во денешни услови претставуваат сериозна глобална закана која се манифестира на сфетско ниво, со дестабилизирачко влијание врз фундаменталните општествени, економски и политички институции.

Тие се  сериозна закана за зачувување на суверенитетот на државите, а посебно на оние кои се наоѓаат во транзиција.

Единствени заеднички фактори кои ги поврзуваат овие две појави се: се поврзуваат со еден вид на релативен профит, постојано се на штете на етичките вредности и се поврзани со позиции на власта и моќта.

Врската помеѓу организираниот криминал и корупцијата практично е невозможно да се одвои.

Како и да е тие се надополнуваат меѓусебно и функционираат како една целина.

Постои мислење дека секаде каде што има организиран криминал, не мора да има и корупција, но секаде каде што има корупција има и организиран криминал.

Тезата која ја застапува Лабовиќ во овој контекст гласи: Секаде каде што има организиран криминал има и корупција, освен во ретки исклучоци на останатите типови

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

на организираниот криминал. Но секаде каде што има корупција нема и организиран криминал.[46]

Ниту еден од облиците на организитаниот криминал не може да се одржи подолго време во остварувањето високопрофитни–криминални дејанија, доколку не е поврзан со одредени структури од власта.

Поврзаноста на структури од власта во овие организирани криминални активности е всушност – корупцијата.

Корупцијата го разликува институционалниот тип на организираниот криминал од другите типови на организиран криминал.

Од друга страна тезата дека секаде каде што има корупција мора да има и организиран криминал не држи, затоа што корупцијата е навистина прешироко поим за да во сите нејзини видови и типови, биде присутен и организираниот криминал.

Организираниот криминал не познава граници.

Тој влијае врз државните органи преку свои луѓе, со цел да се земат дозволи за остварување на крупни зделки, преку корумпирање на важни и влијателни функционери, како би можело полесно без особени потешкотии да се остварат целите кои организираниот криминал си ги поставил пред себе.

Во Република Македонија организираниот криминал не се манифестира во организационите облици од мафијашки тип, ниту пак кај нас е присутен генералниот концепт на корумпирана политика која има влијание врз меѓународните односи.[47]

Кај нас организираниот криминал е најнепосредно поврзан со бизнисот, криумчарење на дозволени и недозволени стоки, а во многу помала мера со уцени, изнуди и убиства.

Република Македонија во настојувањето за откривање и спречување на организираниот криминал, корупцијата и перењето пари, креира своја сопствена

[46]Лабовиќ, М., Николовски, М., Организиран криминал и корупција, Скопје, 2010.
[47]Лабовиќ, М., Борба против организираниот криминал и корупцијата, Скопје, 2005.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

политика, односно национална стратегија која е заснована врз основа на меѓународни сознанија и искуства.

Меѓутоа се уште е многу рано да се зборува за некои поголеми успеси во тој поглед.

Можеме само да прецизираме дека нашата држава е во почетна фаза на примена на превентивната стратегија, и дека во поглед на организираниот криминал, корупцијата и перењето пари се забележува „скромен” напредок, односно се прави чекор напред од „мртвата” точка.

Во 2002 година по спроведување на едно истражување во 16 земји, ООН ги објави резултатите каде се обидува да ги разграничи организациските форми на организираните криминални групи во светот.

Резултатите од истражувањето довеле до организациската типологија која што разграничува пет идеални типови на криминални организации:

- стандардна хиерархија,
- регионална хиерархија,
- кластерирана хиерархија,
- јадрена група;
- криминални мрежи.[48]

Лабовиќ ги разликува следните типови организиран криминала:

- групен организиран криминал;
- мрежен организиран криминал;
- мафијашки тип на организиран криминал;
- институционален организиран криминал со директно инволвирани претставници од средно-високите или високите ешалони од државната власт;

[48] www.unglobalcompact.org

- институционален организиран криминал во кој се директно инволвирани највисоки државно-политички функционери поради остварување на лични и тесно партиски интереси;
- институционален организиран криминал на највисоко државно ниво како резултат на генералниот концепт на систематски корумпирана политика, со силен импакт врз меѓународните економски и политички односи во функција на остварување на долгорочните геостратегиски интереси на мега-капиталот којшто потекнува од најмоќните држави на светот.

## 5. ЗАКЛУЧОК

Корупцијата е форма на нечесност или кривично дело кое го презема лице или организација на која и е доверена позиција на авторитет, со цел да стекне недозволена корист или да ја злоупотреби моќта за своја лична корист.

Корупцијата ја нагризува довербата, ја ослабува демократијата, го кочи економскиот развој и дополнително ја влошува нееднаквоста, сиромаштијата, социјалната поделеност и еколошката криза.

Економската глобализација ја направи корупцијата криминал без граници.

Организираниот криминал и криминалните организации се термини кои претставуваат транснационална, национална или локална групација на високоцентрализирани организации предводени од криминалци со намера да се вклучат во нелегални активности, најчесто за профит.

Одредени криминални организации, како што се терористичките организации, се политички мотивирани.

Другите организации, вклучувајќи држави, војски, полициски сили и корпорации, понекогаш може да ги користат методите на организиран криминал за да ги постигнат своите цели, но нивните силни страни се засноваат на нивниот статус како формални социјални институции.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Постои тенденција да се одвои организираниот криминал од другите форми на криминал, како што се криминалот на белата јака, финансиските злосторства, политичките злосторства, воените злосторства, државните злосторства и предавството.

Карактеристиките на криминалната организација:

- учество на повеќе од три лица во криминална група;
- строга хиерархија;
- употреба на насилни средства, уцени, закани;
- поврзаност со сродни организации;
- поврзаност со политиката.

Организираниот криминал денес стана еден вид мултинационална индустрија што обезбедува огромен потенцијал за заработка. Тој не признава национални граници и државен суверенитет.

Корупцијата и организираниот криминал се ендемични социолошки појави кои редовно се појавуваат во речиси сите земји на глобално ниво во различни степени и размери.

Корупцијата создава плодна почва за организирани криминални активности, па дури и тероризам, бидејќи на криминалците им се помага во нивните незаконски активности со соучесништво на корумпирани јавни функционери.

Корупцијата и организираниот криминал често одат заедно.

Постоењето на нелегални бизниси од големи размери има корумпирано влијание врз владата, особено врз спроведувањето на законот и граничната контрола.

Корумпираните владетели и нелегалните бизнисмени се хранат едни со други. Поткупот ги намалува трошоците за нелегалните деловни потфати и им помага да соберат капитал, поттикнувајќи го нивниот раст во однос на легалните бизниси и генерирајќи повеќе корумпирани аранжмани.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

## 6. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

[1] Арнаудовски, Љ., Репресијата во функцијата на превенцијата на организираниот транснационален криминалитет, Темпус, Едиција: организиран криминал, Проект на програмата Темпус и Кардс, Скопје, 2002.

[2] Витларов, Т., Репресија и превенција на корупцијата, 2006.

[3] Витларов, Т., Калајџиев, Г., Лабовиќ, М., Стојановски, Т., Системска анализа, на законската рамка и соработка помеѓу надлежните институции за борба против организираниот криминал, Скопје, Јуни, 2005.

[4] Вујаклија, М., Лексикон страних речи и израза, Просвета, Београд, 1994/95.

[5] Гинтер, К., Криминологија, Александрија, Скопје, 1996.

[6] Закон за јавно обвинителство, „Службен весник на РМ", бр. 150/07, 111/08.

[7] Корупција и човекови права, Институт за отворено општество, Београд, 2010.

[8] Kuster, D., Dunne, P.c. Van, Crime, Corruption and Power, Crime Law, Social Change Kluwer Akademic Publshers, Tilburg, 1997.

[9] Лабовиќ, М., Борба против организираниот криминал и корупцијата, Скопје, 2005.

[10] Лабовиќ, М., Власта корумпира, Де Гама, Скопје, 2006.

[11] Лабовиќ, М., Николовски, М., Организиран криминал и корупција, Скопје, 2010.

[12] Lyman, M., D., Potter, G., W., Organized Crime, 4th Edition, 0131730363, Pearson Education, Inc, publishing as Prentice Hall, 2007.

[13] Nacional Integrity System, The Transparency International Source Book, 2nd , ed. 1997.

[14] Славевски, Т., Организиран криминал и корупција, Македонска ревија за казнено право и криминологија, бр. 1 – 2, Скопје, 2006.`

[15] Johnston, M., Heidenheimer, J., A., Political Corruption, Concepts and Contexts, Political Change in Development, 2001.

[16] www.pravdiko.mk

[17] www.unglobalcompact.org

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# THE RESILIENCE AND WELL-BEING OF PEOPLE WITH MENTAL DISORDERS IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

**Stefanija Todevska, Andromahi Naumovska**

## Abstract

The existing research aims to prove the relationship between resilience and well-being among people with certain mental disorders who receive health care in the territory of the Republic of North Macedonia. The research elaborates the basic hypothesis according to which an increase in resilience leads to an increase in well-being, that is, a positive causal relationship between these two variables is assumed. The research also tests two secondary hypotheses:

1. The working status of people with mental disorders has a positive effect on their well-being, that is, employed people on average have a higher level of well-being than unemployed people and pensioners.

2. The well-being of people with mental disorders is negatively correlated with age, years of treatment and the number of hospitalizations, that is, the increase in age, years of treatment and the number of hospitalizations is followed by a decrease in the well-being of these people.

Based on the results obtained from the conducted scientific research, it can be concluded that resilience has a pronounced positive impact on the well-being of people with mental disorders in the Republic of North Macedonia. Namely, an increase in resilience by 1 point would cause almost the same average increase in well-being among these individuals, that is, more specifically, an increase in well-being of 0.9123 points on average. Such results are statistically significant and are based on an estimated regression model, where resilience is taken as an independent variable, while well-being is taken as a dependent variable.

**Keywords:** *WHO, mental disorders, resilience, well-being, systematic disparities and quality of life.*

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# ОТПОРНОСТА И БЛАГОСОСТОЈБАТА КАЈ ЛИЦАТА СО МЕНТАЛНИ НАРУШУВАЊА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Стефанија Тодевска, Андромахи Наумовска**

**Апстракт**

Постојното истражување има за цел да ја докаже врската помеѓу отпорноста и благосостојбата кај лицата со одредени ментални нарушувања кои примаат здравствена помош на територија на Р.Северна Македонија. Истражувањето ја елаборира основната хипотеза според која зголемувањето на отпорноста доведува до зголемување на благосостојбата, односно се претпоставува позитивна причинско-последична врска помеѓу овие две променливи. Истражувањето исто така ги тестира и двете споредни хипотези:

1. Работниот статус на лицата со ментални нарушувања влијае позитивно врз нивната благосостојба, односно вработените лица во просек имаат повисоко ниво на благосостојба од невработените лица и пензионерите.

2. Благосостојбата на лицата со ментални нарушувања е негативно корелирана со возраста, годините на лекување и бројот на хоспитализации, односно зголемувањето на возраста, годините на лекување и бројот на хоспитализации е проследено со намалување на благосостојбата кај овие лица.

Врз основа на добиените резултати од спроведеното научно истражување, може да се констатира дека отпорноста има изразено позитивно влијание врз благосостојбата кај лицата со ментални нарушувања во Република Северна Македонија. Имено, зголемување на отпорноста за 1 поен би предизвикало речиси исто толкаво просечно зголемување на благосостојбата кај овие лица, односно поконкретно, зголемување на благосостојбата од 0,9123 поени во просек. Ваквите резултати се статистички значајни и се темелат на оценет регресивен модел, каде отпорноста е земена како независна променлива, додека пак благосостојбата е земена како зависна променлива.

**Клучни зборови:** *СЗО, ментални нарушувања, отпорност, благосостојба, систематски разлики и квалитет на живот.*

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

## 1.Вовед

Менталните нарушувања и благосостојбата се меѓусебно поврзани концепти кои значително влијаат врз поединците и општеството. Mathieson (2024) во својата студија објаснува дека менталните нарушувања, исто така познати како ментални болести, се здравствени состојби кои вклучуваат промени во емоциите, размислувањето или однесувањето (или комбинација од нив). Gibson (2024) додава дека тие се поврзани со честа вознемиреност и/или проблеми во нормалното извршување на социјалните, работните или семејните активности. Hsu and Lanne (2021) констатираат дека вообичаени ментални нарушувања се депресијата која се карактеризира со постојана тага, губење на интерес и низа емоционални и физички проблеми, анксиозни нарушувања кои вклучуваат генерализирано анксиозно растројство, панично растројство, социјално анксиозно растројство и специфични фобии, биполарно растројство кое вклучува епизоди на промени во расположението кои се движат од депресивни ниски до манични високи, шизофренија која вклучува ментално растројство кое влијае на размислувањето, чувствата и однесувањето, често вклучувајќи илузии и халуцинации, опсесивно-компулсивно нарушување кое вклучува несакани повторувачки мисли (опсесии) и однесувања (компулсии), посттрауматско стресно растројство кое се развива по изложување на застрашувачки настан, што доведува до ретроспективи, тешка анксиозност и неконтролирани мисли за настанот и други ментални нарушувања. Притоа, менталните нарушувања можат да бидат предизвикани од комбинација на генетски, биолошки, еколошки и психолошки фактори. Стресот, траумата и негативните животни искуства може да предизвикаат или влошат проблеми со менталното здравје.

Благосостојбата пак, е поширок концепт од менталното здравје, опфаќајќи ја севкупната среќа, задоволство од животот и функционирање во различни животни домени (Smith,2022). Тоа вклучува емоционални, психолошки и социјални аспекти (Lalumera,2023):

1. Емоционалната благосостојба означува присуство на позитивни емоции и расположенија, отсуство на негативни емоции и задоволство од животот.
2. Психолошката благосостојба вклучува самоприфаќање, личен раст, цел во животот, автономија и позитивни односи.
3. Социјалната благосостојба опфаќа социјално прифаќање, социјална актуелизација, социјален придонес, социјална кохерентност и социјална интеграција.

Менталните нарушувања може значително да ја нарушат благосостојбата, влијаејќи на емоционалното, психолошкото и социјалното функционирање (Dorfman and Reynolds,2023). Промовирање на благосостојбата за спречување на ментални нарушувања може да настане преку позитивни промени во животниот стил, социјална поддршка и градење отпорност, со што може да се помогне да се спречат или ублажат менталните нарушувања. Решавањето на менталните нарушувања и промовирањето на целокупната благосостојба бара сеопфатен пристап, вклучувајќи медицински третман, терапија, промени во животниот стил и социјални интервенции. Стратешки тоа може да се подобри преку подобар пристап до услуги за ментално здравје (обезбедување достапност и достапност на грижата за менталното здравје, вклучувајќи терапија, лекови и групи за поддршка), преку образование и развиена свестност (подигање на свеста за проблемите со менталното здравје и намалување на стигмата поврзана со ментални нарушувања), преку подршка на заедницата (градење на поддржувачки заедници кои поттикнуваат социјални врски и обезбедуваат ресурси), преку практики за грижа за себе (поттикнување на редовно вежбање, здрава исхрана, соодветен сон и практики на внимателност), преку политика и застапување (спроведување политики кои го поддржуваат менталното здравје и благосостојба, како што се образованието за ментално здравје во училиштата, програмите за ментално здравје на работното место и финансирањето на услуги за ментално здравје). Промовирањето на менталното здравје и благосостојба вклучува повеќеслоен пристап кој вклучува индивидуални акции, поддршка од заедницата и системски промени.

## 2. Методологија и податоци

Предмет на овој научен труд е врската помеѓу отпорноста и благосостојбата кај лицата со ментални нарушувања во Република Северна Македонија. Претпоставката е дека зголемувањето на отпорноста кај овие лица доведува до зголемување на нивната благосостојба, односно се претпоставува позитивна причинско последична врска помеѓу овие две променливи.

Целта на истражувањето е да се утврдат нивоата на благосостојба и отпорност кај лицата со ментални нарушувања во Република Северна Македонија, како и да се испита причинско-последичната врска помеѓу овие две променливи. Дополнително, истражувањето има за цел откривање на систематски разлики во нивоата на благосостојба и отпорност кај овие лица, од аспект на демографски и социоекономски карактеристики.

За потребите на ова истражување користен е анкетен прашалник составен од вкупно 23 прашања, од кои 8 се демографски прашања, 5 прашања се поврзани со благосостојбата на испитаниците, додека пак 10 прашања се однесуваат на отпорноста. Во контекст на горенаведеното, благосостојбата се мери преку индексот на благосостојба на Светската здравствена организација (СЗО-5), каде преку неколку прашања од испитаниците се бара да ги проценат своите интерес, ангажман и расположение. Од друга страна пак, отпорноста е набљудувана според скалата на отпорност на Конор-Дејвидсон, кои на истата гледаат како „способност да се напредува пред неволја“.

Благосостојбата и отпорноста се мерени на скала од 1 до 5, каде:

1- Никогаш, 2- ретко, 3-понекогаш, 4-често и 5-секогаш

Променливите благосостојба и отпорност се изведени како просек од добиените одговори за секое прашање во рамки на соодветната група.

Целосниот анкетен прашалник користен при истражувањето е даден во прилог на овој труд.

Предметното истражување е спроведено на примерок од 62 испитаници, пациенти во ЈЗУ Психијатриска болница Скопје, во август 2023-та година. Истражувањето е спроведено усно со анкетните лица.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Во врска со структурата на примерокот, истиот е балансиран од аспект на полот, односно примерокот е составен од 31 мажи и 31 жени, при што опфатени се лица со различни дијагнози, групирани во неколку групи (Табела 2). Испитаниците се на возраст од 23 до 50 години, при што половина, односно 31 испитаници, се на возраст од 40 до 50 години, 23 испитаници се на возраст од 23 до 30 години, додека пак 8 испитаници се на возраст од 31 до 40 години.

Најголемиот дел од пациентите, или вкупно 51, се со дијагноза F1 - Шизофренија, шизотипни растројства и параноидни пореметувања. Вкупно 9 испитаници се со дијагноза F2 - Пореметување на расположението , афективни пореметувања, додека пак само 2 испитаници имаат дијагноза F3 - Пореметување на личност и однесување. Најголемиот дел од испитаниците, или вкупно 26 испитаници, се лекуваат повеќе од 10 години, 23 се лекуваат од 1 до 10 години, додека пак 13 испитаници се лекуваат една година или помалку. Најголемиот дел, односно 47 испитаници, имаат до 10 хоспитализации, додека пак останатите 15 имаат и до 30 хоспитализации.

Табела 1: Структура на примерокот

| Променлива | Категорија | Мажи | Жени | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Брачен статус | Слободен/на | 14 | 14 | 28 |
| | Во брак | 11 | 4 | 15 |
| | Разведен/а | 6 | 13 | 19 |
| Работен статус | Вработен/а | 10 | 8 | 18 |
| | Невработен/а | 21 | 18 | 39 |
| | Пензионер/ка | 0 | 5 | 5 |
| Дијагноза | F1 | 26 | 25 | 51 |
| | F2 | 4 | 5 | 9 |
| | F3 | 1 | 1 | 2 |
| Возраст | До 30 години | 11 | 12 | 23 |
| | До 40 години | 4 | 4 | 8 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | До 50 години | 16 | 15 | 31 |
| Години на лекување | 1 година и помалку | 7 | 6 | 13 |
| | До 10 години | 11 | 12 | 23 |
| | До 20 години | 8 | 9 | 17 |
| | До 30 години | 5 | 4 | 9 |
| Број на хоспитализации | До 10 хоспит. | 22 | 25 | 47 |
| | До 30 хоспит. | 9 | 6 | 15 |

Од аспект на работниот статус, најголемиот дел од испитаниците се невработени, вкупно 39 лица, вработени се 18 лица, додека пак пензионери се вкупно 5 испитаници. Речиси половина, односно 28 испитаници, се слободни, 19 се разведени, додека пак 15 се во брак.

Табела 2: Дијагнози на лицата опфатени со истражувањето

| Шифра на дијагноза (F) | Дијагноза | Група |
|---|---|---|
| 20 | Параноидна шизофренија | F1 - Шизофренија, шизотипни растројства и параноидни пореметувања |
| 20.1 | Хебефрена шизофренија | |
| 20.3 | Недиференцирана шизофренија | |
| 20.5 | Резидуална шизофренија | |
| 22 | Перзистентно налудничаво растројство | |
| 23 | Акутно транзиторно психотично растројство | |
| 23.2 | Акутно транзиторно психотично растројство слично на шизофренија | |
| 25 | Шизоафективно пореметување | |
| 31 | Афективно биполарно пореметување | F2 - Пореметување |

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

| | | |
|---|---|---|
| 31.2 | Афективно биполарно пореметување манична епизода со психотични симптоми | на расположението, афективни пореметувања |
| 32 | Депресивно пореметување | |
| 32.2 | Тешка депресивна епизода без психотични симптоми | |
| 32.3 | Тешка депресивна епизода со психотични симптоми | |
| 60.3 | Емоционално нестабилно пореметување на личност | F3 - Пореметување на личност и однесување |
| 60.9 | Пореметување на личност, неозначено | |

Во врска со статистичката анализа, истата опфаќа дескриптивна статистика на добиените резултати од спроведеното истражување, споредба од аспект на различни групи на испитаници и спроведување на тестови за еднаквост, пресметка на коефициенти на корелација помеѓу променливите, како и оценка на регресивен модел. Дескриптивната анализа, како појдовна точка, служи за добивање на иницијален увид во структурата на податоците како и разбирање на можни врски и релации помеѓу променливите од интерес. Дополнително на ова, тестовите за еднаквост покажуваат дали помеѓу различни групи на испитаници, според нивните демографски и социоекономски карактеристики, постојат систематски разлики во нивото на благосостојба и отпорност, и доколку постојат во која насока се движат истите (кои групи на испитаници/пациенти имаат повисоки или пониски нивоа на благосостојба и отпорност во споредба со останатите). Со оглед на тоа што добиените податоци за променливите не следат нормален распоред, за потребите на анализата применети се непараметарски тестови, конкретно Крускал-Валис тестот за еднаквост на медијаната како мерка за централна тенденција помеѓу различни групи на испитаници. Крускал-Валис тестот ја зема предвид дистрибуцијата на податоците за различни групи на испитаници во зависност од некоја нивна демографска или социоекономска карактеристика (пол, дијагноза, брачен статус, работен статус) и

покажува дали помеѓу одделни групи на испитаници (на пример мажи и жени, или пак лица со различен статус и дијагноза) постојат разлики во медијалната вредност на променливите благосостојба и отпорност и колку истите се статистички значајни.

Во контекст на горенаведеното, анализата продолжува и со пресметка на коефициенти на корелација помеѓу променливите од интерес и возраста на испитаниците, годините на лекување и бројот на хоспитализации. Очекувањето е дека благосостојбата и отпорноста се намалуваат со зголемување на возраста, времето на лекување и бројот на хоспитализации. Со други зборови, се претпоставува негативна линеарна поврзаност помеѓу овие променливи. Од истата причина како и претходно, поради тоа што податоците не следат нормален распоред на дистрибуција, се користи Спирмановиот ранг коефициент на корелација, кој е непараметарски еквивалент на Пирсоновиот коефициент.

Конечно, анализата завршува со оценка на регресивен модел помеѓу отпорноста и благосостојбата, што пак е и суштината на целото истражување. Во математичка форма овој модел може да се претстави како:

$$Y = \beta_0 + \beta_1 X + u \qquad \text{Равенка (1)}$$

Каде:

- $Y$ е зависната променлива Благосостојба,
- $X$ е независната променлива Отпорност,
- $\beta_0$ е коефициентот на отсечок во моделот,
- $\beta_1$ е коефициентот на наклон во моделот, и
- $u$ е случајна грешка или резидуал.

Коефициентот на наклон во моделот покажува за колку во просек би се зголемила благосостојбата ако отпорноста се зголеми за една единица. Доколку овој коефициент е статистички значаен и позитивен ($\beta_1 > 0$) можеме да констатираме дека се прифаќа поставената истражувачка хипотеза, односно дека навистина зголемувањето на отпорноста кај лицата со ментални нарушувања води кон подобрување на нивната

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

благосостојба. За таа цел, овој коефициент потребно е да има т-статистика поголема од 2, односно п-вредност помала од 0,05 (ниво на значајност кое кореспондира со 95% сигурност во тврдењата).

Оценката на регресивниот модел, односно пресметката на коефициентите на отсечок и наклон, се врши со помош на методот на обични најмали квадрати. Согласно претпоставките на овој метод, моделот е потребно да исполнува неколку услови за да сме сигурни дека добиените резултати се валидни и веродостојни, а тоа се:

- Не постојат грешки во спецификацијата на моделот,
- Резидуалите ($u$) имаат нула средина и константна варијанса,
- Постои отсуство на корелација помеѓу резидуали од различни временски периоди,
- Постои отсуство на корелација помеѓу резидуалите и независните променливи во моделот,
- Резидуалите следат нормален распоред на дистрибуција.

Во овој контекст, спроведени се неколку дијагностички тестови со цел потврдување на наведените претпоставки. Сепак, со оглед на тоа што станува збор за вкрстени податоци, типичен проблем кој се јавува при анализа на овој вид податоци е нарушување на претпоставката за константна варијанса, односно во моделот има појава на хетероскедастичност. Во таков случај, со цел отстранување на последиците кои би настанале од ваквата појава, а тоа се пристрасни стандардни грешки на оценетите коефициенти, се применува корекција на стандардните грешки, или робустни стандардни грешки. Во конкретниот случај направена е корекција на стандардните грешки на коефициентите со примена на Хубер-Вајт методот.

За крај, иако дизајнот на спроведеното истражување следи цврсто поставена и јасна методологија, издржана во пракса и поткрепена од научната литература, постојат одредени ограничувања кои би требало да се истакнат. Најпрво, тука податоците и начинот на нивно прибирање. Имено, со оглед на тоа што анализата се базира на истражување спроведено на пациенти во психијатриската болница во ЈЗУ Скопје, и покрај тоа што на истите им беше ставено до знаење дека станува збор за научно истражување,

неповрзано со нивното дијагностицирање, лекување и евалуација, сепак можна е одредена позитивна пристрасност во одговорите од страна на дел од испитаниците.

Дополнително, ваквиот пристап на мерење на благосостојбата и отпорноста, базиран на самооценување, се темели на перцепцијата на испитаникот во врска со состојбата во која се наоѓа, а не на реалната состојба. Па така, можно е некои лица да сметаат дека се во полоша или подобра состојба отколку што реално се и истото да доведе до погрешни заклучоци. Сепак, со оглед на тоа што ваквиот пристап е широко применуван и тестиран во пракса, претпоставуваме дека перцепцијата на испитаниците соодветствува со реалната состојба во која се наоѓаат. Конечно, од аспект на моделот, во истражувањето е земена предвид врската помеѓу отпорноста, како единствена независна променлива, и благосостојбата како зависна променлива. Сепак, можно е постоење и на други фактори кои влијаат врз благосостојбата, а истите не се земени предвид. Ова остава простор за натамошна и подетална анализа во оваа насока.

Резултатите и заклучоците од спроведеното истражување треба да помогнат за подобро разбирање на врската помеѓу отпорноста и благосостојбата кај лицата со ментални нарушувања, како и влијанието на одредени демографски и социоекономски фактори.

## 3. Резултати од спроведеното емпириско истражување

### *- Благосостојба*

Согласно добиените резултати, благосостојбата кај лицата со ментално нарушување во просек изнесува 2,5 поени, на скала од 1 до 5, со стандардна девијација од 1,34 поени. Вредностите на оваа променлива се движат во распон од минимални 1 поен, до максимални 5 поени, што претставува широка дистрибуција, односно висок степен на варијабилност. Одредена асиметричност во распоредот на дистрибуција се забележува и доколку се погледне медијалната вредност на оваа променлива, која на ниво на целиот примерок изнесува 2 поени. Распоредот на дистрибуција на променливата благосостојба е

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

даден на Графиконот 1 во продолжение, каде јасно се гледа позитивната асиметричност на вредностите кај оваа променлива.

Табела 3: Дескриптивна статистика на променливата благосостојба според демографските карактеристики на испитаниците

| Променлива | Категорија | Просек | Медијана | Макс. | Мин. | Ст. Дев. | Обс. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Пол | Мажи | 2.71 | 2.4 | 5 | 1 | 1.34 | 31 |
| | Жени | 2.27 | 1.6 | 4.8 | 1 | 1.33 | 31 |
| Брачен статус | слободен/на | 2.89 | 3.2 | 5 | 1 | 1.41 | 28 |
| | во брак | 2.45 | 2.6 | 4.8 | 1 | 1.26 | 15 |
| | разведен/а | 1.94 | 1.4 | 4.8 | 1 | 1.16 | 19 |
| Работен статус | вработен | 3.13 | 3.6 | 5 | 1 | 1.37 | 18 |
| | невработен | 2.36 | 2 | 4.8 | 1 | 1.27 | 39 |
| | пензионер | 1.16 | 1 | 1.4 | 1 | 0.22 | 5 |
| Дијагноза | F1 | 2.45 | 2 | 5 | 1 | 1.30 | 51 |
| | F2 | 2.40 | 1.6 | 4.8 | 1 | 1.62 | 9 |
| | F3 | 4.00 | 4 | 4.4 | 3.6 | 0.57 | 2 |
| Вкупно | | 2.49 | 2 | 5 | 1 | 1.34 | 62 |

** Категориите за променливата дијагноза се опишани во Табела 2*

Графикон 1: Распоред на дистрибуција на променливата благосостојба



MIT UNIVERSITY SKOPJE
International Journal of Recent Research in Arts and Sciences
ISSN: 1857-8128

На ниво на категорија, разлики во медијалната вредност се забележуваат кај сите категории на испитаници, како што покажува Графиконот 2 во продолжение. Впрочем, анализата покажува дека степенот на благосостојба кај мажите е генерално повисок отколку кај жените, односно кај медијалната вредност на благосостојбата кај мажите изнесува 2,4 поени, наспроти онаа кај жените која изнесува 1,6 поени.

Од аспект на брачниот статус, анализата покажува дека лицата кои не се во брачна заедница имаат највисок степен на благосостојба (3,2 поени медијална вредност), за разлика на пример од разведените испитаници, каде благосостојбата е на најниско ниво и истата изнесува 1,4 поени. Испитаниците кои се во брак имаат медијална вредност на благосостојбата од 2,6 поени.

Слична е состојбата и од аспект на работниот статус, при што лицата кои се во работен однос имаат највисок степен на благосостојба споредено со останатите (медијална вредност од 3,6 поени), додека пак најниско ниво на благосостојба е забележано кај пензионерите (медијална вредност од 1 поен). Медијалната вредност на благосостојбата кај невработените лица изнесува 2 поени.

Разлики во степенот на благосостојба кај испитаниците се забележуваат и од аспект на дијагнозата, при што лицата со дијагноза F3 - Пореметување на личност и однесување во имаат највисок степен на благосостојба, со медијална вредност од 4 поени, споредено со останатите испитаници. Лицата со дијагноза F1 - Шизофренија, шизотипни растројства и параноидни пореметувања имаат медијална вредност на благосостојбата од 2 поени, додека пак нешто пониско ниво, односно 1,6 поени медијална вредност, имаат лицата со дијагноза F2 - Пореметување на расположението, афективни пореметувања.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Графикон 2: Медијална вредност на благосостојбата според категорија на испитаници




Сепак, иако анализата визуелно покажува видни разлики во медијалната вредност на благосостојбата за различни категории на испитаници, сепак спроведените статистички тестови за еднаквост покажуваат дека истите во голема мера се статистички незначајни. Имено, резултатите од спроведениот Крускал-Валис тест за еднаквост на медијаната за дадените демографски променливи покажува дека на ниво на значајност од 0,05, односно со 95% сигурност во тврдењето, статистички значајни се разликите единствено од аспект на работниот статус на испитаниците, но не и од аспект на останатите демографски фактори. Статистиката на тестот за работниот статус изнесува 10,123, со п-вредност еднаква на 0,0063, што значи дека утврдените разлики помеѓу вработените лица, невработените и пензионерите се статистички значајни.

Од друга страна пак, разликите од аспект на полот како демографски фактор се статистички значајни на ниво на значајност од 0,1, односно со 90% сигурност, но не и на ниво на значајност од 0,05. Статистиката на спроведениот Крускал-Валис тест за оваа променлива изнесува речиси 2,98, со п-вредност еднаква на 0,0846.

Од аспект на брачниот статус и дијагнозата на испитаниците, резултатите од спроведените тестови јасно покажуваат дека утврдените разлики се статистички незначајни. Впрочем, п-вредноста кај двата теста е поголема дури и од 0,1, што значи дека

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

разликите прикажани на Графиконот 2 не се доволни за да можеме да тврдиме дека станува збор за систематски разлики помеѓу различните групи на испитаници во рамки на овие две променливи.

Причината зошто голем дел од прикажаните разлики во Графиконот 2 се статистички незначајни е широката дистрибуција и високиот степен на варијабилност на променливата благосостојба, што ја наметнува потребата идентификуваните разлики да бидат поголеми со цел да може да се заклучи дека истите се систематски и се должат на самите фактори, односно карактеристиките на испитаниците во рамки на различните категории.

Табела 4: Крускал-Валис тест за еднаквост на медијаната за променливата благосостојба

| Крускал-Валис тест | Пол | Брачен статус | Работен статус | Дијагноза |
|---|---|---|---|---|
| Статистика на тест | 2.974 | 4.198 | 10.123 | 2.325 |
| Степени на слобода | 1 | 2 | 2 | 2 |
| П-вредност | 0.0846 | 0.1226 | 0.0063 | 0.3127 |

Од аспект на возраста на испитаниците, бројот на хоспитализации, како и годините на лекување на испитаниците, со оглед на тоа што овие променливи се континуелни, меѓусебната поврзаност се испитува со помош на оценетите коефициенти на корелација. Согласно горенаведеното, со оглед на тоа што податоците немаат нормален распоред, се користи Спирмановиот ранг коефициент на корелација.

Резултатите од спроведената корелациона анализа покажуваат јасна негативна поврзаност помеѓу благосостојбата и останатите 3 променливи. Со други зборови, зголемување на возраста на испитаниците, бројот на хоспитализации, како и зголемување на бројот на години на лекување е проследено со намалување на степенот на благосостојба. Станува збор за умерена линеарна врска, каде оценетите коефициенти на корелација се движат околу 0,5. Коефициентите на корелација и нивната визуелизација се прикажани во Табела 5 и Графикон 3 во продолжение.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Табела 5: Спирман коефициенти на корелација помеѓу благосостојбата, возраста на испитаниците, бројот на хоспитализации и годините на лекување

| | Благосостојба |
|---|---|
| Возраст | -0.49 |
| Хоспитализации | -0.53 |
| Лекување | -0.56 |

Графикон 3: Дијаграм на растурање помеѓу благосостојбата, возраста на испитаниците, бројот на хоспитализации и годините на лекување




- *Отпорност*

Во врска со отпорноста на лицата со ментални нарушувања, на скала од 1 до 5 истата во просек изнесува 2,85 поени, со стандардна девијација од 1,26 поени. Исто како и благосостојбата, и отпорноста има широк распон на вредности, почнувајќи од минимални 1 до максимални 4,7 поени, со медијална вредност еднаква на 2,35 поени. Видно од прикажаниот распоред на дистрибуција во Графиконот 4 во продолжение, и отпорноста не следи нормален распоред на дистрибуција.

Табела 6: Дескриптивна статистика на променливата отпорност според демографските карактеристики на испитаниците

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

| Променлива | Категорија | Просек | Медијана | Макс. | Мин. | Ст. Дев. | Обс. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Пол | Мажи | 2.86 | 2.4 | 4.7 | 1 | 1.36 | 31 |
| | Жени | 2.83 | 2.3 | 4.7 | 1.4 | 1.17 | 31 |
| Брачен статус | слободен/на | 2.98 | 3.5 | 4.6 | 1 | 1.26 | 28 |
| | во брак | 3.07 | 3 | 4.7 | 1.5 | 1.23 | 15 |
| | разведен/а | 2.48 | 1.9 | 4.7 | 1 | 1.26 | 19 |
| Работен статус | вработен | 3.66 | 4 | 4.7 | 1.6 | 0.97 | 18 |
| | невработен | 2.61 | 2 | 4.7 | 1 | 1.26 | 39 |
| | пензионер | 1.78 | 1.8 | 2 | 1.4 | 0.23 | 5 |
| Дијагноза | F1 | 2.81 | 2.1 | 4.7 | 1 | 1.25 | 51 |
| | F2 | 2.71 | 2.3 | 4.7 | 1 | 1.28 | 9 |
| | F3 | 4.45 | 4.45 | 4.5 | 4.4 | 0.07 | 2 |
| Вкупно | | 2.85 | 2.35 | 4.7 | 1 | 1.26 | 62 |

** Категориите за променливата дијагноза се опишани во Табела 2*

Графикон 4: Распоред на дистрибуција на променливата отпорност




Од аспект на демографските карактеристики на испитаниците, помеѓу машите и жените нема изразени разлики во нивото на отпорност, при што медијалната вредност на

отпорноста кај мажите изнесува 2,4 поени, додека пак кај жените истата изнесува 2,3 поени.

Од аспект на брачниот статус, согласно прикажаното во Табела 6 и Графикон 5, највисок степен на отпорност имаат лицата испитаниците кои не се во брачна заедница (3,5 поени медијална вредност), додека пак најниско ниво на отпорност се забележува кај разведените испитаниците, каде медијалната вредност на отпорноста е 1,9 поени. Медијалната вредност на отпорноста на лицата кои се во брак изнесува 3 поени.

Во врска со работниот статус, вработените лица со ментални нарушувања имаат за повеќе од двојно повисок степен на отпорност од невработените лица и од пензионерите. Медијалната вредност на отпорноста кај овие лица изнесува 4 поени, наспроти истата 2 поени кај невработените, односно 1,8 поени кај пензионерите.

Слична ситуација имаме и од аспект на дијагнозата, каде двојно повисок степен на отпорност се забележува кај лицата со дијагноза F3 - Пореметување на личност и однесување (медијална вредност од 4,45 поени), наспроти лицата со дијагноза F1 - Шизофренија, шизотипни растројства и параноидни пореметувања и оние со дијагноза F2 - Пореметување на расположението, афективни пореметувања, каде медијалната вредност на отпорноста изнесува 2,1 и 2,3 поени соодветно. Сепак, во примерокот се вклучени само 2 лица со дијагноза F3 - Пореметување на личност и однесување, што значи дека добиените резултати во овој поглед, како и кај благосостојбата, треба да се земат со одредена доза на резерва.

Графикон 5: Медијална вредност на отпорноста според категорија на испитаници



MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Слично како и кај благосостојбата, спроведените тестови за еднаквост покажуваат дека идентификуваните разлики се статистички значајни на ниво на значајност од 0,05 единствено кај работниот статус, но не и кај останатите демографски променливи. Статистиката на спроведениот Крускал-Валис тест за работниот статус на испитаниците изнесува 11,5, со п-вредност еднаква на 0,0031. П-вредноста на статистиките на овој тест за останатите променливи е поголема дури и од 0,1, што значи дека горенаведените разлики во медијалната вредност помеѓу различни категории на испитаници во рамки на овие променливи се статистички незначајни.

Табела 7: Крускал-Валис тест за еднаквост на медијаната за променливата отпорност

| Крускал-Валис тест | Пол | Брачен статус | Работен статус | Дијагноза |
|---|---|---|---|---|
| Статистика на тест | 0.001 | 1.720 | 11.537 | 3.225 |
| Степени на слобода | 1 | 2 | 2 | 2 |
| П-вредност | 0.9775 | 0.4233 | 0.0031 | 0.1994 |

Во врска со степенот на линеарна поврзаност помеѓу отпорноста кај лицата со ментални нарушувања, возраста, бројот на хоспитализации и годините на лекување, анализата покажа нешто поизразена негативна линеарна врска, споредено со онаа кај благосостојбата. Имено, коефициентите на корелација помеѓу отпорноста и останатите 3 променливи се движат во распон помеѓу -0,6 и -0,73, што значи дека зголемување на возраста, бројот на хоспитализации, како и бројот на години на лекување, се проследени со намалување на степенот на отпорност кај лицата со ментални нарушувања. Ваквата линеарна поврзаност е визуелно прикажана на Графиконот 6.

Табела 8: Спирман коефициенти на корелација помеѓу отпорноста, возраста на испитаниците, бројот на хоспитализации и годините на лекување

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

| | Отпорност |
|---|---|
| Возраст | -0.60 |
| Хоспитализации | -0.68 |
| Лекување | -0.73 |

Графикон 6: Дијаграм на растурање помеѓу отпорноста, возраста на испитаниците, бројот на хоспитализации и годините на лекување




- *Модел*

Согласно утврдената методологија за тестирање на каузалната врска помеѓу отпорноста и благосостојбата кај лицата со ментални нарушувања, односно тестирање на поставената хипотеза дека зголемување на отпорноста води кон зголемување и на благосостојбата, оценет е регресивниот модел даден во Равенката 1 погоре во трудот. Резултатите од оценката на овој модел се следни:

Y = -0.1067 + 0.9123X

(0.17) (0.07) *Равенка (2)*

[-0.63] [13.05]

* Стандардни грешки во ()

** Т-статистики во []

<u>Со други зборови, резултатите од оценетиот модел покажуваат дека ако отпорноста се зголеми за 1 поен, благосостојбата кај лицата со ментални нарушувања во просек ќе се</u>

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

зголеми за 0,9123 поени. Имено, оценетиот коефициент на наклон во моделот изнесува 0,9123 и истиот е статистички значаен на ниво на значајност од 0,05, со т-статистика еднаква на 13,05 и соодветна п-вредност еднаква на 0. Коефициентот на отсечок во моделот изнесува околу -0,1 и истиот не е статистички значаен[49]. Оценката на овој модел визуелно е прикажана на Графиконот 7, додека пак деталните резултати се дадени во Прилог 3 на крајот од овој труд.

Графикон 7: Графички приказ на оценетиот регресивен модел




Од аспект на валидноста на оценетиот модел, истиот е статистички значаен (Ф-статистика еднаква на 160, со п-вредност еднаква на 0) и има висока прилагоденост (коефициент на детерминација еднаков на 0,72). Со други зборови, отпорноста објаснува околу 72% од варијациите во благосостојбата кај лицата со ментални нарушувања.

Според поставената методологија, моделот е добро специфициран (п-вредноста на спроведениот РЕСЕТ тест изнесува 0,4822), а резидуалите следат нормален распоред (Жарк-Бера статистика еднаква на 4,53, со п-вредност еднаква на 0,1037). Согласно очекувањата, во моделот е присутна одредена хетероскедастичност (Вајт тест еднаков на

[49] Коефициентот на отсечок нема логички оправдано значење за анализата, но истиот се вклучува во моделот од статистички причини.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

7,12, со п-вредност од 0,0285), поради што користени се робустни стандардни грешки на коефициентите при оценка на моделот. Преглед на оценетите резидуали од моделот, како и од спроведените дијагностички тестови, е даден во Прилог 4 до Прилог 7 на крајот од овој труд.

## Заклучок и дискусија

Со цел испитување на хипотезата дека зголемувањето на отпорноста кај лицата со ментално нарушување води кон подобрување на нивната благосостојба, спроведено е истражување на примерок од вкупно 62 испитаници, пациенти на болничко лекување во ЈЗУ Психијатриска болница Скопје. За потребите на ова истражување користен е анкетен прашалник составен од вкупно 23 прашања, од кои 8 демографски прашања, 5 прашања поврзани со благосостојбата на испитаниците, и 10 прашања кои се однесуваат на отпорноста. Благосостојбата во анкетниот прашалник се мери преку индексот на благосостојба на Светската здравствена организација (СЗО-5), додека пак, отпорноста е набљудувана според скалата на отпорност на Конор-Дејвидсон.

Врз основа на добиените резултати од спроведеното научно истражување, може да се констатира дека отпорноста има изразено позитивно влијание врз благосостојбата кај лицата со ментални нарушувања во Република Северна Македонија. Имено, зголемување на отпорноста за 1 поен би предизвикало речиси исто толкаво просечно зголемување на благосостојбата кај овие лица, односно поконкретно, зголемување на благосостојбата од 0,9123 поени во просек. Ваквите резултати се статистички значајни и се темелат на оценет регресивен модел, каде отпорноста е земена како независна променлива, додека пак благосостојбата е земена како зависна променлива.

Дополнително, анализата покажа и статистички значајно влијание од страна на некои демографски и социоекономски фактори кај лицата со ментални нарушувања, врз нивната благосостојба и отпорност. Конкретно, резултатите покажуваат дека лицата со ментални нарушувања кои се во редовен работен однос генерално имаат повисок степен на отпорност и повисока благосостојба од невработените лица и пензионерите.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Медијалната вредност на благосостојбата кај вработените лица изнесува 3,6 поени, додека пак медијалната вредност на отпорноста кај овие лица е 4 поени, односно речиси двојно повисоко отколку кај невработените и пензионираните лица.

Од друга страна пак, иако се забележани одредени разлики помеѓу одделни групи на испитаници, резултатите покажуваат дека полот, брачниот статус и дијагнозата кај лицата со ментални нарушувања немаат статистички значајно влијание врз нивото на благосостојба и отпорност. Ваквиот наод се должи на високиот степен на варијабилност во податоците за благосостојбата и отпорноста и широкиот опсег на вредности.

Конечно, резултатите од анализата покажуваат умерена негативна линеарна поврзаност помеѓу благосостојбата и возраста на испитаниците, бројот на хоспитализации и годините на лекување, со коефициенти на корелација од околу -0,5. Дополнително, нешто поизразена негативна линеарна врска има помеѓу отпорноста и останатите наведени променливи, со коефициенти на корелација помеѓу -0,6 и -0,73. Со други зборови, зголемувањето на возраста на лицата со ментални нарушувања, зголемувањето на бројот на хоспитализации и годините на лекување се проследени со намалување на отпорноста и намалување на благосостојбата кај овие лица.

Спроведеното истражување овозможува подобро разбирање на врската помеѓу отпорноста и благосостојбата кај лицата со ментални нарушувања во Република Северна Македонија, како и разбирање на влијанието кои одредени демографски и социоекономски фактори го имаат врз овие две променливи.

## Референци

[1] Dorfman,N., Reynolds,J.M. (2023), "The New Hysteria: Borderline Personality Disorder and Epistemic Injustice", International Journal of Feminist Approaches to Bioethics 16 (2):162-181.

[2] Gibson,Q.H. (2024), "Philosophy's Role in Theorizing Psychopathology", *Philosophy, Psychiatry, and Psychology,* 31 (1):1-12.

ISSN: 1857-8128

[3] Hsu,T., Lane,T.J. (2021), “Depressive rumination is correlated with brain responses during self-related processing”, Journal of Psychiatry and Neuroscience, 46:E518-E527.

[4] Lalumera,E. (2023), “‘Are mental disorders brain disorders?’ is a question of conceptual choice”, Philosophical Psychology, 1 (3):1-13.

[5] Mathieson,D. (2024), “Schizophrenic Thought Insertion and Self-Experience”, *Review of Philosophy and Psychology*,15(2):523-539.

[6] Smith,J.N. (2022), “The Moral Psychology of Obsessive-Compulsive Disorder”, Dissertation, University of California, Riverside.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

## Прилог 1: Оценка на регресивниот модел за благосостојбата

Dependent Variable: B_AVG
Method: Least Squares
Date: 07/13/24 Time: 22:36
Sample: 1 62
Included observations: 62
White-Hinkley (HC1) heteroskedasticity consistent standard errors and covariance

| Variable | Coefficient | Std. Error | t-Statistic | Prob. |
|---|---|---|---|---|
| C | -0.106716 | 0.169917 | -0.628044 | 0.5324 |
| O_AVG | 0.912274 | 0.069897 | 13.05166 | 0.0000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| R-squared | 0.727360 | Mean dependent var | 2.490323 |
| Adjusted R-squared | 0.722816 | S.D. dependent var | 1.344657 |
| S.E. of regression | 0.707938 | Akaike info criterion | 2.178806 |
| Sum squared resid | 30.07058 | Schwarz criterion | 2.247423 |
| Log likelihood | -65.54299 | Hannan-Quinn criter. | 2.205747 |
| F-statistic | 160.0706 | Durbin-Watson stat | 2.000700 |
| Prob(F-statistic) | 0.000000 | Wald F-statistic | 170.3458 |
| Prob(Wald F-statistic) | 0.000000 | | |

## Прилог 2: Оценети резидуали од регресивниот модел за благосостојбата



MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

## Прилог 3: РЕСЕТ тест за грешки во спецификацијата на моделот

Ramsey RESET Test
Equation: EQ01
Specification: B_AVG C O_AVG
Omitted Variables: Squares of fitted values

| | Value | df | Probability |
|---|---|---|---|
| t-statistic | 0.707317 | 59 | 0.4822 |
| F-statistic | 0.500297 | (1, 59) | 0.4822 |
| Likelihood ratio | 0.523520 | 1 | 0.4693 |

## Прилог 4: Вајт тест за хетероскедастичност

Heteroskedasticity Test: White

| | | | |
|---|---|---|---|
| F-statistic | 3.825268 | Prob. F(2,59) | 0.0274 |
| Obs*R-squared | 7.116720 | Prob. Chi-Square(2) | 0.0285 |
| Scaled explained SS | 9.165986 | Prob. Chi-Square(2) | 0.0102 |

## Прилог 5: Хистограм на оценетите резидуали




Series: Residuals
Sample 1 62
Observations 62

| | |
|---|---|
| Mean | -7.25e-16 |
| Median | 0.034803 |
| Maximum | 1.604984 |
| Minimum | -1.959926 |
| Std. Dev. | 0.702111 |
| Skewness | -0.545674 |
| Kurtosis | 3.750491 |
| Jarque-Bera | 4.531877 |
| Probability | 0.103733 |

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# RELATIONSHIP BETWEEN ADHD AND COMORBID CONDITIONS IN CHILDREN AGED 7 TO 12 YEARS

**Anastasia Naumovski, Andromahi Naumovska**

**Abstract**

Research shows that ADHD often coexists with other psychiatric problems. Children with ADHD have an increased risk of developing depression, anxiety, have difficulties in social communication, in terms of social skills, show aggressive or delinquent behavior, difficulties with self-regulation. problems with concentration, organizing thoughts and making decisions. This study included 25 children with ADHD and a control group of 26 healthy children, with the aim of examining the relationship between ADHD and depression, social communication or withdrawal, somatic complaints, schizoid behavior, hyperactivity, problems in psychosexual development, delinquent and aggressive behavior, behavioral problems, thinking difficulties and anxiety. The results confirm a statistically significant, positive correlation.

**Key words**: *ADHD, behavior, correlation, children from 7 to 12 years*

# ПОВРЗАНОСТ МЕЃУ АДХД И КОМОРБИДНИ СОСТОЈБИ КАЈ ДЕЦА ОД 7 ДО 12 ГОДИНИ

**Анастазија Наумовски, Андромахи Наумовска**

**Апстракт**

Истражувањата покажуваат дека АДХД често коегзистира со други психијатриски проблеми. Децата со АДХД имаат зголемен ризик за развој на депресија, анксиозност, имаат потешкотии во социјалната комуникација, во однос на социјалните вештини, покажуваат агресивно или деликвентно однесување, потешкотии со саморегулацијата. проблеми со концентрацијата, организирањето на мислите и донесувањето одлуки. Во ова истражување се вклучени 25 деца со АДХД и контролна група од 26 здрави деца, со цел да се испита поврзаноста помеѓу АДХД со депресивност, социјална комуникација или повлекување, соматски тегоби, шизоидно поведение, хиперактивност, проблеми во

психосексуалниот развој, деликвентно и агресивно поведение, проблеми во поведението, мисловни потешкотии и анксиозност. Резултатите потврдуваат статистички значајна, позитивна поврзаност.

***Клучни зборови:*** *АДХД, поведение, поврзаност, деца од 7 до 12 години*

## Вовед

АДХД често коегзистира со други психијатриски проблеми. Децата со АДХД имаат зголемен ризик за развој на депресија. Проблемите со самодоверба, академски и социјални потешкотии може да придонесат кон депресивни симптоми (1). Децата со АДХД често имаат потешкотии во социјалната комуникација, што може да доведе до социјално повлекување и изолација (2). Тие може да искусуваат психосоматски симптоми како главоболки, стомачни болки и други физички тегоби (3). Анксиозноста е честа коморбидна состојба. Проблемите со внимание и импулсивност може да доведат до зголемена анксиозност (4-6). Може да имаат потешкотии со импулсивноста и социјалните вештини, што може да влијае на нивниот психосексуален развој (7). Некои деца и адолесценти со АДХД може да покажуваат агресивно или деликвентно поведение, особено ако имаат и опозициски пркосен пореметување (ODD) или нарушување на однесувањето (CD). Општо, децата со АДХД често имаат потешкотии со саморегулацијата и може да се вклучуваат во проблематично однесување (8-9). Може да имаат проблеми со концентрацијата, организирањето на мислите и донесувањето одлуки. Иако ретко, може да покажуваат и шизоидни карактеристики како емоционална оддалеченост и ограничени социјални интеракции (10-12).

## Метод

Во оваа студија се вклучени деца на возраст од 7 до 12 години, дијагностицирани со АДХД, амбулантски и хоспитално третирани на Одделот за психофизиологија при Клиниката за детски болести, Скопје.

Според дијагнозата, испитаниците се поделени во:

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

- Експериментална група од 25 деца со АДХД и
- Контролна група од 26 здрави деца.

Зададени се следните психометриски инструменти:

- DSM V листа со симптоми на АДХД, со кој се мерат психолошките карактеристики на АДХД, посебно невнимание и хиперактивност/импулсивност.

- Прашалник за растројство на недостаток на внимание со или без хиперактивност (ADD/АДХД) според DSM V, со кој се мери нивото на внимание, хиперактивност, емоционална регулација и фокусирањето.

- CBCL (Child Behavior Check List) е стандардизира прашалник за проценка на поведението кај децата. Го пополнува родителот, а составен е од 113 прашања кои даваат податоци за особености, како што се: депресивност, социјална комуникација или повлекување, соматски тегоби, шизоидно поведение, хиперактивност, проблеми во психосексуалниот развој, деликвентно и агресивно поведение, проблеми во поведението, мисловни потешкотии и анксиозност. Скалата е прилагодена според возраста и полот на децата.

Резултатите се обработени во СПСС-26.

## Резултати и Дискусија

Во однос на меѓусебните релации меѓу тоталниот АДХД-скор како мерка за јачина на АДХД-симптомите и елементите на CBCL-скалата (шизофренија, депресија, соматицизам, социјално повлекување, хистерија, агресивност, деликвентно однесување), статистичките анализи утврдија неколку сигнификантни корелации, кои укажуваат на асоцијација на тоталниот АДХД-скор со дел од елементите на однесувањето на децата (слика 1).

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128




Слика 1: Корелации АДХД-CBCL елементи

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

На графиците е прикажан линеарниот тренд (црвена линија) заедно со 95% интервал на доверба на трендот (розево). Зелените испрекинати линии го претставуваат 95% интервал на доверба на корелацијата прикажан преку нормална биваријантна елипса.

Попрецизно, на тоталниот АДХД скор е сигнификантно асоциран со следниве елементи од однесувањето на децата, сугерирајќи дека истите имаат влијание врз АДХД симптоматологијата:

- **шизофреното однесување на децата влијае на тоталниот АДХД-скор** (корелацијата е позитивна, умерено силна и статистички високо значајна, $r = 0.572$, $^{**}p = 0.0001$);
- **соматицизмите влијаат на тоталниот АДХД-скор** (корелацијата е позитивна, умерено силна и статистички високо значајна, $r = 0.454$,** $p = 0.0008$);
- **депресивното однесување влијае на тоталниот АДХД-скор** (корелацијата е позитивна, слаба до умерено силна и статистички значајна, $r = 0.395$, $^{*}p = 0.004$);
- **социјалното повлекување влијае на тоталниот АДХД-скор** (корелацијата е позитивна, умерено силна и статистички високо значајна, $r = 0.491$, $^{**}p = 0.0003$);
- **хистеријата *силно* влијае на тоталниот АДХД-скор** (корелацијата е позитивна, силна и статистички високо значајна, $r = 0.600$, $^{**}p = 0.0001$);
- **агресивноста влијае на тоталниот АДХД-скор** (корелацијата е позитивна, умерено силна и статистички високо значајна, $r = 0.482$, $^{**}p = 0.0003$);
- **деликвентноста влијае на тоталниот АДХД-скор** (корелацијата е позитивна, слаба до умерено силна и статистички значајна, $r = 0.379$, $^{*}p = 0.006$);
- **тоталниот CBCL *силно* скор влијае на тоталниот АДХД-скор** (корелацијата е позитивна, силна и статистички високо значајна, $r = 0.650$, $^{**}p = 0.00001$).

Имајќи предвид дека голем дел од елементите на однесувањето на децата, скорирано според CBCL, е асоцирано со сигнификантни корелации со тоталниот АДХД-скор, е извршена мултиваријантна анализа со цел да се процени кои од овие елементи

ISSN: 1857-8128

имаат најсилно влијание врз АДХД симптоматологијата. Финалниот модел на мултипла регресија карактеризиран со највисока $R^2_{adj}$ вредност е прикажан на табела 1.

Табела 1: Мултипен регресионен модел за предикција на тоталниот АДХД-скор врз основа на однесувањето на децата скорирано според CBCL

| **Моделни ефекти (коваријанти)** | ***B*** | **SE** | ***t*** | ***p*** | ***β*** | **VIF** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| CBCL-хистерија | 1,2306 | 0,4388 | 2,80 | 0,0073* | 0,3512 | 1,4685 |
| CBCL-шизофренија | 1,6582 | 0,7095 | 2,34 | 0,0237* | 0,2924 | 1,4648 |
| CBCL-социјално повлекување | 1,6586 | 0,7829 | 2,12 | 0,0395* | 0,2438 | 1,2396 |
| Intercept | -2,5050 | 3,3611 | -0,75 | 0,4598 | 0 | . |

Како што се забележува, моделот има 3 моделни ефекти (CBCL-хистерија, CBCL-шизофренија, CBCL-социјално повлекување) и тоа сите проценети како сигнификантни предиктори на АДХД. Врз основа на овие резултати, може да се процени дека хистеријата, шизофреното однесување и социјалното повлекување кај децата најсилно влијаат врз АДХД симптоматологијата.

Врз основа на развиениот модел, може да се изведе следнава формула за предикција на тоталниот АДХД-скор:

Тотален АДХД скор = 1,2306×(хистерија) + 1,6582×(шизофренија) + 1,6586×(социјално повлекување) – 2,505

Добиениот модел е статистички мошне високо сигнификантен ($F$ = 15,52; $^{**}p$ = 0,0000003), со капацитет вклучените CBCL-моделни ефекти да можат да објаснат 49,77 % од варијабилноста на тоталниот АДХД-скор ($R^2_{adj}$ = 0,4977).

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Врз основа на предиктивната формула, беа моделирани 3D графици кои ги објаснуваат ефектите на хистеријата, социјалното повлекување и шизофреното однесување кај децата и како тие влијаат на тоталниот АДХД CBCL-скор (слика 2).




Слика 2: 3D модели базирани на мултиниот регресионен модел кои ги објаснуваат ефектите на шизофреното однесување, хистеријата и социјалното повлекување кај децата врз тоталниот АДХД-скор

АДХД често се јавува заедно со други психијатриски состојби како што се депресија, анксиозност, и агресивно поведение. Ова укажува на потребата за сеопфатен пристап при дијагностицирањето и третманот на децата со АДХД. Психопатологијата на родителите игра значајна улога во развојот на АДХД кај децата, што укажува на силната генетска компонента на ова нарушување. Психопатологијата на родителите може да влијае и преку епигенетски механизми и околински фактори. Децата со АДХД често имаат потешкотии во социјалната комуникација и емоционалната регулација, што може да доведе до социјално повлекување, проблеми во меѓучовечките односи и намалена самодоверба. Соматските тегоби како главоболки и стомачни болки се чести, што укажува на врската помеѓу психолошките и физичките симптоми.

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

Присуството на коморбидни состојби и сложеноста на симптомите укажуваат на важноста од рана дијагноза и мултидисциплинарен третман кој ќе вклучува медикаментозна терапија, психотерапија, и поддршка за семејството. Поради различните начини на кои АДХД може да се манифестира и коегзистира со други состојби, потребен е индивидуализиран пристап во третманот и управувањето со симптомите, кој ќе биде прилагоден на специфичните потреби на секое дете. Психопатологијата на родителите и влијанието на семејната средина на развојот на АДХД укажуваат на потребата од поддршка за целото семејство, вклучувајќи родителски тренинг и терапија за родителите, за да се создаде стабилна и поддржувачка околина за детето.

Како заклучок, АДХД е комплексно нарушување кое често коегзистира со други психијатриски и поведенски проблеми. Потребен е сеопфатен, мултидисциплинарен и индивидуализиран пристап во третманот и поддршката, кој ќе ги адресира сите аспекти на животот на детето со АДХД, вклучувајќи ги и семејните и социјалните фактори.

## Референци

[1] Biederman, J., Ball, S. W., Monuteaux, M. C., Mick, E., Spencer, T. J., McCreary, M., ... & Faraone, S. V. (2008). New insights into the comorbidity between ADHD and major depression in adolescent and young adult females. *Journal of the American Academy of Child & Adolescent Psychiatry*, 47(4), 426-434. DOI:10.1097/CHI.0b013e31816429d3

[2] Hoza, B. (2007). Peer functioning in children with ADHD. *Journal of Pediatric Psychology*, 32(6), 655-663. DOI:10.1093/jpepsy/jsm024

[3] Becker, S. P., Mehari, K. R., Langberg, J. M., & Evans, S. W. (2017). Sleep, internalizing symptoms, and peer functioning among adolescents with attention-deficit/hyperactivity disorder: Prospective associations and potential mechanisms. *Journal of Adolescence*, 61, 12-23. DOI:10.1016/j.adolescence.2017.09.001

[4] Jensen, P. S., Hinshaw, S. P., Kraemer, H. C., Lenora, N., Newcorn, J. H., Abikoff, H. B., ... & Vitiello, B. (2001). ADHD comorbidity findings from the MTA study:

Comparing comorbid subgroups. *Journal of the American Academy of Child & Adolescent Psychiatry*, 40(2), 147-158. DOI:10.1097/00004583-200102000-00009

[5] Asbahr FR.(2004). Anxiety disorders in childhood and adolescence: clinical and neurobiological aspects. J Pediatr (Rio J)

[6] *Essau CA., Petermann F. (1999). Anxiety disorders in children and adolescents. Epidemiology, risk factors and intervention. MMW Fortschr Med.*

[7] Barkley, R. A. (2006). Attention-deficit hyperactivity disorder: A handbook for diagnosis and treatment (3rd ed.). [Guilford Press]

[8] Connor, D. F., & Doerfler, L. A. (2008). ADHD with comorbid oppositional defiant disorder or conduct disorder: Discrete or nondistinct disruptive behavior disorders? *Journal of Attention Disorders*, 12(2), 126-134. DOI:10.1177/1087054707308486

[9] DuPaul, G. J., & Stoner, G. (2014). ADHD in the schools: Assessment and intervention strategies (3rd ed.). [Guilford Press]

[10] Pliszka, S. R. (2000). Patterns of psychiatric comorbidity with attention-deficit/hyperactivity disorder. *Child and Adolescent Psychiatric Clinics of North America*, 9(3), 525-540. DOI:10.1016/S1056-4993(18)30103-8

[11] Willcutt, E. G., Doyle, A. E., Nigg, J. T., Faraone, S. V., & Pennington, B. F. (2005). Validity of the executive function theory of ADHD: A meta-analytic review. *Biological Psychiatry*, 57(11), 1336-1346. DOI:10.1016/j.biopsych.2005.02.006

[12] Webb i sur. (2010). Pogrešne i dvojne dijagnoze darovite djece i odraslih: АДХД, bipolarni afektivni poremećaj, OCD (opsesivno-kompilzivni poremećaj), Aspregerov sindrom, depresija i ostali poremećaji. Zagreb: Veble commerce.

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

# LEGAL ASPECTS OF CORRUPTION

**Natasha Georgieva, PhD**

MIT University - Skopje, Republic of North Macedonia

natashageorgievaivanovska@gmail.com

## Abstract

According to the Criminal Convention for the Prevention of Corruption - corruption is defined as requesting, offering, promising or accepting an undeserved benefit, in an indirect or direct way, for the purpose of obtaining an undeserved benefit or promising such an undeserved benefit, all of which appears to be hindering the normal performance of a certain function or the prescribed behavior of the user of the undeserved cost or the undeserved benefit. According to the Civil Convention for the Prevention of Corruption - corruption is defined as requesting, offering, giving or accepting, directly or indirectly, an illegal payment and obtaining an undeserved benefit, which hinders the normal performance of a function or prescribed behavior of the user of the illegal payment or the illegal benefit.

**Keywords:** *corruption, legal acts to suppress corruption.*

# ПРАВНИ АСПЕКТИ НА КОРУПЦИЈАТА

**д-р Наташа Георгиева**

МИТ Универзитет - Скопје, Република Северна Македонија

natashageorgievaivanovska@gmail.com

## Апстракт

Според Кривичната конвенција за спречување на корупцијата – корупцијата се дефинира како барање, нудење, ветување или прифаќање на незаслужена корист, на посреден или непосреден начин, заради прибавување на незаслужена корист или ветување

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

на таква незаслужена корист, а сето тоа да се чини со попречување на нормалното вршење на одредена функција или пропишаното однесување на корисникот на незаслуженото чинење или незаслужената корист. Според Граѓанската конвенција за спречување на корупцијата – под корупција се подразбира барање, нудење, давање или прифаќање, посредно или непосредно, на недозволено чинење и прибавување на незаслужена корист, со што се попречува нормалното вршење на некоја функција или пропишано однесување на корисникот на незаконитото чинење или незаконитата корист.

**Клучни зборови:** *корупција, правни акти за сузбивање на корупцијата.*

## 1. ВОВЕД

Меѓународната заедница кон крајот на 20-тиот и почетокот на 21-иот век, поради тешките последици кои ги предизвикува корупцијата предлага да се превземаат што е можно повеќе мерки.

Завземањето на широки размери на корупцијата, како и нејзината блиска поврзаност со перењето пари и воопшто со организираниот криминал, доведува до се поголемо нивно интернационализирање, па по тој повод се зголемува заинтересираноста на меѓународната заедница која единствениот спас го гледа преку создавање на единствена стратегија за нејзино спречување.

Хронолошки гледано, паралелно со појавата ираспространетоста на општото зло – корупцијата, постепено се развиваат и соодветни мерки и институции за нејзино сузбивање, како на меѓународен план преку донесување на голем број договори и конвенции така и во внатрешен план при уредувањето на своето законодавство од страна на секоја држава која е директно инволвирана, заради обезбедување на превентивни услови за откривање и спречување на корупцијата.

Меѓународната заедница кон крајот на 20 и почетокот на 21 век поради тешките последици што ги предизвикува корупцијата предлага да се preземаат што е можно повеќе мерки, со цел да се обезбеди регулирање на истите на меѓународно ниво, кои се потребни за борба против корупцијата и воспоставување контрола врз истата. За да се

постигне сето тоа неопходно е донесување меѓународни прописи, договори, конвенции и сл. од страна на ОН, Европската Унија, Светската банка, Меѓународниот монетарен фонд, Светска трговска организација, ОЕЦД и сл

## 2. МЕЃУНАРОДНО – ПРАВНИ АКТИ ЗА СУЗБИВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

Заземањето на широки размери на корупцијата, како и нејзината блиска поврзаност со перењето пари и воопшто со организираниот криминал, доведува до се поголемо нивно интернационализирање, па по тој повод се зголемува заинтересираноста на меѓународната заедница која единствениот спас го гледа преку создавање на единствена стратегија за нејзино спречува.

Поврзаноста на корупцијата со организираниот криминал добива се поголеми транснационални димензии, и како резултат на ваквата состојба се рушат националните граници.

Хронолошки гледано паралелно со појавата и распространетоста на општото зло – корупцијата, постепено се развиваат и соодветни мерки и институции за нејзино сузбивање, карактеристично како на меѓународен план преку донесување на голем број на договори и конвенции така и во внатрешен план при уредувањето на своето законодавство од страна на секоја држава која е директно инволвирана, заради обезбедување на превентивни услови за откривање и спречување на корупцијата. За нејзино откривање се превземаат повеќе мерки од страна на инспекциските и контролните органи. Како и да е за да се обезбедат соодветни услови за спречување на корупцијата, неопходно е основање на соодветен орган – национално тело за борба против корупцијата.

Меѓународната заедница кон крајот на 20 – от и почетокот на 21 – от век, поради тешките последици кои ги предизвикува корупцијата предлага да се превземаат што е можно повеќе мерки, со цел да се обезбеди регулирање на истите, на меѓународно ниво, кои се потребни за борба против корупцијата и воспоставување на контрола врз истата. За да се постигне сето тоа неопходно е донесување на меѓународни прописи, договори,

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

конвенции и сл. од страна на ОН, Европската Унија, Светската Банка, Меѓународниот монетарен фонд, Светска трговска организација, ОЕЦД и сл.

### 2.1. Меѓународно – правни акти на Обединети нации

Претходник на Обединетите Нации е Друштвото на народите основано во 1919 год.

Обединетите Нации се меѓународна организација, основана во Сан Франциско Примарна цел на Обединетите Нации, и најголема бенифиција на нејзините членки, е да го одржуваат мирот. Таа го помага и поттикнува бизнисот и меѓународната трговија. Обединетите Нации, предвидуваат форум за земјите, со цел да ги унапреди нивните ставови и разреши конфликтите без насилство; овозможуваат земјите да соработуваат за да ги решат светските проблеми како што се – сиромаштијата, болестите и деградирањето на околината; служат како симбол за меѓународниот поредок и глобалниот идентитет; го унапредуваат и координираат економскиот и општествениот напредок на земјите во развој; ја помагаат и координираат работата на стотина агенции и програми кои се во склопот на самата организација или надвор од неа; собираат и објавуваат меѓународни податоци.

Како основни надлежности на Обединетите Нации се наведуваат следниве: превземање колективни мерки за зајакнување на меѓународниот мир; поттикнување на меѓународната соработка за решавање на меѓународни проблеми од областа на економијата, социјалата и културата и охрабрување за почитување на човековите права и слободи, еднакво важни за сите луѓе без разлика на расата, полот и религијата.

#### 2.1.1. Прирачник за антикорупциска политика

Прирачникот за антикорупциска политика на Обединетите Нации е подготвен од страна на Центарот за меѓународно спречување на криминалот (CICP)[50].

---

[50]Abjorensen, H., Combating Corruption, Tokyo University, 2014.

Овој Прирачник за антикорупциска политика на Обединетите Нации има за цел да послужи како водич на владите во нивната борба против корупцијата, или поточно нивната антикорупциска политика.

Од објавување на овој Прирачник во 1992 год., од страна на CICP, во меѓусебна соработка со американскиот оддел за правда, светот денес е сведок на невиден пораст во поддигнување и развивање на јавната свест од страна на владите и меѓународните агенции во однос на обемот и на негативните ефекти од корупцијата.

### 2.1.2. Виенска декларација за криминал и правда

Во рамките на Десеттата седница (Виена, Австрија, 10-17 април 2000) на Конгресот на Обединетите нации за спречување на криминалот и правдата на тема „Злосторство и правда, справувањето со предизвиците на 21-от век" се собраа стотици високи претставници на владите, академските институции, невладините организации и медиумите[51].

Конгресот дискутираше за следното:

1. Како да се промовира на владеењето на правото и да се зајакне системот на кривичната правда;
2. Меѓународна соработка во борбата против транснационалниот организиран криминал: новите предизвици во дваесет и првиот век;
3. Ефективна превенција на криминалот: држењето чекор со новите случувања;
4. Сторители и жртви: одговорност и правичност во процесот на правдата.

Покрај тоа, четири работилници се одржаа на тема на борбата против корупцијата, кривични дела поврзани со компјутерската мрежа, вклученост на заедницата во превенција на криминалот и жени во системот на кривичната правда.

[51]Конгресот се одржа од 10 - 17 април, по што следеше тридневниот состанок на 40 - члената комисија за спречување на криминалот и правдата.

ISSN: 1857-8128

Конгресот усвои декларација за отелотворување на заклучоците и препораките на земјите-членки и поставување на меѓународната агенда во превенција на криминалот и кривичната правда на почетокот на новиот милениум. Декларацијата ја нагласува одговорноста на секоја држава да воспостави и одржува фер, одговорен, ефикасен и етички систем на кривичната правда. Во оваа смисла, таа ја признава потребата да се развиваат и промовираат активности за техничка соработка за помош на државите во нивните напори да ги зајакнат своите домашни кривични судски системи и нивниот капацитет за меѓународна соработка.

Со погледите насочени точно на најлошите форми на транснационален организиран криминал, делегатите од 119 земји, вклучувајќи ги и 76 министри и други високи функционери, на состанокот во Виена, одлучија да преземат поефикасна заедничка акција за борба против проблемот со светскиот криминал[52].

Во сегментот на високо ниво на десеттиот конгрес на ОН за спречување на криминалот и третманот на прекршителите, усвоена е со акламација „Виенска декларација за криминал и за правда", во која тие бараат да се преземат одлучни и брзи мерки за борба против тероризмот, трговијата со луѓе, недозволената трговија со огнено оружје, криумчарењето на мигранти и проценетиот на 600.000.000.000 долари бизнис со перење пари[53].

Декларацијата ги обврзува државите да преземат засилена меѓународна акција против корупцијата и градење на постоечките норми на ОН. Таа, исто така ја нагласува потребата за ефективен меѓународен правен инструмент, независно од Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал. Конвенцијата ќе биде придружувана од факултативните протоколи насочени против недозволената трговија со лица.

Во текстот, делегатите го признаа „ветувањето на ресторативни пристапи за правда кои имаат за цел да го намалат криминалот и да се промовира лекување на жртвите,

---

[52]Abjorensen, H., Combating Corruption, Tokyo University, 2014.
[53]Abjorensen, H., Combating Corruption, Tokyo University, 2014.

ISSN: 1857-8128

сторителите и заедниците"[54]. Исто така ја истакнуваат потребата за напори што треба да се направат од страна на Центарот на ОН за спречување на развојот на меѓународниот криминал, во соработка со Институтот за правда. Тие напори треба да се во рамки на сеопфатен глобален преглед на организираниот криминал како референтна алатка, која што ќе им помогне на владите во политиката и развојот на соодветни програми.

Декларацијата дава поддршка на напорите за помош на државите при градење на капацитетите, вклучувајќи добивање на обука и техничка помош и во развојот на легислативата, регулативата или експертизата, со цел да се олесни нејзиното спроведување и нејзините протоколи.

Став 16 од Виенската Декларација, повикува на зголемена меѓународна акција против корупцијата, изградба на Кодексот на однесување и регионалните инструменти.

При усвојувањето на Виенската Декларација, побарано е од страна на Генералното Собрание да се подготват акциони планови за имплементација и следење на обврските во Декларацијата.

Акционите планови се поделени на:

- Национални;
- Меѓународни активности.

Акциониот план за борба против корупцијата во својата содржина ги регилира плановите за акција против транснационалниот организиран криминал и перењето пари.[55]

### 2.1.3. Декларација на Обединетите нации против корупцијата и подмитување во меѓународните комерцијални трансакции

Оваа Декларација, Генералното Собрание на ООН ја усвои во Декември 1996 год., која се занимава со јавниот и приватниот сектор. Декларацијата ги обврзува државите – членки на ООН, да превземат ефикасни и конкретни мерки за сузбивање на сите облици

[54]Tenth United Nations Congress on the Prevention of Crime and the Treatment of Offenders, Vienna, 10–17 April 2000: report prepared by the Secretariat (United Nations publication, Sales No. E.00.IV.8).
[55]www.uslugi.gov.mk

на корупција, подмитување и слични незаконски практицирања во меѓународните комерцијални трансакции.

Содржината на Декларацијата „повикува“ на донесување и спроведување на следниве закони:

1. Закон за забрана на подмитување во меѓународните трансакции;
2. Закон за криминализирање на поткупот на странски јавни службеници;
3. Закони со кои не се даваат даночни олеснувања за дадено мито од страна на некоја приватна или јавна корпорација, или поединец – на државата на некој јавен службеник, или на избран претставник од друга земја.

Декларацијата повикува на меѓународна соработка во истрагата, гонењето, екстрадација и други правни постапки поврзани со корупцијата и подмитувањето.

Декларацијата исто така повикува на развој, сметководствени стандарди и практики за подобрување на транспарентноста и бизнис кодови, стандарди или најдобрите практики со кои се забрзува „корупцијата, митото и соодветните деловни практики” во меѓународните комерцијални трансакции.[56]

## 2.1.4. Конвенција на Обединетите Нации против транснационален организиран криминал

Оваа Конвенција е усвоена од Генералното Собрание на Обединетите Нации, е склучена во Палермо, Италоја. Отворена е за потпишување од 12 до 15 декември 2000 год. Конвенцијата на Обединетите Нации против транснационалниот организиран криминал е потпишана од страна на 123 држави.[57] Во 2004 год., оваа Конвенција е ратификувана од Собранието на Република Македонија.

Целта на оваа Конвенција е да обезбеди поефикасна соработка за превенција и борба против транснационалниот организиран криминал.

[56] www. u4.no/dokument
[57] United Nations Covention Against Transnational Organised Crime.

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

Посебно место во оваа Конвенција е посветено на криминализација на корупцијата и мерки кои земјите – членки би требало да ги превземат за борба против корупцијата – како најголемо зло на правната и демократска држава.

Во оваа Конвенција од големо значење за спречување на корупцијата се член 8[58] и член 9[59]. Овие членови ги регулираат прашањата кои се однесуваат на криминализација на корупцијата и мерките кои треба да се превземат за борба против корупцијата.

Конвенцијата ги уредува следниве обврски: прашањата за извршување на кривични дела на организираниот криминал и корупцијата, меѓународната соработка, екстрадацијата и трансферот на осудените лица; специјални истражни мерки (контролирана испорака, електронско или други форми на набљудување и прикриени операции од нејзините компетентни органи на нејзината територија, се со цел да се постигне ефикасно спречување на организираниот криминал); обврска на секоја држава да ги заштитува сведоците и соработниците на правдата; полициска соработка – соработка помеѓу надлежните органи, агенции и служби на државите – членки; развивање, промоција и спроведување на проекти за превенција од транснационален организиран криминал преку соработка помеѓу полициските органи, обвинители и надлежни правни фирми, вклучувајќи ја и индустријата; промоција за кодекс на однесување на адвокатите, нотарите, даночни консултанти и сметководители; превенција од злоупотреба на правно лице од организирани криминални групи; развивање или подобрување на специфични програми за обука на полициските службеници, судии, јавни обвинители, царински персонал; мерки за собирање, размена и анализа на информации за природата на организираниот криминал.

---

[58]Член 8 – пропишува дека секоја земја треба да усвои законски и други мерки за да ги востанови како кривично дело, кога дејствијата се сторени со умисла,[58] кои вклучуваат странски државен службеник или меѓународен функционер, како и востановување како кривично дело и на други форми на корупција. Овој член пропишува и усвојување на потребни мерки со цел да го востанови како кривично дело учеството во својство на соизвршител во некое кривично дело востановено во согласност со член 8 од оваа Конвенција.

[59]Член 9 – пропишува дека во секоја земја, во нејзиниот правен систем потребно е да се усвои легислатива на административни или други мерки, со цел да се обезбеди интегритет, како и да се спречи и казни корупцијата на јавни службени лица; можност да се превземат мерки за ефикасна акција на надлежните органи во државите за превенција, откривање и казнување на корупцијата на јавните службени лица.

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

### 2.1.5. Конвенција на Обединетите нации против корупцијата

Текстот на Конвенцијата на Обединетите Нации против корупцијата бил договорен во рок од седум сесии на Ад Хок – Комитетот за преговорите на Конвенцијата за борба против корупцијата, одржан на 21. 01. 2002 год., и 01. 10. 2003 год.

0ваа Конвенција е усвоена од страна на Генералното Собрание на Обединетите Нации во Њујорк, со резолуција 58 % 4 од 31 октомври 2003 год. Конвенцијата била отворена за потпишување од 9 до 11 декември 2005 год. Во Мерида – Мексико, а потоа во седиштето на Обединетите Нации во Њујорк до 9 декември 2005 год., во согласност со член 67, став 1, од Конвенцијата. Исто така оваа Конвенција била отворена за потпишување од страна на регионалните организации за економска интеграција, под услов – најмалку една држава членка на таква организација да ја има потпишано оваа Конвенција.

Конвенцијата на Обединетите Нации за борба против корупцијата стапи на сила на 14 декември 2005 год.[60]

Конвенцијата е ратификувана од Република Македонија и е објавена во „Службен весник на РМ” бр.37/07.

Во Преамбулата на оваа Конвенција се посветува внимание на поврзаноста на корупцијата со други форми на криминал – организираниот криминал и перењето пари, загриженоста заради тежината на проблемите кои ги предизвикува корупцијата бидеејќи ги изложува на опасност стабилниот развој на правната држава.

[60]Член 68 став 1
1.Оваа Конвенција ќе стапи на сила на дваесетиот ден од денот на депонирањето на триесетиот инструмент за ратификација, прифаќање, одобрување или пристапување. За целите на овој став секој инструмент депониран од регионална организација за економска интеграција нема да се смета како дополнение на оние кои се депонирани од страна на земјите – членки на таквата организација.
2.Секоја држава или регионална организација за економска интеграција ја ратификува, прифаќа, одобрува или пристапува кон оваа Конвенција по депонирањето на триесетиот инструмент на таа акција. Оваа Конвенција ќе стапи во сила на триесетиот ден или организација на релевантен инструмент, оваа Конвенција ќе стапи на сила во согласност со став 1 од овој член.

Конвенцијата предвидува обврска сите држави да се борат против корупцијата и тоа се со цел за нејзино спречување, или во најмала рака нејзино постепено намалување. За да се постигне сето тоа потребна е нивна меѓусебна соработка.

Како основни цели на Конвенцијата се потенцираат следниве: унапредување и зајакнување на мерките за спречување и борба против корупцијата; унапредување, олеснување и подршка на меѓународната соработка и техничката помош за спречување на корупцијата;  враќање на имотите кои се резултат на корумптивни дејствија и унапредување на интегритетот, одговорноста и ефикасното управување со јавните работи и државниот имот.

Оваа Конвенција се применува во: насока на спречување на корупцијата, односно превентивна насока: истрага и гонење на кривични дела – и во прдделиктна и поделиктна насока: замрзнување, запленување, конфисакција и враќање на приносите кои се резултат и последица на кривичните дела: заштита на суверенитетот (Конвенцијата се применува со почитување на суверенитетот и територијалниот интегритет на државите и немешање во нивните внатрешни работи).

Корупцијата како прво и основно бара превенција. По тој повод во Конвенцијата е посветено цело поглавје на превенција, како во јавниот така и во приватниот сектор. Тие вклучуваат т.н. модел на превентивни политики[61].

Во членот 6 од Конвенцијата се наведува дека секоја држава треба да обезбеди еден или повеќе органи, кои ќе бидат овластени за превенција на корупцијата. Поради ефикасно извршување на функцијата  органите за превенција на корупцијата, треба да бидат заштитени од прекумерни влијанија, да имаат обезбедено  независност, материјални извори, специјализирани лица и обука на тие лица за успешно извршување на нивните функции.

[61]Модел на превентивни политики - воспоставување на антикорупциски тела и зголемена транспарентност во финансирањето на изборните кампањи и политичките партии. Антикорупциските тела треба да ги имплементираат антикорупциските политики, да дистрибуираат знаење. Антикирупциските тела мора да бидат независни и да имаат соодветно обучен персонал.

Со превентивните мерки се зајакнуваат: принципот на владеење на правото, доброто управување со јавните работи и државниот имот, интегритетотот,. транспарентноста и одговорноста при работа.

Превентивните мерки што можат да се превземат се групирани во осум различни области од општествениот живот: Јавен сектор: Кодекси за однесување на државните службеници; Јавни набавки и управување со јавните финансии: Информирање на јавноста; Мерки кои што се однесуваат на судиите и органите за кривичен прогон; Приватен сектор; Учество на општеството.[62]

1. Јавен сектор - Државата треба да изгради или да го зајакне постојниот систем и критериумите за избор, вработување, задржување, унапредување и пензионирање на функционерите – државните службеници кои се именувани од страна на државата. Системот треба да овозможи: предвидување на постапки за селектирање и обука на вработените на оние работни места кои се непосредно изложени на корупција;
2. Кодекси за стандарди за однесување на носителите на јавни овластувања - Според Конвенцијата Државата треба: да ги поддржува и охрабрува - интегритетот, чесноста и одговорноста при извршување на јавните функции од страна на држаните службеници; да усвои и да применува Кодекси за однесување на државните службеници; да усвои систем на мерки за да на носителите на јавните функции им се овозможи да ги известуваат надлежните органи за постоење на корумптивни дејсвија, кои ги воочиле при изврчување на нивните функции; да усвои системи на задолжително пријавување од страна на носителите на јавни функции до надлежните органи за нивната надворешна активност, вработување, инвестирање, имот или значаен подарок и добивка што може да доведе до судир на интереси; да усвои дисциплински мерки против носителите на јавните овластувања кои ги прекршиле постоечките одредби и стандарди;

[62] www.un.org

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

3. Јавни набавки и управување со јавни функции - Државата според Конвенцијата е должна да изгради системи за јавни набавки, засновани на принципите на транспарентност, конкурентност и објективни критериуми за одлучување - ефкасни за спречување на конкуренција[63];
4. Јавно информирање - Во областа на јавното информирање во Конвенцијата се потенцира дека Државата треба да превземе мерки за зајакнување на транспарентноста на нејзината јавна администрација – вклучуваејќи и информации за нејзината организација, функционирање и постапката на одлучување[64];
5. Мерки кои се однесуваат на правосудниот систем - Конвенцијата утврдува дека државата треба да превземе мерки, но при тоа треба да внимава да не наштети на независноста на судството, се мисли на зајакнување на интегритетот на судството и спречување на корупцијата помеѓу вработените во судството.

Приватен сектор[65] - Државата треба да ги зајакне мерките за отчетност и контрола на приватниот сектор, и да се донесат ефикасни граѓански, административни или кривични санкции за неисполнување на предвидените мерки.

За да се постигне тоа потребно е: подобрување на соработката помеѓу службите за спроведување на законот и соодветните органи во приватниот сектор; подобрување на постапките кои се однесуваат на заштитата на интегритетот на приватните субјекти; подобрување на транспарентноста помеѓу приватните субјекти; да нема злоупотреба на

[63]Државите треба да превземат мерки за унапредување на транспарентноста и одговорноста во управувањето со јавните финансиски постапки за усвојување на националниот буџет; навремени информирања за приходите и расходите; систем на критериуми за пресметка и ревизија; успешни и ефикасни системи за управување со ризици и внатрешна контрола и конкретни мерки доколку дојде до неуспешно исполнување на утврдените барања.

[64]Мерките треба да содржат постапки кои овозможуваат на граѓаните поголема достапност до информацииите кои се однесуваат на организацијата, функционирањето и постапката на одлучување на јавната администрација; полесен пристап на јавноста до надлежните одлучувачки органи и јавно објавување на информациите (се мисли на периодичните извештаи за опасноста од корупцијата во областа на јавната администрација).

[65]Корупцијата во приватниот сектор е обработена во член 21 од Конвенцијата на Обединетите Нации против корупцијата.

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

постапките за основање на приватни субјекти; спречување на судирот на интереси, како и обезбедување на задоволителна внатрешна контрола, и тоа се со една цел – откривање и спречување на корумптивните дејствија.

Со цел да се спречи корупцијата во приватниот сектор Конвенцијата утврдува дека е неопходно да се оневозможи:

1. Отварање на сметки надвор од книговодствените книги;
2. Незаведување во книговодствени книги на направени трансакции или неправилна идентификација на трансакциите;
3. Внесување на непостоечки расходи;
4. Внесување на обврски со погрешна идентификација на предметите;
5. Употреба на лажни документи;
6. Намерно уништување на книговодствените книги, порано од предвидениот законски рок.[66]

Факт е дека секоја држава треба да забрани фискално одбивање на трошоци кои претставуваат поткуп, како и секои расходи што се направени во корумптивна насока.

Во Конвенцијата се предвидува казнивост само за свесно и намерно извршување на кривичните дела од областа на корупцијата. Државата не смее да има селективен пристап во борбата против корупцијата и таа да прерасне во политички реваншизам; таа потребно е да изгради праведен систем на казнување; да обезбеди покрај кривичната одговорност и дисциплинска одговорност за корумптивните кривични дела; да изгради ефикасен систем на заштита од одмазда на сведоци, вештаци, жртви кои сведочат за корумптивни кривични дела; да обезбеди специјализирани органи за борба против корупцијата и да овозможи соработка со други органи на кривичен прогон; да ја развие соработката на органите на државно и меѓународно ниво за успешно справување со корупцијата; да овозможи меѓудржавна – директна соработка на органите за кривично гонење во борбата против

[66] Јовчевски, Ј., Прирачник на Конвенцијата на Обединетите Нации за борба против корупцијата, Скопје, Октомври, 2005.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

корупцијата; мора да ја легализира примената на специјалните истражни мерки, заради поголем успех во борбата против корупцијата.

Државата е потребно да ја зајакне меѓународната соработка на остварувањето на целите на конфисакција на криминалните приноси стекнати со корумптивните кривични дела, да ја развие соработката на меѓудржавен план: Пример - започнување или водење на истрага, доставуввање на информации до другите држави и сл. , да ја развива и подобрува обуката на лицата одговорни за превенција и борба против корупцијата, да прави постојани анализи, по пат на консултирање на експерти како од Република Македонија така и со странски експерти, за корупцијата на нивната територија; како и околности под кои делата се извршени и целокупните информации кои се производ на постојаните анализи – да ги споделува со други држава.

### 2.2. Меѓународно – правни акти на Советот на Европа

Корупцијата преставува сериозна закана за владеење на правото, како и закана за општествената и економската стабилност на државите – членки на Советот на Европа.

Државите – членки на Советот на Европа потенцираат дека корупцијата претставува сериозна закана за демократијата, правдата и човековите права. По тој повод ги поставува принципите на доброто управување, праведноста и социјалната правда.

#### 2.2.1. Казнена Конвенција за спречување на корупција

Оваа Конвенција државите – членки на Советот на Европа ја донесоа на 10 и 11.10.1997 год., заради заштита на општеството од корупција и јакнеење на меѓународната соработка, како и изнаоѓање на заеднички одговори на предизвиците кои се производ на масовното ширење на корупцијата.[67]

Оваа Конвенција е ратификувана од Република Македонија и е објавена во „Службен весник на РМ" бр.32/99

[67]РАТИФИКУВАНИ МЕЃУНАРОДНИ ПРАВНИ ИНСТРУМЕНТИ ЗА БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА И ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ, ПРВО ИЗДАНИЕ, Република Македонија, Министерство за правда, Скопје, 2010.

Конвенцијата содржи одредби кои се однесуваат на активна и пасивна корупција на националните јавни службеници (член 2 и 3), и активна и пасивна корупција во приватниот сектор (член 7 и 8).

Со оваа Конвенција се уредуваат: прашањата за казнување на активната и пасивната корупција, сторена од страна на членовите на националните јавни институции, странски јавни службеници и член или лице на било која јавна институција која врши законодавна или управна функција на некоја друга држава; ги уредува прашањата на перење на приходи од корупција и сметководствени кривични дела; предвидува посебни мерки неопходни за работа на лица и органи специјализирани за борба против корупцијата ( овие органи треба да се потполно независни во рамките на правниот систем); утврдува кривична одговорност за вршење на влијание; пропишува надлежност на домашните судови за можните сторители на кривичните дела на корупција; побарува усвојување на законски мерки со кои ќе се овозможи правните лица да се сметаат за одговорни за акти на корупција, вршење влијание и перење пари.

За успешна борба против овој вид криминал, во Конвенцијата се предвидени следниве мерки: лишување од слобода; парична казна; конфисакција на приходите добиени по пат на корупција; заплена на банкарски и трговски досиеја; посебна специјализација на лица кои работат во сузбивањето или во најмала рака намалувањето на овој вид на криминалитет – корупцијата и усвојување на законски мерки за ефикасна соработка на правото од една страна и заштита на сведоците кои даваат изјави кои се однесуваат на делата на корупција од друга страна.

### 2.2.2. Цивилна Конвенција за спречување на корупцијата

Цивилната Конвенција за спречување на корупцијата е донесена од страната на Советот на Европа во 1999год., и истата е ратификувана од Собранието на Република Македонија во 2002 год., а стапува во сила 2003 год.

Конвенцијата предвидува обврска секоја држава – потписничка да пропише средства во домашното законодавство, заради заштита на лицата што претрпеле штета како резултат на некое дело на корупција и да им обезбеди заштита на нивните права и

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

интереси и можност да им се надомести за претрпената штета, која може да биде материјална, нематеријална и изгубена добивка. За да се надомести штетата во внатрешното законодавство потребно е обвинетиот да го извршил или го овозможил извршувањето на корупција, или не првзел соодветни мерки да го спречи и да постои причинско – последична врска помеѓу корупцијата и штетата. Конвенцијата во својата содржина ги пропишува и роковите во кои може да се бара надомест на штетата (субјективниот рок изнесува три години а објективниот десет години од денот на дејството на корупцијата). Внатрешното законодавство треба да обезбеди надоместокот да биде ограничен или дозволен.

Посебно се заштитени од казна вработените кои имале основа за сомневање дека всушност постои корупција и кои со добра намера ги известиле одговорните лица и власти.

### 2.2.3. Резолуција (97) 24 за дваесетте водечки принципи за борба против корупцијата

Комитетот на Министри на Советот на Европа, ги има усвоено дваесетте водечки принципи за борба против корупцијата од кои треба да се раководат државите и тие се состојат во следното:

1. Државите да превземат ефикасни мерки за превенција на корупцијатаи во врска со тоа да се подигне јавната свест и да се промовира етичкото однесување;
2. Да се координира криминализација на националната и на меѓународната корупција;
3. Да обезбедат органите надлежни за превенција, спроведување на истрага, обвинување и за пресудување за делата на корупција, да ја имаат потребната независност и автономност соодветно на нивните функции, да бидат ослободени од несоодветно влијание, како и да имаат ефикасни средства за прибирање докази, за заштита на лицата кои им помагаат на властите во борбата против корупцијата и за зачувување на доверливоста на истрагите;

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

4. Да обезбедат соодветни мерки за запленување и за лишување од средствата остварени во врска со кривичните дела поврзани со корупција;
5. Да обезбедат соодветни мерки за оневозможување правните лица да бидат искористени за прикривање на прекршоци врзани со корупцијата;
6. Да го ограничат имунитетот – заради поведување истрага, обвинување или пресудување за кривични дела на корупција, до степен што е неопходен за демократските општества;
7. Да промовираат специјализација на лицата или на органите надлежни за борба против корупцијата и да им обезбедат соодветни средства и соодветна обука за извршување на нивните задачи;
8. Да обезбедат фискалната регулатива и органите надлежни за нејзиното спроведување да придонесуваат за сузбивање на корупцијата на ефикасен и координиран начин, особено во однос на одбивањето да се дадат даночни олеснувања, согласно со законот или со практиката, за давање поткуп или за други трошоци поврзани со кривичните дела на корупција;
9. Организацијата, функционирањето и постапката за донесување одлуки од страна на јавната администрација да ја имаат предвид потребата за сузбивање на корупцијата, особено преку осигурување на транспарентност, конзистентна на потребата за постигнување ефикасност;
10. Правата и надлежностите на јавните службеници да ги земаат предвид барањата за борба против корупцијата и да обезбедат соодветни и ефикасни дисциплински мерки; промовирајќи ја натамошната спецификација за очекуваното однесување на јавните службеници преку соодветни средства како што се кодексите за однесување;
11. Да се применуваат соодветни постапки за контрола на активностите на јавната администрација и на јавниот сектор;
12. Да ја потврдат улогата која што може да ја одигра постапката за контрола во заштитата и во откривањета на корупцијата, надвор од јавната администрација;

ISSN: 1857-8128

13. Системот на јавните обврски и одговорности да ги зема предвид последиците од корумпираното однесување на јавните службеници;
14. Да усвојат соодветни транспарентни постапки за јавните набавки, кои промовираат фер конкуренција и одвраќање на корумпираните лица;
15. Да поттикнат усвојување, преку избрани претставници, на кодексите за однесување и да промовираат правила за финансирање на политичките партии и на изборните кампањи што ќе ја застапуваат борбата против корупцијата;
16. Да осигураат дека медиумите имаат слобода да примаат и да пренесуваат информации во врска со корупциските работи, кои се само предмет на ограничување и рестрикции, неопходни за демократските општества;
17. Да осигураат дека граѓанскиот закон ја зема предвид потребата од борба против корупцијата и да обезбедува особено ефикасни жалбени постапки за оние чии што права и интереси се погодени со корупцијата;
18. Да ги поттикнат истражувањата во однос на корупцијата;
19. Од секој аспект на борбата против корупцијата да се земаат предвид можните поврзувања со организираниот криминал и со перењето пари;
20. Да развиваат најширока можна меѓународна соработка во сите области на борбата против корупцијата и со цел да промовира динамичен процес за ефективно спречување и сузбивање на корупцијата[68].

## 3. ЗАКЛУЧОК

Меѓународните конвенции структурално ги уредуваат најзначајните правила, и тоа:

- се дефинира и стандардизира терминологијата;
- се бара од државите во своите законодавства да инкорпорираат определени кривични дела - учество во организирана криминална група, криминализација

[68]Маневски, М., Корупцијата во Република Македонија, превентивни и казнени мерки за спречување, Скопје, 2005.

на перење приноси од криминал, криминализација на корупцијата и опструкција на правдата;

- се воспоставува одговорност на правни лица;
- се создава обврска за воведување конфискација и заплена на имот и приходи од криминал, меѓународна соработка за цели на конфискацијата и располагање со конфискуваниот имот;
- се определува правна надлежност за кривичните дела од конвенциите;
- се уредува екстрадицијата, трансферот на осудени лица, заемната правна помош и споените истраги;
- создаваат обврска државите потписнички во своите законодавства да предвидат правна основа за примена на специјални истражни мерки, како што се: прислушувањето, контролираната испорака, користењето на базата на податоци и други мерки предвидени во Законот за кривична постапка;
- содржат одредби за трансфер на кривични постапки и споени истраги;
- создаваат можност за непосредна примена под услови предвидени во конвенциите;
- утврдуваат мерки за заштита на сведоците и помош и заштита на жртвите и на соработниците на правдата;
- содржат обврски за полициска соработка во справување со кривичните дела од конвенциите;
- содржат обврски за преземање мерки за превенција, обука и техничка помош на институциите и кадрите во тие институции;
- содржат одредби за воспоставување меѓународна соработка.

## 4. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

[1] Abjorensen, H., Combating Corruption, Tokyo University, 2014.

[2] Јовчевски, Ј., Прирачник на Конвенцијата на Обединетите Нации за борба против корупцијата, Скопје, Октомври, 2005.

[3] Маневски, М., Корупцијата во Република Македонија, превентивни и казнени мерки за спречување, Скопје, 2005.

[4] РАТИФИКУВАНИ МЕЃУНАРОДНИ ПРАВНИ ИНСТРУМЕНТИ ЗА БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА И ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ, ПРВО ИЗДАНИЕ, Република Македонија, Министерство за правда, Скопје, 2010.

[5] Tenth United Nations Congress on the Prevention of Crime and the Treatment of Offenders, Vienna, 10–17 April 2000: report prepared by the Secretariat (United Nations publication, Sales No. E.00.IV.8).

[6] United Nations Covention Against Transnational Organised Crime.

[7] www.uslugi.gov.mk

[8] www. u4.no/dokument

[9] www.un.org

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# DIFFERENCES IN THE MANIFESTATION OF ADDITIONAL SYMPTOMS IN CHILDREN WITH ADHD COMPARED TO CHILDREN WITHOUT ADHD

**Andromahi Naumovska, Anastasia Naumovska**

## Abstract

ADHD (Attention Deficit Hyperactivity Disorder) is a neuropsychiatric disorder that usually appears in childhood and can last into adolescence and adulthood. Children with ADHD may also experience other symptoms and comorbid conditions. This research included 25 children with ADHD and a control group of 26 healthy children. The following psychometric instruments were administered: MMPI (Minnesota Multiphasic Personality Inventory) and CBCL (Child Behavior Check List). This research shows that ADHD often coexists with other psychiatric disorders, requiring a multidimensional approach to diagnosis and treatment.

***Keywords:*** ADHD, comorbid conditions, accompanying symptoms

# РАЗЛИКИ ВО МАНИФЕСТАЦИЈА НА ДОПОЛНИТЕЛНИ СИМПТОМИ КАЈ ДЕЦА СО АДХД, СПОРЕДЕНО СО ДЕЦА БЕЗ АДХД

**Андромахи Наумовска, Анастазија Наумовски**

## Апстракт

АДХД (Attention Deficit Hyperactivity Disorder) или Нарушување на вниманието и хиперактивноста, е невропсихијатриско нарушување кое најчесто се појавува во детството и може да трае во адолесценцијата и возрасната доба. Децата со АДХД можат да искусат и други симптоми и коморбидни состојби. Во ова истражување се вклучени 25 деца со АДХД и контролна група од 26 здрави деца. Зададени се следните психометриски инструменти: MMPI (Minessota Multiphasic Personality Inventory) и CBCL (Child Behavior Check List). Ова истражување покажува дека АДХД често коегзистира со други психијатриски нарушувања, што бара мултидимензионален пристап во дијагнозата и третманот.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

**Клучни зборови-** АДХД, коморбидни состојби, пропратни симптоми

## Вовед

АДХД (Attention Deficit Hyperactivity Disorder) или Нарушување на вниманието и хиперактивноста, е невропсихијатриско нарушување кое најчесто се појавува во детството и може да трае во адолесценцијата и возрасната доба (1,2). Главните карактеристики на АДХД се потешкотии со одржување на вниманието, хиперактивност и импулсивност. АДХД е комплексно нарушување кое влијае на извршните функции на мозокот, вклучувајќи го планирањето, организирањето и контролата на импулсите. АДХД (Нарушување на вниманието и хиперактивноста) не е ограничено само на невнимание, хиперактивност и импулсивност (3-5). Истражувањата покажуваат дека децата со АДХД можат да искусат и други симптоми и коморбидни состојби како емоционална дисрегулација (брзи и чести промени во расположението, лесно се фрустрираат и имаат тешкотии да се справат со стресни ситуации, неочекувани и неконтролирани емоционални реакции), проблеми со извршните функции (тешкотии со организирање задачи и активности, потешкотии во задржување и манипулирање на информации во умот кратко време, тешкотии со распоредување и почитување на времето), когнитивни потешкотии (понекогаш можат да имаат периоди на ментална "замрзнатост" или бавна мисла., прекумерна фиксација на одредена задача или активност, понекогаш на штета на други обврски). Како коморбидни состојби се појавуваат генерализирана анксиозност, социјална анксиозност, панични напади, депресија, нарушувана во спиењето, дислексија, дисграфија, други специфични нарушувања во учењето, нарушување на однесувањето (6-15).

## Метод

Во оваа студија се вклучени деца на возраст од 7 до 12 години, дијагностицирани со АДХД, амбулантски и хоспитално третирани на Одделот за психофизиологија при Клиниката за детски болести, Скопје.

Според дијагнозата, испитаниците се поделени во:

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

- Експериментална група од 25 деца со АДХД и
- Контролна група од 26 здрави деца.

Зададени се следните психометриски инструменти:

- MMPI (Minessota Multiphasic Personality Inventory) е персонален тест кој ќе биде даден на родителите на испитаникот. Со овој тест се мерат неколку клинички скали на: хипохондрија, депресија, хистерија, психопатска девијација, машкост/женскост, параноја, психостенија, шизофренија, хипоманија и социјална интроверзија.

- CBCL (Child Behavior Check List) е стандардизира прашалник за проценка на поведението кај децата. Го пополнува родителот, а составен е од 113 прашања кои даваат податоци за особености, како што се: депресивност, социјална комуникација или повлекување, соматски тегоби, шизоидно поведение, хиперактивност, проблеми во психосексуалниот развој, деликвентно и агресивно поведение, проблеми во поведението, мисловни потешкотии и анксиозност. Скалата е прилагодена според возраста и полот на децата.

Резултатите се обработени во СПСС-26.

## Резултати

Споредбата на централните тенденции помеѓу децата со АДХД и здравите контроли за секој од испитуваните психолошки параметри е претставена на следнава табела (Табела 1).

Табела 1: Споредба меѓу децата со АДХД и здравите деца

| Параметар | Деца со АДХД | Здрави деца | Статистичка сигнификантност |
|---|---|---|---|
| Iq[a] | 117 ± 12 | 118 ± 21 | $P$ = 0,749 (*ns*) |
| АДХД скала | | | |
| АДХД-внимание[б] | 12 (IQR = 7) | 0 (IQR = 0) | $**p = 3,9 \cdot 10^{-9}$ |
| ADHD-хиперактивност/импулсивност[б] | 11 (IQR = 6) | 0 (IQR = 0) | $**p = 2,6 \cdot 10^{-10}$ |
| АДХД-емоционална регулација[б] | 6 (IQR = 11) | 0 (IQR = 0) | $**p = 3,2 \cdot 10^{-8}$ |

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

| | | | |
|---|---|---|---|
| АДХД-прекумерно фокусирање[б] | 0 (IQR = 2) | 0 (IQR = 1) | $P$ = 0,791 (*ns*) |
| АДХД тотален скор за јачина на симптомите[б] | 31 (IQR = 11) | 1 (IQR = 3) | $^{**}p = 7{,}6\cdot10^{-10}$ |
| CBCL скала | | | |
| CBCL-шизофренија[б] | 4 (IQR = 6) | 1 (IQR = 3) | $^{**}p$ = 0,0005 |
| CBCL-депресија[б] | 10 (IQR = 9) | 5 (IQR = 4) | $^{*}p$ = 0,002 |
| CBCL-соматицизам[б] | 3 (IQR = 5) | 1 (IQR = 3) | $^{*}p$ = 0,005 |
| CBCL-социјално повлекување[б] | 4 (IQR = 4) | 2 (IQR = 2) | $^{**}p$ =0,0001 |
| CBCL-хистерија[б] | 24 (IQR = 8) | 21.5 (IQR = 6) | $^{**}p = 6{,}4\cdot10^{-11}$ |
| CBCL-агресивност[а] | 17,36 ± 9,62 | 7,73 ± 6,30 | $^{**}p$ = 0,00009 |
| CBCL-деликвентно однесување[б] | 2 (IQR = 4) | 0,5 (IQR = 1) | $^{*}p$ = 0,034 |
| Тотален CBCL скор[а] | 59,28 ± 23,77 | 25,88 ± 14,92 | $^{**}p = 2{,}1\cdot10^{-7}$ |

Како што се забележува од Табела 1, статистичките резултати покажаа отсуство на сигнификантни разлики во IQ-скорот меѓу АДХД и здравите деца ($p$ = 0,749, *ns*). Разликите меѓу АДХД и здравите деца во однос на параметрите кои се однесуваат на АДХД-скалата беа статистички високо сигнигикантни (на ниво на $^{**}p$ < 0,0000001), односно беше покажано дека АДХД децата имаат сигнификантно повисоки скорови за АДХД-внимание, АДХД-хиперреактивност / импулсивност и АДХД-емоционална регулација. Разликата во тоталниот АДХД скор меѓу двете групи беше исто така високо сигнификантна ($^{**}p = 7{,}6\cdot10^{-10}$). Сепак, не беа детектирани сигнификантни разлики во однос на прекумерното фокусирање помеѓу двете групи.

Во однос на CBCL-скалата, исто така беа детектирани високо сигнификантни разлики, односно АДХД децата беа карактеризирани со сигнификантно повисоки скорови за CBCL-шизофренија ($^{**}p$ = 0,0005), CBCL-депресија ($^{*}p$ = 0,002), CBCL-соматицизам ($^{*}p$ = 0,005), CBCL-социјално повлекување ($^{**}p$ =0,0001), CBCL-хистерија (елемент со највисока сигнификантност за разлика меѓу двете групи $^{**}p = 6{,}4\cdot10^{-11}$), CBCL-

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

агресивност (**$p$ = 0,00009), CBCL-деликвентно однесување (*$p$ = 0,034) и тотален CBCL скор (**$p = 2{,}1 \cdot 10^{-7}$), во однос на здравите деца.

## Дискусија

Истражувањата покажуваат дека АДХД често коегзистира со други психијатриски и развојни нарушувања, што може да го комплицира дијагностичкиот и терапевтскиот процес (6-15). Ова истражување исто така покажува дека АДХД често коегзистира со други психијатриски нарушувања, што бара мултидимензионален пристап во дијагнозата и третманот. Постои поврзаност помеѓу АДХД и шизофренија, иако двете нарушувања се различни. Лицата со АДХД имаат поголем ризик за развој на психотични нарушувања, вклучувајќи шизофренија. Депресијата е исто така коморбидна состојба кај лицата со АДХД. Анксиозноста е многу честа кај децата со АДХД, што го потврдува и ова истражување, што значи дека значителен број на деца имаат анксиозни нарушувања како генерализирана анксиозност и социјална анксиозност. Социјалното повлекување може да биде последица на коморбидни состојби како анксиозност или депресија кај децата со АДХД, како и поради проблеми со извршните функции кои влијаат на социјалните вештини. АДХД е поврзан со повисок ризик од развој на опозициско пркосно нарушување (ODD) и нарушување на однесувањето (CD), кои можат да доведат до деликвентно однесување.

## Референци

[1] Barkley, R..A. (2006). Attention-deficit hyperactivitiy disorder: a handbook for diagnosis and treatment. New York: Guilford Press.

[2] Delić, T. (2001). Poremećaj pažnje i hiperaktivnosti(АДХД).Kriminologija i socijalna integracija 2001, 9 (1-2), стр. 1-10.

[3] Spencer TJ., Biederman J., Mick E. (2007). Attention-deficit/hyperactivity disorder: diagnosis, lifespan, comorbidities, and neurobiology. J Pediatr Psychol

[4] Pop-Jordanova, N. (2011). Nevropsihologija. Skopje: Kultura.

[5] World Health Organization (1993). The ICD-10 Classification of Mental and Behavioural Disorders: Diagnostic Criteria for Research. Geneva, World Health Organization.

[6] Ferek, M. (2010). Hiperaktivni sanjari: bolji, lošiji, drugačiji: osvrt na АДХД-deficit pažnje/hiperaktivni poremećaj. Zagreb: Buđenje- udruga za razumijevanje АДХД-a.

[7] Jensen, C. M., & Steinhausen, H. C. (2015). "Comorbid mental disorders in children and adolescents with attention-deficit/hyperactivity disorder in a large nationwide study." Journal of the American Academy of Child and Adolescent Psychiatry, 54(1), 47-54. DOI:10.1016/j.jaac.2014.10.007

[8] Asbahr FR.(2004). Anxiety disorders in childhood and adolescence: clinical and neurobiological aspects. J Pediatr (Rio J)

[9] Essau CA., Petermann F. (1999). Anxiety disorders in children and adolescents. Epidemiology, risk factors and intervention. MMW Fortschr Med.

[10] Cepreganov, Kostovska. (2019). Agresija (Mokta na coveckiot destruktiven nagon). Skopje: Evropa 92- Kocani

[11] Biederman, J., Faraone, S. V., & Mick, E. (1996). "Attention-deficit hyperactivity disorder and juvenile mania: an overlooked comorbidity?" Journal of the American Academy of Child and Adolescent Psychiatry, 35(8), 997-1008. DOI:10.1097/00004583-199608000-00008

[12] Schatz, N. K., & Rostain, A. L. (2006). "ADHD with comorbid anxiety: A review of the current literature." Journal of Attention Disorders, 10(2), 141-149. DOI:10.1177/1087054705283572

[13] Hoza, B. (2007). "Peer functioning in children with ADHD." Journal of Pediatric Psychology, 32(6), 655-663. DOI:10.1093/jpepsy/jsm024

[14] Sibley, M. H., Pelham, W. E., Molina, B. S. G., et al. (2011). "The delinquency outcomes of boys with ADHD with and without comorbidity." Journal of Abnormal Child Psychology, 39(1), 21-32. DOI:10.1007/s10802-010-9443-9

[15] Head D, Bolton D&Hymas N. (1996). Deficit in cognitive shifting ability in patients with obsessive-compulsive disorder. Biological Psychiatry

[16] Ferek, M. (2010). Hiperaktivni sanjari: bolji, lošiji, drugačiji: osvrt na АДХД-deficit pažnje/hiperaktivni poremećaj. Zagreb: Buđenje- udruga za razumijevanje АДХД-a.

[17] Jensen, C. M., & Steinhausen, H. C. (2015). "Comorbid mental disorders in children and adolescents with attention-deficit/hyperactivity disorder in a large nationwide study." Journal of the American Academy of Child and Adolescent Psychiatry, 54(1), 47-54. DOI:10.1016/j.jaac.2014.10.007

[18] Asbahr FR.(2004). Anxiety disorders in childhood and adolescence: clinical and neurobiological aspects. J Pediatr (Rio J)

[19] Essau CA., Petermann F. (1999). Anxiety disorders in children and adolescents. Epidemiology, risk factors and intervention. MMW Fortschr Med.

[20] Cepreganov, Kostovska. (2019). Agresija (Mokta na coveckiot destruktiven nagon). Skopje: Evropa 92- Kocani

[21] Biederman, J., Faraone, S. V., & Mick, E. (1996). "Attention-deficit hyperactivity disorder and juvenile mania: an overlooked comorbidity?" Journal of the American Academy of Child and Adolescent Psychiatry, 35(8), 997-1008. DOI:10.1097/00004583-199608000-00008

ISSN: 1857-8128

[22] Schatz, N. K., & Rostain, A. L. (2006). "ADHD with comorbid anxiety: A review of the current literature." Journal of Attention Disorders, 10(2), 141-149. DOI:10.1177/1087054705283572

[23] Hoza, B. (2007). "Peer functioning in children with ADHD." Journal of Pediatric Psychology, 32(6), 655-663. DOI:10.1093/jpepsy/jsm024

[24] Sibley, M. H., Pelham, W. E., Molina, B. S. G., et al. (2011). "The delinquency outcomes of boys with ADHD with and without comorbidity." Journal of Abnormal Child Psychology, 39(1), 21-32. DOI:10.1007/s10802-010-9443-9

[25] Head D, Bolton D&Hymas N. (1996). Deficit in cognitive shifting ability in patients with obsessive-compulsive disorder. Biological Psychiatry

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# CONTEMPORARY CHALLENGES OF THE LIBRARIES IN THE NEW CENTURY

**Kotovcevska, S**

"Ss. Cyril and Methodius" University in Skopje,

Faculty of Pedagogy „St. Kliment Ohridski"– Skopje, Republic of Macedonia

suzana_kot@yahoo.com

**Shterjoska Mitreska, A**

"Ss. Cyril and Methodius" University in Skopje,

Faculty of Pedagogy „St. Kliment Ohridski"– Skopje, Republic of Macedonia

asterjos@yahoo.com

**Abstract**

Throughout history, libraries have always been a center, a beacon and a significant place in which the collective memory of humanity and civilization is continuously preserved from the earliest times to the present day. If the human race did not collect and organize knowledge, it would never have its own history and future. The largest libraries have always represented an expression and a basic integral part of advanced civilizations – a center of national identity, a place where cultures live and pulsate in the rhythm of the past and the future, a place where the future of the new age and civilization can be felt.

Libraries as a symbol of civilized societies have a huge and irreplaceable importance for the entire society as well as for each individual. They are a testimony to the value that society attaches to knowledge and learning, and thus to the truth. Libraries as information services are fully committed to the obligation to offer their users relevant information sources and services without any restrictions and without any form of censorship.

In order to fully realize the library goals, the librarian, as the main bearer of the overall library activity, should possess a certain amount of knowledge, abilities, values and attitudes through which he, as an information expert, will provide answers to many questions and face a series of challenges regarding the development of the library activity. In that context, he

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

constantly improves relations with users in order to promptly and efficiently respond to their needs.

The focus of this paper will be the analysis of contemporary challenges that libraries will inevitably face in the stages of their transformation, which is typical of the new historical and civilizational context.

**Keywords**: Libraries, challenges, information, librarian.

## СОВРЕМЕНИ ПРЕДИЗВИЦИ НА БИБЛИОТЕКИТЕ ВО НОВИОТ ВЕК

**Котовчевска, С,**

suzana_kot@yahoo.com

**Штерјоска Митреска, А**

asterjos@yahoo.com

### Апстракт

Низ историјата библиотеките отсекогаш претставувале средиште, светилник и центар во којнепрекинато се чува колективната меморија на човештвото и на цивилизацијата од најстари врамиња до денес. Доколку човековата раса не го собереше и средеше знаењето никогаш не ќе имаше своја историја и иднина. Големите библиотеки отсекогаш претставувале израз и основен составен дел на напредните цивилизации – средиште на националниот идентитет, место каде што културите живеат и пулсираат во ритамот на минатото и иднината, место каде што може да се почувствува иднината на новото време и на цивилизацијата.

Библиотеките, како симбол на цивилизираните општества, имаат огромна и незаменлива важност за целокупното општество како и за секој поединец. Тие се сведоштво за вредноста која општеството им ја придава на знаењето и на учењето, а со самото тоа и на вистината. Библиотеките како информациски сервиси во целост се посветени кон обврската на своите корисници да им понудат релевантни информациски извори и услуги без никакви ограничувања и без било каков облик на цензура. За да се

реализираат во потполност библиотечните цели библиотекарот, како основен носител на целокупната библиотечна дејност, треба да поседува определен квантум на знаење, способности, вредности и ставови преку кои тој, како информациски експерт, ќе даде одговори на многу прашања и ќе се соочи со низа предизвици во однос на развојот на библоиотечната дејност. Во тој контекст тој постојано ги усовршува односите со корисниците со цел навремено и ефикасно да одговори на нивните потреби.

Во фокусот на овој труд ќе биде анализата на современите предизвици со кои неминовно ќе се соочат библиотеките во фазите на нивната трансформација којашто е типична за новиот историски и цивилизациски контекст.

**Клучни зборови**:*библиотеки, предизвици, информација, библиотекар*

## ВОВЕД

Библиотечната дејност низ богатата традиција на своето постоење, отсекогаш била во функција на човекот, но се менувала во согласност со промените во општеството, прилагодувајќи се на барањата на своите корисници. Промените во општеството ја наметнувале потребата од промени во библиотеките кои бараат редефинирање на позициите и целите на сите институции кои работат со информации, знаење и култура. Со современите позитивни промени на библиотеките се идентификуваат како еден од клучните елементи за отворен пристап до информации, што е клучно за развојот на демократското општество во информатичкото општество.

Со проширувањето на електронските информации и комуникации,а посебно на мрежните информации,се создадоа и неопходните услови за појава на дигиталните библиотеки.Тоа овозможи не само едноставен оддалечен пристап до библиотечниот он-лајн -каталог, туку и на оддалечениот пристап до самите колекции. Дигитализацијата на списанијата, книгите, визуелната граѓа и архивските збирки ги прават овие извори потенцијално достапни до сите корисници во светот,каде и да се наоѓаат.Мрежните подобрувања го променија и начинот на комуницирање, што за последица ќе има и

значајни промени во традиционалните библиотечни структури со цел да се овозможи и подобро организирање на информациите и пристапот до нив.

Со позитивните и современи промени во образованието, се менува и функцијата на библиотеките која се повеќе таа прераснува во библиотечен, информативен и мултимедијален центар. Со тоа работата на библиотекарот станува многу комплексна и динамична која покрај висок професионализам бара и големи менаџерски способности. Темелите на професијата и вештината на библиотекарите, како и нивната улога, најверојано ќе обезбедат библиотекарството да преживее и во следниот период. Главните вештини што традиционално се однесуваат на информициските стручњаци, како што се користењето на информациите, обучувањето, проценката и грижата за корисниците, уште долго ќе бидат актуелни и значајни. Вредностите што претставуваат темел на библиотечната струка, како што се вредностите на нудењето услуги, квалитет , сеопшт пристап и соработка ќе останат да пулсираат и во новиот век. Со цел библиотеката да го оправда своето постоење во светот на електрониката, „таа мора да продолжи со остварување на една од најважните функции што ја има сега во светот на печатот, а тоа е да организира пристап до (солидно конципирани, систематизирани и проверени безбројни извори на информации и знаења – забелешка на авторот), на таков начин што тие ќе станат значајни за заедницата на корисниците и да останат физички и интелектуално достапни за сите.[69]

Брзиот раст на информациската и комуникациската технологија претставува вреден сојузник при реализацијата на претстојните промени и зајакнувањето на соработката на јавните библиотеки и граѓанското општество. Библиотеките се информативни центри кои нудат широк спектар на услуги за граѓаните, „се здружуваат“ различните услуги на едно место сè со цел да се усвои пристап ориентиран кон клиентите. Главната цел на оваа идеја е: „ Библиотеките во денешно време да прераснат во модерни центри кои добро функционираат, водени од филозофијата „корисникот на прво место“

[69] Библиотекарска теорија и практика , Библиотекарство, Волумен 24 (2006), бр. 2,стр.10-12

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# БИБЛИОТЕКИТЕ ВО СОВРЕМЕНОТО ОПШТЕСТВО – НИВНИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ И ФУНКЦИИ

Обезбедување на повисок квалитет на учењето, подучувањето и истражувањето претставува новиот современ предизвик за библиотеки во новиот век. Обезбедувањето на квалитетна и проверена информација е мошне значајно особено во однос на задоволување на информативните потреби на корисниците, односно пронаоѓање и прибирање на научните информации, нивна обработка и средување и ставање во функција на истите, се со цел задоволување на потребите на корисниците.

Новите генерации денес растат и се развиваат во дигиталниот свет а тоа ја наметнува констатацијата дека во информатичката доба пребарувањето преку Web постанува поважно од библиотечните збирки, а библиотекарите поважни од библиотеките. Тоа ја наметнува потребата за целосна трансформација на библиотеките, покрај информациите со кој располага библиотеката кој е прв и пресуден фактор за успешно и целосно остварување на библиотечната дејност, неопходно е да се профилира солиден и квалификуван библиотечен кадар со нови знаења карактеристични за новата информатичка доба. Создавањето на висококвалитетен и професионален библиотечен кадар може да се постигне само со поставување на високи етички и професионални стандарди, кадар кој непрекинато ќе се едуцира и ќе биде подготвен за тимско работење и квалитетно управување со библиотеките, како и кадар кој ќе биде способен да одговори на новите предизвици за успешно и непречено функционирање на библиотеките во новото цивилизациско опкружување .

Современото библиотекарство и услуги кои треба да ги воспостави и развива во функција на своите корисници, се наоѓаат пред серија на нови современи предизвици и цели:

- брзо и лесно пронаоѓање на одговори на едноставните прашања;
- стекнување на нови вештини;
- полесно совладување на наставните содржини;
- продлабочување на сопствените знаења;

ISSN: 1857-8128

- пронаоѓање на бараната научна информација;
- да откријат определени новости за дадената научна област, или да дојдат до вредни информации;
- да позајмат литература за читање во слободно време;
- да комуницираат со колегите преку расположливата телекомуникациска технологија;
- оптимален и мирен амбиент за научно тврдење и учење;
- пристап до најсовремените електронски научни збирки.

Новиот пристап во овој значаен сегмент бара и воспоставување на потесна врска со корисниците, односно појасно и сеопфатно утврдување на местото на библиотеките во рамките на севкупните општествени процес, со цел полесно следење на современите барања на корисниците . Со користењето на знаењето и вештините на библиотекарите ( кои треба да бидат на исклучително високо ниво), библиотеките може да постане нов облик на организација на корисниците од повеќе структури, научната работа и животот во рамките на академската заедница. Само новиот облик на организација на академската настава (организиран на овие современи принципи), овозможи максимално користење на сите расположливи ресурси, новите техники и телекомуникации, но и целосен интелектуален живот заснован врз хумани односи.

## МАРКЕТИНГОТ – НЕОПХОДЕН ПРЕДУСЛОВ ЗА ЕФИКАСНО ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА БИБЛИОТЕКИТЕ ВО СВЕТЛОТО НА НОВИОТ ВЕК

Маркетингот претставува функција на менаџментот која ја пренасочува куповната моќ на корисниците во ефикасна побарувачка за услугите на библиотеките. Само во услови кога развојот на библиотечно-информацискиот систем ќе се вклопи со промената на маркетингот, опфаќајќи го целокупниот работен процес, може да се постигнат оптимални резултати. Овој вид на кохезија е многу значаен и неопходен како концепт на интегралниот маркетинг со единствена цел заживување на маркетингот во права смисла

ISSN: 1857-8128

на зборот. Тоа посебно ќе биде потенцирано ако го прифатат сите одделенија, односно оддели во рамките на установата како деловна филозофија и ако почнат секогаш во нивниот фокус на интерес да го имаат корисникот. Според сите елементи маркетингот претставува визионерство, најдобар начин, но во исто време и еден од најскапите, за неговата примена во современата доба.

Давањето на услуги од страна на библиотеките треба да биде тесно поврзано со одржување на нивниот квалитет и тоа посебно во сферата на информациските услуги, промоција на литературата и подршка при преведувањето на информациите во знаење. Информацијата е екстерна, подложна на собирање и безживотна, додека знаењето е интернационализирано, бавно се гради и води кон акција.

Сеуште во светот постојат три значајни општествени прашања кои се однесуваат на јакнење на информациското општество, а за кои сѐуште не е добиен одговор:

- „информацијата како „проблем”: да се знае што постои и како да се пристапи кон тоа;
- да се знае како да се „прочита” информацијата и како да се протолкува;
- потешкотиите околу трансформирањето на информациите во знаење како субјективен процес кој зависи од индивидуалните способности”.[70]

За таа цел, библиотекарите ќе бидат сè повлијателни доколку обезбедат амбиент општеството да ги согледува библиотеките како клучни институции на културната политика во кои се обезбедува пристап до информациите и во кои се унапредува развојот на нивната интерпретација. Заедничкиот именител на овие значајни функции на библиотеките во новиот општествен и глобален амбиент претставува создавање на знаење и вредности во духот на интелектуалните слободи.

[70] Anglada i de Ferrer, Luis, M. (1999). El paper de la biblioteques a la societat informacional: pro postes per a l’administració pública catalana. In: Catalunya davant la societat de la informació: hous actors i noves politiques públiques. Eugènia Salvador (ed.) Barcelona: Mediterrània, p. 73-100.

Во менаџментот и маркетингот на библиотеките треба јасно да се потенцира дека поединците и организациите, врз основа на природата на интересите, можеме да ги распределиме во следните групи:

- корисници,
- персонал,
- добавувачи,
- конкуренти и т.н.

Со цел успешно да се одвива менаџментот на библиотеките неопходно е библиотеките правилно да ги идентификуваат своите „акционери"[71] и нивните интереси и да изнајдат модел преку кои ќе се воспостават и унапредат односите со нив.

Како основни предизвици и актуелни проблеми на маркетингот во наредниот период можеме да ги потенцираме следните:

- Како да се зголеми бројот на членовите и како да се одржи лојалноста на членовите?

- Кој промени би требало да ги спроведат библиотекарите?

- Каков треба да биде односот спрема младите?

Основните параметри на одговорот на првото прашање подразбираат објавување на статии во печат, обезбедување списоци на работите /активностите/, обуката, семинарите, тркалезните маси и т.н. Сите овие активности би требало да бидат бесплатни за членовите, вклучувајќи ги и услугите околу организираните посети, попуст за организираните патувања и т.н.

Промените што ќе треба да ги спроведуваат библиотекарите, според Глорија Перез - Салмерон би требало да се одвиваат на три нивоа:

[71] Zabeleska: So ogled na specifi~nata priroda na rabotniot process vo bibliotekite kako kulturno-prosvetni ustanovi, terminot akcioner se stava pod navodnici.

– „ во доменот на стекнување квалификации;

– во доменот на професионалните активности и

– во општественото и професионалното опкружување”.[72]

Во врска со тоа каков треба да биде односот спрема младите, генерално можеме да констатираме дека нив во ниту еден случај не треба да ги потценуваме, треба да ги осознаеме и да ги унапредиме нивните вредности, да ги сослушаме кога е потребно и перманентно да работиме  на зголемување на нивното членство. Некои библиотеки практикуваат и редовни средби со младите, разговори околу професионалните проблеми со единствена цел - покренување на корисни иницијативи во функција на оплеменување на работниот процес  и збогатување на работната атмосфера  и климата на меѓусебна доверба.

Исто така, не би требало да се потценуваат разговорите „лице в лице” со младите и можноста за вклучување на членовите директно во процесот на стратегиско планирање. За поуспешно остварување  на нивната функција на овој план значајна е и соработката со другите институци. секогаш нивната работа треба да биде проследена и со значајна публицистичка (медиумска) промоција и активност.

Исто така за поуспешно управување со промените, како и за ефикасен менаџмент на библиотеките во отежнатите финансиски, технички, кадровски, организациски и други услови неопходно е во наредниот период јасно да се детерминираат „акционерите„ на библиотеките чии интереси примарно се насочени кон библиотеките.

Новиот спектар на објективни и субјективни потешкотии кои сè поотворено се манифестираат со своето негативно делување, во никој случај не треба да ги спречат библиотеките во нивните секојдневни напори и настојувања посмело да се вклучат во информатизацијата и глобализацијата на општеството.

[72] Ibid:

ISSN: 1857-8128

Во овој контекст мошне значајно е и маркетиншкото опкружу-вање на библиотеките. Од тоа дали и во која мера библиотеките ќе бидат интегрирани во своето опкружување ќе зависи и ефикасноста на работата и на нивното функционирање /делување/.

Тоа првенствено ќе се одразува врз прибавувањето на финан-сиски средства со кои ќе се обезбеди непречено остварување на редовната дејност на библиотеката, односно ќе се овозможи високо ниво на нејзин поинтензивен развој. Библиотекарите со своето активно делување ќе мора повеќе да влијаат врз промената на јавното мислење во оваа насока и да влијаат врз политичарите и власта во целост (на сите нивоа) со цел да развијат поголем слух потребите на библиотеките.

За таа цел, ќе мора да се формулира стратегиски план со искристализирана - јасно утврдена програма, односно „асортиман” на услуги кои би требало да се финансираат со јасно пресметани трошоци и претстава за „пазарот” на кој им се наменети. Во тој случај, поголема ќе биде веројатноста од буџетот да се издвојат средства за така јасно дефинирани потреби на библиотеките кои се исправени пред многу нови современи предизвици.[73]

Исто така, маркетингот сè повеќе се потврдува и во областа на публицистичката дејност преку постепеното пополнување на досегашните празнини со објавување на статии и монографии од оваа област, како и изработка на мултимедијални презентации. Маркетингот би требало да придонесе во голема мера за успешно лобирање за потребите на библиотеките, со цел тие поуспешно и поцелосно да се вклучат во развојот на современото информатичко општество. Тоа е единствениот начин преку заедничка акција библиотеките да ги надминат овие кризни - критични фази во нивниот развој и да постанат тоа што и навистина сè - срце на секое општество на интелектуална слобода.

[73] Котовчевска, С. (2007). Македонското библиотекарство низ вековите. Скопје, стр.296 – 301.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

## ЗАКЛУЧОК

Современиот историски цивилизациски контекст кои го детерминира новото историско и цивилизациско опкружување и новиот општествен амбиент во кои ќе треба да функционираат библиотеките во новиот век претставува огромен предизвик за нивното трансформирање и „фаќање чекор“ со новите барања и потреби, како и со новите предизвици пред кои се исправени библиотеките во совренениот свет. Предизвиците се многубројни, а во тој контекст и одговорите на овие предизвици за библиотеките ќе бидат многубројни, комплексни, содржајни и во зависност од духот на новото време. Од нивното целосно и брзо преорентирање и адаптирање во новите општествени и техничко – технолошки околности , во голема мера ќе зависи нивното понатамошно опстојување и обезбедување на „место под сонцето“ од кое ќе зависи и нивната иднина и континуитет во нивното непрекинато историско функционирање.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

[1] Brophu, P.: The Library in the twenty – first century (new services for the information AGE), London, English by Library Association Publishing, 2000, p. 119.

[2] Brophu, P : Towards a generic model of information and library services in the information age, Journal of Documentation, 56(2), 2000, p. 161-184.

[3] IFLA: UNESCO Public library manifesto, IFLA, 1995.

[4] Brofi, P. (2005). Biblioteke u dvadeset prvom veku. Beograd: CLIO.

[5] Giljarevski, M. (1984). Увод у документацију и комуникацију. Загреб.

[6] Fox, E.A., Sornil,O. (1999). Digital Libraries, Modern Information Retrieval. Baeza – Yates, R. and Ribeiro – Hero, B. (eds.) Addison.

[7] Pallant, J. (2011). SPSS Priručnik za preživljavanje (prevod 4. Izdanja). Beograd: Mikro knjiga,.

[8] Sjuzan I. Higins. (2009). Javne biblioteke I sluzbe za mlade. Beograd: Narodna biblioteka Srbije

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

[9] Zoen Miler, Zan-Luj M. (2006). Menadzment biblioteka. Beograd: CLIO - Narodna biblioteka Srbije.

[10] Бакаршиќ, К. (1997). Увод у дигиталне библиотеке (текст, хипертекст и мета језик). Сарајево.

[11] Котовчевска, С.

[12] Котовчевска, С. (2019).Библиотеките низ вековите. Скопје

[13] Питер Клејтон (2009). Управување со изворите на информации во библиотеките. Скопје.

[14] Матутиновиќ. С.Ф. (2002). Нови трендови и библиотекарството. ИНФОТЕКА бр. 1-2

[15] Lesk, M. (1997). Practical Digital Libraries – Books, Bytes & Bucks. Morgan Kaufmann: San Francisko.

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# THE IMPACT OF THE PANDEMIC FROM THE COVID – 19 VIRUS ON THE FUNCTIONING OF THE LIBRARIES OF THE MUNICIPALITIES OF THE CITY OF SKOPJE

**Kotovcevska, S**
"Ss. Cyril and Methodius” University in Skopje,
Faculty of Pedagogy „St. Kliment Ohridski“– Skopje, Republic of Macedonia
suzana_kot@yahoo.com

**Shterjoska Mitreska, A**
"Ss. Cyril and Methodius” University in Skopje,
Faculty of Pedagogy „St. Kliment Ohridski“– Skopje, Republic of Macedonia
asterjos@yahoo.com

## Abstract

Throughout history, libraries are continuously transforming and developing, continuously enriching their contents, with new constructive solutions, with new stylistic features that symbolize certain eras. Each era leaves indelible traces in their architectural composition, their shape and in the rich decoration of the interior. The new changes were always a function of the increased demands from the libraries and their functionality, which was correlated with the continuous growth of book funds, book collections, the way they are housed, manipulating the consequences of the functional organization and the constructive solutions. Libraries, as one of the basic features of civilization, stimulate the mind with their content, provoke original thinking and highlight new ways of seeing the world. States and nations that are concerned about the overall development of the potential of their citizens and that want to enrich the freedom of expression have a great need and historical responsibility for the development of libraries and librarianship.

In modern library operations, the importance of electronic sources of information used by modern libraries, and in that context also public libraries, has grown to a great extent. It

inevitably imposed the need to emphasize the importance of accurate and verified information, as well as its use by library users. With the increase of electronic sources of information used by public libraries, it has been possible to make them more accessible to users even during disasters such as the case of the pandemic of the Covid-19 virus. A special emphasis of the research was placed on the analysis of the impact of the emerging crisis situation in the sphere of organization and functioning of public libraries at the level of the city of Skopje.
**Keywords:** *public libraries, functioning, users, pandemic.*

## ВЛИЈАНИЕТО НА ПАНДЕМИЈАТА ОД ВИРУСОТ СОВИД – 19 ВРЗ ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА БИБЛИОТЕКИТЕ НА ОПШТИНИТЕ НА ГРАД СКОПЈЕ

**Котовчевска, С,**
suzana_kot@yahoo.com
**Штерјоска Митреска, А**
asterjos@yahoo.com

### Апстракт

Библиотеките во текот на своето постоење низ историјата непрекинато се трансформираат и се развиваат, континуирано ги збогатуваат своите содржини со нови конструктивни решенија и со нови стилски карактеристики кои симболизираат определени епохи. Секоја епоха остава неизбришливи траги во нивната архитектонска композиција, во нивниот облик и во богатата декорација на ентериерот. Новите промени се во функција на зголемените барања од библиотечните клиенти, функционалноста на промените е во корелација со непрекинатиот пораст на книжните фондови, на збирките на книги, на начинот на нивното сместување, на манипулирањето со консеквенци на функционалната организација и на конструктивните решенија. Библиотеките, како едно од основните обележја на цивилизацијата, со нивната содржина го поттикнуваат умот, предизвикуваат оригинално размислување и ги истакнуваат новите начини на гледање на

светот. Државите и нациите кои се загрижени за севкупниот развој на потенцијалите на своите граѓани и кои сакаат да ја збогатуваат слободата на изразување, имаат огромна потреба и историска одговорност за развојот на библиотеките и на библиотекарството.

Во современото библитечно работење во голема мерка порасна значењето на електронските извори на информации кои ги користат современите библиотеки, а во тој контекст и јавните библиотеки. Тоа неминовно ја наметна потребата од потенцирање на важноста на точните и проверени информации, како и на нивното користење од страна на корисниците на библиотеката. Со зголемувањето на електронските извори на информации кои ги користат јавните библиотеки се овозможитие да бидат подостапни за корисниците дури и за време на непогоди како што беше случајот со пандемијата од вирусот на Ковид – 19. Посебен акцент на истражувањето беше ставен анализата на влијанието на новонастанатата кризна состојба во сферата на организација и функционирањето на јавните библиотеки на ниво на град Скопје.

**Клучни зборови:** *јавни библиотеки, функционирање, корисници, пандемија.*

## ВОВЕД

Јавните библиотеки претставуваат информациско, медиумско, комуникациско и културно средиште на корисниците на библиотечните услуги. Содржината на јавната библиотека ја сочинува фонд на книжна и на некнижна граѓа, која со можноста за пристап до електронските извори на информации и стручната работа на библиотечниот персонал, служи за задоволување на информациските, образовните, стручните и културните потреби на корисниците.

Во суштина, јавните библиотеки како центри на знаење и култура, на суптилен начин, ја обединуваат традицијата и современоста, претставувајќи линк на временската вертикала, бидејќи тие ги следат најновите образовни и информациски потреби на своите корисници. Овие библиотеки претставуваат функционално поврзување на повеќе извори

на знаења (книги, аудио и видео-касети, филмски ленти, компјутери, современи аудиовизуелни средства), што подразбира мултимедиски приод.

Во поголем број општествени заедници со различни култури, јавните библиотеки се дефинираат како културни институции кои ги формира државата со основна функција и цел, на населението без разлика на годините, занимањето, афинитетите и образовното ниво, да им го обезбеди она што се нарекува или класифицира како информација, која што е заедничко добро за некое општество или држава. Информациите опфаќаат мноштво од основни податоци за кои граѓаните покажуваат интерес заради проширување на сопствените сознанија во сите подрачја и предмети од општи, стручни или специјализирани знаења. При тоа, граѓаните се поттикнуваат да ги користат книгите и другите посредници во културата на сите начини и сите средства, за слободното време да го поминат за нив на најкорисен и најпрофитабилен начин, со што и на општеството би му донело добро. 74

## МЕСТОТО И СОВРЕМЕНАТА УЛОГА НА ЈАВНИТЕ БИБЛИОТЕКИ ВО ФУНКЦИЈА НА „ДИГИТАЛНОТО ЗНАЕЊЕ“

Во современиот свет сè повеќе се истакнува поврзаноста на библиотечно-информациската дејност со процесот на образованието и потребата за доживотно учење. Нејзината иднина се согледува и преку „дигиталното знаење”, бидејќи „ако знаењето е моќ” (Френсис Бекон), тогаш „дигиталното знаење е уште поголема моќ” (Мартин Дилон). Иако образованието се движи по патот на индустријата на знаење, јавните библиотеки во иднина треба да овозможат што подиректен пристап до знаењето под рамноправни услови за сите корисници. Досегашниот принцип на управување со информациите треба брзо да се трансформира во управување со знаењето. Дали библиотеките во новата „конфронтација” со Интернет имаат шанса да ја зачуваат својата позиција, нормално

[74] Библиотекарска теорија и практика , Библиотекарство, Волумен 30 (2013), бр. 1-2,стр.35-36

видеоизменета според новите современи предизвици, во голема мера зависи од професионалниот развој на библиотечниот кадар кој претставува една од важните компоненти, ако не и најважна за целокупниот развој на библиотекарството во XXI век.

За целосно и успешно остварување на функциите на јавните библиотеките, покрај библиотечниот материјал кој е значаен фактор на овој план, неопходно е да се профилира солиден квалификуван библиотечен кадар со високи професионални и етички стандарди, кадар кој непрекинато ќе се едуцира и ќе биде подготвен за тимско работење и за квалитетно управување со библиотеките.

Денес на светско ниво се повеќе се наметнува прашањето како да се создаде библиотечен кадар што ќе биде способен да се прилагодува и позитивно да одговори на брзиот развој на науката, техниката и општеството во целост.

Постојано се водат дебати за идниот профил на библиотекарите, нивото на нивното образование, професионалното воспитување, етичкиот кодекс и севкупните негови лични квалитети и се повеќе се наметнува прашањето околу профилирање на библиотечениот кадар што ќе може да одговори на предизвиците на современото библиотечно работење во ерата на мошне интензивните процеси во сферата на „дигиталното знаење“ и севкупната дигитализација на сите човекови дејности.

Потребата од совладување на информациската писменост библиотекарите ја делат со сите останати професии, но од информациските стручњаци во иднина се повеќе ќе се очекува и повеќе знаење и повеќе дигитални вештини отколку од останатите професии.

Давањето на услуги на корисниците од страна на информацискиот службеник, до брз и едноставен пристап на изворите на информации со кој располага библиотеката е од витално значење за развојот на библиотеките и библиотечната дејност во целост. Само задоволните корисници од нивните услуги ќе бидат најголеми промотори и застапници во идното егзистирање и развојот на библиотеките на задоволство на сите граѓани.

Јавните библиотеки преку профилирање и едуцирање библиотечен кадар во духот на новите комуникациски и информатички вештини, мора во целост да одговорат на предизвиците на новото време во ерата на вознемирувачкиот информациски свет. Во овој

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

контекст, фокусот на библиотеките да биде целосно во функција на корисниците кои трагаат по квалитетно знаење, информации и креативно искуство.

Во развиениот дигитален свет, информациите претставуваат срж на економскиот, социјалниот развој и комплексниот развој на целокупниот образовен процес. Јавните библиотеките како репрезенти на најактивните организации кои се занимаваат со информациите, неминовно ќе мора да се променат и суштински да се адаптираат во новото опкружување во дигиталниот свет – систематично и стратегиски.

Современите библиотеки претставуваат и ќе претставуваат симбол на цивилизираните општества во иднина. Новите библиотеки и во иднина ќе бидат стожер на сведоштвото за вредноста што општеството им ја придава на знаењето и учењето, а со тоа и на вистината.

Под влијание на информациските и комуникациските технологии секојдневно се случуваат револуционерни промени во сите сегменти на општеството. Новите револуционерни промени кои подразбираат крупни промени, постапно усвојување на целосно нови парадигми ја доведуваат во прашање досегашната структура на организирање и пристап до информациите во пост индустриското општество. Според определени автори, знаењето и информациите претставуваат стратегиски и преобликувачки средства, промените во пост – индустриското општество се опишуваат со различни епитети како што се „информација“, „знаење“ или „учење“. Епитетот „информација“, „знаење“ или „учење“ треба да го претставуваат новите предизвици и центри на гравитација во кои своето средишно место ќе го наоѓаат библиотеките и библиотекарите во новиот милениум.

## РАБОТЕЊЕТО НА БИБЛИОТЕКИТЕ ЗА ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈА

Како резултат на огромниот број промени во сферата на технолошките подрачја во последните десет години се манифестираат значајни промени не само во доменот на изворите на информации, туку и значителни структурни и функционални промени на

ISSN: 1857-8128

библиотеките. Имено јавните библиотеки мора во целост да одговорат на предизвиците на новото време во ерата на вознемирувачкиот информациски свет – да им бидат целосно во функција на корисниците кои трагаат по квалитетно знаење, информации и креативно искуство. Само на тој начин библиотеките би се ставиле целосно во функција на корисниците и за време на пандемија како што ја имавме пандемијата од Ковид - 19 во изминатите две години.

Пандемијата на корона вирусот во целост го промени начинот на работа и опстојување на библиотеките не само кај нас туку и пошироко во светот. Библиотеките беа принудени да изнаоѓаат можности за остварување на основните библиотечни цели односно за задоволување на основните потреби на корисниците на услуги на овие институции и начин за нивна комуникација.

Со цел да се изврши комплексно „скенирање“ на работата на библиотеките во општините на град Скопје кои функционираат во рамките на Јавната библиотека „Браќа Миладиновци“ – Скопје за време на пандемијата направивме одредени истражувања , преку анализа на најзначајните индикатори во функција на следење на бројот на издадени книги во рамките на конкретните библиотеки во првите две години од појавата на пандемијата компарирани со периодот непосредно пред нејзиното појавување.

Врз основа на добиените резултати за вкупниот број на издадени книги во библиотеките во општините на град Скопје во анализираниот период во 2019 година ( контролна година пред појавата на Ковид – пандемијата) и годините 2020 и 2021 година, (периодот во кои егзистираше и кулминираше пандемијата во целиот свет), а во тој контекст и на територијата на нашата држава можеме да ги извлечеме следните заклучоци и научни сознанија.

Едно од круцијалните прашања што се наметна во истражувањето неминовно беше дали и колку се читаше за времетраењето на Ковид – кризата во однос на периодот пред отпочнување на новата специфична, непозната и непредвидлива здравствена и севкупна општествена состојба со кризни размери. Дали после првичниот шок на национално и глобално ниво, после новиот разорен бран на страв и паника, книгата и читањето

повторно не постанаа новиот светилник во мракот кои со огромна брзина се надвисна над целиот свет? Кој беше победникот, односно дали книгата и желбата за читање, повторно како и секогаш во историјата на цивилизацијата не се искачија на победничкиот пиедестал, потсетувајќи ги сите дека нема закана што ќе го засени нивниот сјај и исконската човекова потреба за образование и културно издигнување?

Одговорот на овие прашања кој има општа универзална и очекувана димензија, во целост може да се проектира и во културниот амбиент типичен за македонската држава. Тоа значи дека читателите и останатите граѓани после првичниот шок своите исконски потреби почнаа да ги реализираат преку нивниот влез во таинствениот свет и достоинствено и тивко лоциран во исконската ризница на книгите во кој е сконцентрирана огромна мудрост на разните цивилизациски епохи и вкупните литературни и културни дострели.

Резултатите на истражувањето ќе го дадат одговорот дали книгата и љубовта кон читањето и на подрачјето на град Скопје успеаја да ја „победат“ новата здравствена закана и сериозниот застрашувачки амбиент кои се пролонгираше во двете анализирани години.

Со анализата на резултатите од истражувањето беше откриена новата закономерност и новата реалност во оваа сфера која повторно ќе ја прослави и издигне на највисокиот пиедестал книгата, љубовта кон читањето и отварањето на новите хоризонти во време кога светот трепереше од неизвесноста на страотната закана со глобални димензии. Резултатите од истражувањето се мошне охрабрувачки првенствено во сегментот на компаративната анализа за бројот на позајмени книги во втората во однос на првата година од пројавувањето на Ковид – кризата.

Вкупната бројка на издадени книги од страна на сите локални јавни библиотеки и централната јавна библиотека во градот Скопје, во анализираната 2019 година изнесуваше 146 785. Со настапување на првата година од Ковид – кризата – 2020 година заради претходно презентираните причини, доаѓа до драстично намалување на бројот на издадени книги – идентична појава значајна и карактеристична во однос на рапидното опаѓање на бројот на членови во скопските библиотеки во тој временски интервал.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Попрецизно, во 2020 година имаше драматично намалување на бројот на издадени книги – 85 463, што претставува вкупно 58,2% на издадени книги во однос на пред–ковид годината, односно намалување на бројот на издадени книги за 41,8%.

Оваа претставува релативно мошне високо намалување на бројот на издадени книги (приближно за околу половина). Но подоцнежните резултати ќе покажат дека овој негативен тренд беше само од привремен карактер и траеше релативно кратко до новата повторна социјална и културна консолидација.

Всушност, овој негативен тренд беше запрен веќе во наредната 2021 година, во која бројот на издадени книги е значително поголем во однос на 2020 година.

| Година | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|
| Издадени книги | 146785 | 85463 | 121488 |
| | | | |




Оваа состојба на стабилизирање во оваа сфера изразена во бројки (анализа – споредба 2021 – 2020 година) изнесува 142,2% или зголемување за 42,2% со што беше наговестен и новиот

Во анализираната 2021 година вредноста на издадените книги почнува да се „стабилизира“ и изнесува вкупно 121 488 книги што претставува 82,8% или вкупно намалување во однос на 2019 година за само 17,2%. Тоа значи на сцена настапува нов бран на брза стабилизација и консолидација на крајно нарушената ситуација во библиотечното работење која уследи веднаш после брзиот пад на вкупната бројка издадени книги во периодот непосредно после прогласувањето на Ковид – пандемијата,тренд на повторна стабилизација на состојбите и повторно позначајно враќање на читателите во вечните храмови на мудроста, знаењето и културното издигнување.

## ЗАКЛУЧОК

Наместо заклучок со сериозност можеме да констатираме дека разорните ефекти од здравствената Ковид криза мошне негативно се оддразија врз севкупното културно живеење и функционирање на населението на глобално и на национално ниво. Во првата ковид – година доаѓа до рапидна стагнација на бројот на издадени книги во библиотеките на ниво на град Скопје – тенденција карактеристична за работењето на сите библиотеки на глобално ниво. Резултатите на нашето истражување недвосмислено потврдија дека во првата година на ковид кризата бројот на издадени книги се намали за повеќе од половина во однос на претходната – пред ковид година, што говори за една мошне специфична и катастрофално негативна појава во сферата на досегашното библиотечно работење. Охрабрувачки се тенденциите на релативно брзо и охрабрувачко нормализирање на новонастанатата состојба, односно трендот на релативно брзо враќање кон првобитната пред ковид состојба.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

[1] Zoen Miler, Zan-Luj M. (2006). Menadzment biblioteka, Beograd:CLIO:Narodna biblioteka Srbije.

[2] Brofi, P. (2005). Biblioteke u dvadeset prvom veku. Beograd: CLIO.

[3] Miler, Z. and Zan-Luj, M. (2006). Menadzment biblioteka. Beograd: CLIO - Narodna biblioteka Srbije.

[4] Сузана Котовчевска (2007). Македонското библиотекарство низ вековите. Бомат графикс

[5] Бакаршиќ, к (1997). Увод у дигиталне библиотеке (текст, хипертекст и мета јазик), убликовано за библиотекарство. Сарајево:сн.42

[6] Матутиновиќ. С.Ф. (2002). Нови трендови и библиотекарството. ИНФОТЕКА бр. 1-2

[7] Fox, E.A., Sornil,O(1999). Digotal Libraries, Modern Ivformation Retreival, Baeza – Yates, R. and Ribeiro – Hero, B. (eds.) Addison

[8] Brophu, P: Towards a generic model of information and library services in the information age, Journal of Documentation, 56(2), 2000, p. 161-184.

[9] Borrowed Time: the future of the public libraries in the UK, Comedia, 1993.

[10] Fox, E.A., Sornil,O. (1999). Digital Libraries, Modern Information Retrieval. Baeza – Yates, R. and Ribeiro – Hero, B. (eds.) Addison.

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# THE ECONOMIC SYSTEM OF THE USA AND JAPAN

**Biljana Buzlevski, PhD**

**MIT University - Skopje, Republic of North Macedonia**
**biljana.buzlevski@gmail.com**

**Natasha Georgieva, PhD**
**MIT University - Skopje, Republic of North Macedonia**
**natashageorgievaivanovska@gmail.com**

**Aleksandra Cibreva Jovanovska, PhD**

## Abstract

In 2017, the EU and Canada had the largest share in US exports of goods (18% each), followed by: Mexico (16%), China (9%) and Japan (4%), while 35% of US exports belonged to other countries. On the other hand, the largest share in US imports was: China (22%), EU (18%), Mexico and Canada (13% each) and Japan (6%), while 28% of US imports originated from other countries . At the same time, the United States had a trade deficit with each of its five largest trading partners, and as much as 45.8% of the US trade deficit was accounted for by China.

The economy of Japan is a highly developed free market economy. It is the third largest in the world by nominal GDP and the fourth largest by purchasing power parity (PPP). and is the second largest developed economy in the world. Japan is a member of G7 and G20. According to the International Monetary Fund, the country's GDP per capita (GDP) was US$38,937 (2016).
Because of the volatile exchange rate, Japan's GDP, measured in dollars, fluctuates dramatically. Japan is estimated to have a GDP per capita of about US$38,490 according to the Atlas method. The Japanese economy is forecast by the quarterly Tankan business sentiment survey conducted by the Bank of Japan. The Nikkei 225 is a monthly report of the top stocks on the Japanese stock market, which is the third largest stock market in the world by market capitalization.

In 2018, Japan was the world's fourth largest importer and fourth largest exporter. It has the second largest foreign exchange reserves in the world worth $1.3 trillion. It is ranked 29th in

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

the Ease of Doing Business Index and 5th in the Global Competitiveness Report. It is ranked first in the world according to the index of economic complexity. Japan is also the third largest consumer market in the world.

**Keywords**: *capital market, banking system in the USA, economic system of the USA, economic system of Japan*

## ЕКОНОМСКИОТ СИСТЕМ НА САД И ЈАПОНИЈА

**д-р Билјана Бузлевски**

**МИТ Универзитет - Скопје, Република Северна Македонија**
**biljana.buzlevski@gmail.com**

**д-р Наташа Георгиева**
**МИТ Универзитет - Скопје, Република Северна Македонија**
**natashageorgievaivanovska@gmail.com**

**д-р Александра Цибрева Јовановска**

### Апстракт

Во 2017 година, најголемо учество во американскиот извоз на стоки имале ЕУ и Канада (по 18%), а потоа следувале: Мексико (16%), Кина (9%) и Јапонија (4%), додека 35% од извозот на САД отпаѓал на другите земји.

Од друга страна, најголемо учество во американскиот увоз имале: Кина (22%), ЕУ (18%), Мексико и Канада (по 13%) и Јапонија (6%), додека 28% од американскиот увоз бил по потекло од другите земји. Притоа, САД имале дефицит во трговската размена со секој од нејзините пет најголеми трговски партнери, а дури 45,8% од трговскиот дефицит на САД отпаѓал на Кина.

Економијата на Јапонија е високо развиена економија на слободен пазар. Таа е трета по големина во светот според номиналниот БДП и четврта по големина според паритетот на куповната моќ (ЈПП). и е втора по големина развиена економија во

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

светот . Јапонија е членка на Г7 и Г20 . Според Меѓународниот монетарен фонд, БДП по глава на жител (ПКМ) на земјата изнесувал 38.937 американски долари (2016 година).

Поради нестабилниот курс на девизи, јапонскиот БДП, измерен во долари, драстично варира. Се проценува дека Јапонија има БДП по глава на жител од околу 38.490 американски долари според методт Атлас. Јапонската економија е предвидена со кварталното истражување на Танкан за деловното расположение кое се спроведува опд страна на Јапонската банка. Никеи 225 претставува месечен извештај за врвни акции на Јапонската берза , која е трета по големина берза во светот според пазарната капитализација.

Во 2018 година, Јапонија била четврти најголем увозник во светот и четврти најголем извозник . Има втори најголеми девизни резерви во светот во вредност од 1,3 трилиони долари. Таа е рангирана на 29-то место според индексот на леснотија на деловно работење и 5-та според извештајот за глобална конкурентност. Таа е рангирана на првото место во светот според индексот на економска сложеност . Јапонија е исто така трет по големина потрошувачки пазар во светот.

**Клучни зборови**: *пазар на капитал, банкарски систем во САД, економски систем на САД, економски систем на Јапонија*

## 1. Економија на САД

### 1.1. Пазар на капитал

#### 1.1.1. Пазар на обврзници

Пред 1984 година, САД задржувале данок во висина од 30 % на каматата исплатена на нерезидентите кои поседувале американски корпоративни или државни обврзници. Исто така, и американските претпријатија кои издавале еврообврзници во САД биле подлежни на оваа даночна обврска за каматата што им ја исплаќале на нерезидентите. Меѓутоа, овој данок бил укинат во 1984 година, а потоа американските претпријатија

добиле право да им продаваат на странските инвеститори домашни обврзници кои гласат на доносител.[75]

### 1.1.2. Пазар на акции

Пазарот на акции во САД е најголем во светот: пазарната капитализација во 2019 година изнесувала 44% од светската капитализација на акционерските друштва, иако американските акционерски друштва учествуваат само со 17% во вкупниот број на акционерски друштва во светот. Сепак, тоа претставува намалување во однос на 2000 година, кога американската пазарна капитализација претставувала половина од светската капитализација. Американскиот пазар на акции е двојно поголем во споредба со сите европски пазари на акции, земени заедно. Американските акции се најскапите акции во светот, мерени според показателот „цена / принос“. Во текот на XX век, реалниот принос на акциите во САД изнесувал 4,3% на годишно ниво, во споредба со останатите пазари кои имале принос од 0,8%.

Најпрестижниот берзански индекс во САД е Дау Џонс (Dow Jones Industrial Average), формиран во 1885 година, кој е составен од 30 акционерски друштва со вкупна пазарна капитализација од 7,5 трилиони долари. Во составот на Дау Џонс 30 влегуваат следниве друштва: Microsoft, Apple, JP Morgan Chase & Co., Johnson & Johnson, Walmart, Visa, Procter & Gamble, ExxonMobil, Walt Disney, Home Depot, Verizon, Кока кола, Dow, Chevron, UnitedHealth, Merck & Co., Боинг, Cisco Systems, Интел, Pfizer, McDonald's, IBM, United Technologies, Најк, American Express, 3M, Goldman Sachs, Caterpillar, Walgreens Boots Alliance и Travelers. Индексот се пресметува со методата на ценовно пондерирани просеци, при што акциите со повисоки пондер цени имаат поголемо влијание врз индексот од оние со понизок. Највисок пондер во индексот имаат акциите на „Боинг“, а по неа следуваат акциите на „Јунајтед хелт“.

---

[75] Зоран Јовановски, „Надворешно-трговскиот дефицит на САД“, Економија и бизнис, година 20, број 242, септември 2018, стр. 10.

ISSN: 1857-8128

Во 1987 година се случил голем пад на американскиот пазар на акции. Имено, во текот на три дена, од среда, 14 октомври до петок, 16 октомври, индексот Дау Џонс се намалил за околу 10% при што најголемиот дел од падот се случил во петокот попладне. По викендот, во понеделник, на 19 октомври 1987 година, индексот Дау Џонс се намалил за повеќе од 20%.

### 1.1.3. Инвестициски фондови

Инвестициските фондови (Mutual funds) се појавиле во 1940 година и оттогаш забележале огромен растеж. Така, во 1940 година, вкупните средства со кои управувале овие фондови изнесувале 500 милиони долари, во 1960 година тој износ достигнал 17 милијарди, до 1980 година се зголемил на 134,8 милијарди, во 2000 година изнесувал 6 946,6 милијарди, додека во април 2014 година го достигнал нивото од 15 196,2 милијарди долари. Притоа, 46% од американските семејства имаат инвестирано во инвестициски фондови.[76]

## 1.2. Историски развој на банкарскиот систем во САД

По стекнувањето на независноста, САД презеле мерки за намалување на зависноста од странските банки. Притоа, давањето дозвола за основање на банките било надлежност на сојузните држави при што на банките им било дозволено да основаат филијали само во рамките на одделна држава, а тие имале право и да издаваат банкноти.

Подоцна, во 1791 година, американскиот конгрес ја основал Првата банка на САД (First Bank of the United States) која добила дозвола за работа со трајност од 20 години. Таа била во сопственост на сојузната влада, можела да отвора филијали во сите сојузни држави, а била основана за да се зголеми довербата во банкнотите.

Меѓутоа, кредитната активност на банката била мала, а истовремено, конгресот бил загрижен поради централизацијата на финансиската моќ, па затоа, во 1811 година, кога

[76] John C. Hull, Risk Management and Financial Institutions (Fourth Edition). John Wiley and Sons, Hoboken, New Jersey, 2015, стр. 518.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

завршила нејзината дозвола, банката била затворена, а нејзините средства и обврски биле префрлени на банките основани во сојузните држави.

Во меѓувреме, банките одобрувале премногу кредити, што довело до првата американска банкарска криза во која пропаднале повеќе банки. Затоа, во 1816 година, конгресот ја основал Втората банка на САД (Second Bank of the United States), повторно со дваесетгодишна дозвола. Сепак, поради стравот од преголема финансиска централизација, во 1836 година таа престанала да постои, т.е. нејзината дозвола не била продолжена. Така, во тој период, банкарскиот систем на САД го сочинувале само приватни банки, основани со дозвола на сојузните држави.

Иако кон крајот на 1830-тите пропаднале повеќе банки, сепак во средината на 19 век бројот на банките драстично се зголемил. Во 1864 година бил донесен Националниот банкарски закон (national Banking Act) чија цел била да ги принуди големите банки од северните држави да се префрлат од државна кон сојузна дозвола за работа. Оттука, конгресот им дал посебни даночни олеснувања на националните банки, кои пак морале да купуваат државни обврзници. Така, со тој закон настанало двојното банкарство во САД при што истовремено постојат банки со дозвола од сојузните држави и национални банки, т.е. банки со сојузна дозвола.

Периодот од Американската граѓанска војна до почетокот на 20 век е познат како „диво банкарство“ (wildcat banking), зашто постапката за основање и затворање на банките била многу лесна и немало никаква регулација на банките, кои контролирале повеќе од 90 % од финансиското посредување. Во овој период, од средината на 1870-тите до средината на 1890-тите пропаднале околу 20 % од американските банки.

Меѓутоа, по големата финансиска паника од 1907 година, довербата на јавноста во банките била нарушена, па во 1913 година, конгресот го донесол Законот за федералните резерви (Federal Reserve Act) со кој бил основан Системот на федералните резерви како централна банка на САД. Со тој закон, сите национални банки имале обврска да членуваат во Системот на федералните резерви, додека членството било доброволно за банките со дозвола од сојузните држави.

За време на Големата депресија, американскиот банкарски систем доживеал голем потрес: меѓу 1930 и 1933 година пропаднале дури 9 600 банки. Како последица на тоа, веднаш по стапувањето на должноста, американскиот претседател Рузвелт веднаш издејствувал конгресот да го изгласа Законот за банките во вонредни услови (Emergency Banking Act) кој бил донесен на 9 март 1933 година. Врз основа на тој закон, банките биел затворени во период од шест дена, а потоа 12 000 банки биле повторно отворени, 2 000 биле веднаш затворени, а 3 000 започнале да работат подоцна.[77]

Во следните две години, администрацијата на Рузвелт донела неколку важни закони во областа на банкарството, како: Федералниот закон за осигурување на депозитите од 1933 и 1934 година со кој била основана Федералната корпорација за осигурување на депозитите (Federal Deposit Insurance Corporation), Глас-Стигаловиот закон од 1933 година со кој се одделиле инвестициското и комерцијалното банкарство и биле воведени ограничувања во однос на исплатата на камата на депозитите, Законот за федералните резерви (Federal Reserve Act)од 1935 година со кој се засилила контролната функција на ФЕД, итн.

По Втората светска војна, американските банки биле многу регулирани и заштитени од конкуренцијата. Како последица на тоа, во 1960-тите банките располагале со околу 40 % од вкупните средства на финансискиот систем, а потоа започнал периодот на нивната стагнација така што во 1998 година нивното улество се намалило на само 20 % од вкупните средства на финансискиот систем.

Истовремено, банките постепено почнале да воведуваат нови иновативни производи со кои настојувале да ја избегнат строгата регулација. Така, во 1962 година, њујоршката банка City National Bank ја вовела преносливата потврда за депозит (Negotiable certificate of deposit).

Под притисок на банките, во 1980 година, конгресот го донесол Законот за дерегулација на депозитарните институции и за монетарна контрола (Depository

[77] George H. Hempel and Donald G. Simonson, Bank Management (fifth edition). New York etc. John Wiley and Sons, 1999, стр. 11-12.

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

Institutions and Monetary Control Act) со кој било предвидено до 1985 година да се отстранат ограничувањата на каматните стапки на депозитите.

Во текот на 1980-тите се случило масовно пропаѓање на штедно-кредитните здруженија (Savings and Loan Associations), а за обесштетување на штедачите биле потрошени меѓу 200 и 300 милијарди долари, Истовремено, и банките се нашле во неповолни услови, што довело до пропаѓање на 1 304 банки меѓу 1985 и 1992 година, вклучувајќи го и фактичкото пропаѓање на десеттата по големина банка, Continental Illinois Bank of Chicago.

Во 1990-тите дошло до голема концентрација на американскиот банкарски систем: бројот на малите банки (оние со средства под една милијарда долари) се намалил од 12 500 на 8 661 при што нивното учество во вкупните средства на банкарскиот сектор се намалило од 54 % на 21 %; од друга страна, бројот на големите банки (оние со повеќе средства од 10 милијарди долари) се зголемил од 6 на 65, а нивното учество во вкупните средства на банкарскиот сектор пораснало од 32 % на 60 %.[78]

## 2. Економија на Јапонија

Економијата на Јапонија е високо развиена економија на слободен пазар. Таа е трета по големина во светот според номиналниот БДП и четврта по големина според паритетот на куповната моќ (ЈПП). и е втора по големина развиена економија во светот . Јапонија е членка на Г7 и Г20 . Според Меѓународниот монетарен фонд, БДП по глава на жител (ПКМ) на земјата изнесувал 38.937 американски долари (2016 година).

Поради нестабилниот курс на девизи, јапонскиот БДП, измерен во долари, драстично варира. Се проценува дека Јапонија има БДП по глава на жител од околу 38.490 американски долари според методт Атлас. Јапонската економија е предвидена со кварталното истражување на Танкан за деловното расположение кое се спроведува опд

[78] John C. Hull, Risk Management and Financial Institutions (Fourth Edition). John Wiley and Sons, Hoboken, New Jersey, 2015, стр. 26-27.

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

страна на Јапонската банка. Никеи 225 претставува месечен извештај за врвни акции на Јапонската берза, која е трета по големина берза во светот според пазарната капитализација. Во 2018 година, Јапонија била четврти најголем увозник во светот и четврти најголем извозник. Има втори најголеми девизни резерви во светот во вредност од 1,3 трилиони долари. Таа е рангирана на 29-то место според индексот на леснотија на деловно работење и 5-та според извештајот за глобална конкурентност. Таа е рангирана на првото место во светот според индексот на економска сложеност. Јапонија е исто така трет по големина потрошувачки пазар во светот.[79]

Јапонија е трета најголема земја за производство на автомобили во светот, има најголема индустрија за електронски производи и често е рангирана меѓу најиновативните земји во светот, водејќи неколку мерки за глобално поднесување патенти. Соочувајќи се со зголемена конкуренција од Кина и Јужна Кореја, производството во Јапонија денес се фокусира првенствено на високотехнолошка и прецизна стока, како што се оптички инструменти, хибридни возила и роботика. Покрај регионот Канти регионот Кансаи е еден од водечките индустриски јата и производствени центри за јапонската економија˙ Големината и индустриската структура на градовите во Јапонија ги задржале тесните законитости и покрај значителното множество на население и индустрии низ градовите прекувремено. Јапонија е најголем доверител на светот˙ Јапонија генерално има годишен трговски суфицит и има значителен нето-меѓународен суфицит на инвестиции. Од 2010 година, Јапонија поседува 13,7% од светските приватни финансиски средства (трета по големина во светот) со околу 15,3 трилиони американски долари. Заклучно со 2017 година, 51 од компаниите сппоред *„Fortune Global 500“* се со седиште во Јапонија, што е помалку од 2013 година кога оваа бројка изнесувала 62 компании[]. Оваа земја е трета по големина во светот според вкупното богатство.

Колапсот на меурот на цената на средствата на Јапонија во 1991 година доведе до период на економска стагнација позната како „изгубена деценија“, понекогаш сега

---

[79] Mori, Tomoya (2017). „Evolution of the Size and Industrial Structure of Cities in Japan between 1980 and 2010: Constant Churning and Persistent Regularity“. Asian Development Review. 34 (2): 86–113.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

продолжена како „изгубена 20 години". Од 1995 до 2007 година, БДП падна од 5,33 трилиони долари на 4,36 трилиони долари номинално. Јапонија денес има најголем однос на јавен долг кон БДП од која било развиена нација, со национален долг од 236% во однос на БДП заклучно со 2017 година. Овој долг е претежно во сопственост на јапонски државјани. Јапонската економија се соочува со значителни предизвици поставени од стареење и опаѓање на населението, кое достигна 128 милиони во 2010 година и падна на 126,5 милиони од 2018 година. Проекциите сугерираат дека населението ќе продолжи да опаѓа на потенцијално пониски од 100 милиони до крајот на 21-от век. [80]

## 2.1. Преглед на економијата

Во трите децении економски развој по 1960 година, се случил брзиот економски раст наречен јапонско повоено економско чудо. Со водство на Министерството за економија, трговија и индустрија, со просечни стапки на раст од 10% во 1960-тите, 5% во 1970-тите и 4% во 1980-тите, Јапонија била во можност да се воспостави и одржи како втора по големина економија во светот од 1978 година до 2010 година, кога била надмината од Народна Република Кина. До 1990 година, приходот по глава на жител во Јапонија бил еднаков или надминат во повеќето земји од Западот.

Во текот на втората половина на 1980-тите, зголемувањето на цените на акциите и недвижностите создал економски меур . Економскиот меур завршил нагло, бидејќи Токиската берза се срушила во периодот 1990–92, а цените на недвижностите достигнале врв во 1991 година. Растот во Јапонија во текот на 90-тите години од минатиот век со 1,5% бил побавен од глобалниот раст, што го донел терминот <i>Изгубената декада</i>. По уште една деценија со ниска стапка на раст, терминот станал *Изгубени 20 години*. Како и да е, растот на БДП по глава на жител од 2001 до 2010 година сепак успеал да ги надмине Европа и САД.

[80] Mori, Tomoya (2017). „Evolution of the Size and Industrial Structure of Cities in Japan between 1980 and 2010: Constant Churning and Persistent Regularity". Asian Development Review. 34 (2): 86–113.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

**International Journal of Recent Research in Arts and Sciences**

**ISSN: 1857-8128**

Со оваа ниска стапка на раст, националниот долг на Јапонија се проширил заради значителните трошоци за социјална помош во општеството што старее, со намалена даночна основа. Сценариото за „*Напуштени домови*“ продолжува да се шири од руралните области во урбаните области во Јапонија.

Како планинска, вулканска островска земја, Јапонија има несоодветни природни ресурси за поддршка на нејзината растечка економија и големото население и затоа извезува стоки во кои има компаративна предност како што се индустриски производи насочени кон истражување и развој во замена за увоз на суровини и нафта. Јапонија е меѓу првите три увозници на земјоделски производи во светот покрај Европската Унија и Соединетите Американски Држави. Јапонија е најголемиот единствен национален увозник на риби и производи од риболов. Централниот пазар на големо на <i>Токио Метрополитен</i> е најголемиот пазар на големо со примарни производи во Јапонија, вклучувајќи го и реномираниот пазар за риби Цукиџи.Ловење на јапонскиот кит, наводно за истражувачки цели, според меѓународното право е незаконско.[81]

Иако биле извлечени многу видови минерали низ целата земја, повеќето минерални ресурси требало да се увезуваат во повоената ера. Локалните наслаги на руди што носат метал биле тешки за обработка бидејќи биле со низок степен. Големите и разновидни шумски ресурси на нацијата, кои опфаќале 70 проценти од земјата кон крајот на 1980-тите, не биле искористени. Поради политичките одлуки на локално, префектурно и национално ниво, Јапонија одлучила да не ги искористува своите шумски ресурси за економска корист. Домашните извори снабдувале само помеѓу 25 и 30 проценти од потребите на дрва во земјата. Земјоделството и риболовот биле најдобро развиените ресурси, но само низ години макотрпна инвестиција и труд. Нацијата, според тоа, ги изградила производствените и преработувачките индустрии за да ги претвори суровините увезени од странство. Оваа стратегија за економски развој наложувала воспоставување

[81] Dileep Mehta and Hung-Gay Fung, International Bank Management. Blackwell Publishing, 2004, стр. 44.

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

силна економска инфраструктура за обезбедување на потребната енергија, транспорт, комуникации и технолошко знаење.

Депозитите на злато, магнезиум и сребро ги исполнуваат тековните индустриски побарувања, но Јапонија зависи од странски извори за многу минерали неопходни за модерната индустрија. железна руда, бакар, боксит и алумина мора да се увезат, како и многу шумски производи.

Во споредба со другите индустријализирани економии, Јапонија се карактеризира со ниско ниво на извоз во однос на големината на нејзиниот БДП. Од периодот 1970-2018 година, Јапонија била или најмала или втора најмалку зависна од извоз економија во Г-7, и една од најмалку извозно зависните економии во светот. Исто така, таа била една од најмалку зависните трговски економии во периодот 1970-2018 година.

Јапонија добива исклучително ниско ниво на странски инвестиции. Неговиот индекс на СДИ бил далеку најмал во Г7 заклучно со 2018 година и помалку од оние на многу помалите економии како Австрија, Полска и Шведска . Во однос на БДП, неговиот однос на внатрешните акции на СДИ е веројатно најнизок во светот.

Јапонија заостанува зад другите развиени земји во продуктивноста на трудот. Од 1970 до 2018 година Јапонија постојано има најниска продуктивност на трудот во Г7.[82]

## 2.2. Инфраструктура

Во 2018 година, Јапонија била рангирана на 5-тото место во индексот на логистички перформанси на Светска банка, и 2-ра во категоријата инфраструктура.

Во 2005 година, една половина од јапонската енергија се произведувала од нафта, една петтина од јаглен и 14% од природен гас. Јадрената енергија во Јапонија направила четвртина од производството на електрична енергија, но поради јадрената катастрофа во Фукушима се појавила голема желба да се стави крај на јапонската програма за јадрена енергија Во септември 2013 година, Јапонија ги затворила своите последни 50 атомски

[82] Chandler, Marc (19 August 2011). „The yen is a safe haven as Japan is the world's largest creditor“. Credit Writedowns.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

централи на национално ниво, предизвикувајќи нацијата да биде јадрена. Земјата оттогаш се решила да рестартира неколку свои јадрени реактори.

Трошењата на Јапонија на патишта се сметаат за големи. Поплочениот пат од 1,2 милиони километри е едно од најголемите. Јапонија има сообраќај од лева страна. Единствена мрежа на брзини и патишта со ограничен пристап со патарина ги поврзува големите градови кои се управувани од претпријатија за наплата. Новите и користени автомобили се евтини, а јапонската влада ги охрабрила луѓето да купуваат хибридни возила . Надоместоците за сопственост на автомобили и давачките за гориво се користат за промовирање на енергетската ефикасност.

Железничкиот сообраќај во Јапонија е главно превозно средство во Јапонија. Десетици јапонски железнички компании се натпреваруваат на регионалните и локалните пазари за превоз на патници; патнички претпријатија ЈЖ, железницата Кинтецу, железница Сеибу и корпорација Кеио. Честопати, стратегиите на овие претпријатија содржат недвижен имот или стоковни куќи до станиците, и многу големи станици имаат големи стоковни куќи во нивна близина. Јапонските градови Фукуока, Кобе, Кјото, Нагоја, Осака, Сапоро, Сендаи, Токио и Јокохама имаат систем на подземна железница . Околу 250 брзи возови Шинкансен ги поврзуваат големите градови. Сите возови се познати по точност, а задоцнувањето од 90 секунди може да се смета за задоцнето за некои услуги во возот.

Во Јапонија има 98 патнички и вкупно 175 аеродроми, а летот е популарен начин за патување. Најголемиот домашен аеродром, Меѓународниот аеродром во Токио, е вториот најфреквентен аеродром во Азија . Најголемите меѓународни порти се меѓународниот аеродром Нарита (област Токио), меѓународниот аеродром Кансаи (областа Осака / Кобе / Кјото) и меѓународниот аеродром Чабу Центраир (област Нагоја). Најголемите пристаништа во Јапонија ги вклучуваат пристаништето Нагоја, пристаништето Јокохама, пристаништето Токио и пристаништето Кобе .

Околу 84% од енергијата на Јапонија се увезува од други земји. Јапонија е најголемиот увозник на течен природен гас во светот, втор по големина увозник на јаглен

и трет по големина нето увозник на нафта. Со оглед на нејзината голема зависност од увезената енергија, Јапонија има за цел да ги диверзифицира своите извори.

Од нафтените шокови во 1970-тите, Јапонија ја намалила зависноста од нафтата како извор на енергија од 77,4% во 1973 година на околу 43,7% во 2010 година и ја зголемила зависноста од природен гас и јадрена енергија. Во септември 2019 година, Јапонија ќе инвестира 10 милијарди долари на проекти на течен природен гас ширум светот, во стратегија за зајакнување на глобалниот пазар на ТНГ и зајакнување на безбедноста на снабдувањето со енергија.

Друг важен извор на енергија вклучува јаглен, а хидроелектричната енергија е најголемиот обновлив извор на енергија во Јапонија. Сончевиот пазар на Јапонија исто така е во подем. Керозин се користи многу и за греење на домот во преносни грејачи, особено подалеку од север.

Многу такси компании управуваат со своите флоти на течен природен гас. Неодамнешен успех кон поголема потрошувачка на гориво било воведувањето масовно произведени хибридни возила Премиерот Шинзи Абе, кој работеше на економското заживување на Јапонија, потпиша договор со Саудиска Арабија и ОАЕ за зголемувањето на цените на нафтата, обезбедувајќи јапонска стабилна испорака од тој регион.[83]

## 3. ЗАКЛУЧОК

Од нашето истражување ги извлековме следните заклучоци:

Пред 1984 година, САД задржувале данок во висина од 30 % на каматата исплатена на нерезидентите кои поседувале американски корпоративни или државни обврзници. Исто така, и американските претпријатија кои издавале еврообврзници во САД биле подлежни на оваа даночна обврска за каматата што им ја исплаќале на нерезидентите. Меѓутоа, овој данок бил укинат во 1984 година, а потоа американските претпријатија

[83] Mori, Tomoya (2017). „Evolution of the Size and Industrial Structure of Cities in Japan between 1980 and 2010: Constant Churning and Persistent Regularity". Asian Development Review. 34 (2): 86–113.

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

добиле право да им продаваат на странските инвеститори домашни обврзници кои гласат на доносител.

Јапонија е трета најголема земја за производство на автомобили во светот, има најголема индустрија за електронски производи и често е рангирана меѓу најиновативните земји во светот, водејќи неколку мерки за глобално поднесување патенти. Соочувајќи се со зголемена конкуренција од Кина и Јужна Кореја, производството во Јапонија денес се фокусира првенствено на високотехнолошка и прецизна стока, како што се оптички инструменти, хибридни возила и роботика.

Покрај регионот Канти регионот Кансаи е еден од водечките индустриски јата и производствени центри за јапонската економија˙ Големината и индустриската структура на градовите во Јапонија ги задржале тесните законитости и покрај значителното множество на население и индустрии низ градовите прекувремено. Јапонија е најголем доверител на светот˙ Јапонија генерално има годишен трговски суфицит и има значителен нето-меѓународен суфицит на инвестиции.

Од 2010 година, Јапонија поседува 13,7% од светските приватни финансиски средства (трета по големина во светот) со околу 15,3 трилиони американски долари. Заклучно со 2017 година, 51 од компаниите сппоред *„Fortune Global 500“* се со седиште во Јапонија, што е помалку од 2013 година кога оваа бројка изнесувала 62 компании]. Оваа земја е трета по големина во светот според вкупното богатство.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

[1] Chandler, Marc (19 August 2011). „The yen is a safe haven as Japan is the world's largest creditor“. Credit Writedowns.

[2] George H. Hempel and Donald G. Simonson, Bank Management (fifth edition). New York etc. John Wiley and Sons, 1999, стр. 11-12.

[3] Dileep Mehta and Hung-Gay Fung, International Bank Management. Blackwell Publishing, 2004, стр. 44.

[4] John C. Hull, Risk Management and Financial Institutions (Fourth Edition). John Wiley and Sons, Hoboken, New Jersey, 2015, стр. 26-27.

[5] Зоран Јовановски, „Надворешно-трговскиот дефицит на САД", Економија и бизнис, година 20, број 242, септември 2018, стр. 10.

[6] Mori, Tomoya (2017). „Evolution of the Size and Industrial Structure of Cities in Japan between 1980 and 2010: Constant Churning and Persistent Regularity". Asian Development Review. 34 (2): 86–113.

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# THE ECONOMIC SYSTEM OF SWEDEN AS A LEADING EXAMPLE OF SOCIAL DEMOCRACY

**Biljana Buzlevski, PhD**

MIT University - Skopje, Republic of North Macedonia
biljana.buzlevski@gmail.com

**Aleksandra Cibreva Jovanovska, PhD**

**Natasha Georgieva, PhD**
MIT University - Skopje, Republic of North Macedonia
natashageorgievaivanovska@gmail.com

## Abstract

Social democracy is a political theory that in the past was oriented towards the replacement of capitalism with socialism, mainly through a revolutionary path, but in the further development of the social democratic theory, first the revolutionary path to socialism was replaced by an exclusively reformist one, and then socialism as a goal was replaced. by building a welfare state within capitalism. The aim of our research was: to find out what are the foundations and characteristics of the economic system in Sweden, to see how welfare policy has developed in Sweden. Material and method: to achieve the research according to the set goals, we made a search for the economic system applied by Sweden, with data from websites as well as published papers. Results: Sweden's economy is a highly developed export-oriented economy, supported by wood, hydropower and iron ore. They constitute the resource base of an economy oriented towards foreign trade. Discussion: In all countries of the world there is respect for the example of Sweden and its standard of living which represents not only rich personal consumption, but, even more, extensive communal consumption for which a large part of the national income must be deducted in the state budget and in various social funds. Conclusion: The development and industrialization of Sweden during the last 100 years is an example of successful export-oriented development, in the context of the economy of private enterprises. In

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

the case of Sweden, the transition to a newer economic system under the influence of social-democratic conceptions was modified and took the form of a welfare state.

**Keywords**: *social democracy, welfare policy, economic system of Sweden*

## ЕКОНОМСКИОТ СИСТЕМ НА ШВЕДСКА КАКО ВОДЕЧЌИ ПРИМЕР НА СОЦИЈАЛ-ДЕМОКРАТИЈАТА

**д-р Билјана Бузлевски**

МИТ Универзитет - Скопје, Република Северна Македонија
biljana.buzlevski@gmail.com

**д-р Александра Цибрева Јовановска**

**д-р Наташа Георгиева**

МИТ Универзитет - Скопје, Република Северна Македонија
natashageorgievaivanovska@gmail.com

### Апстракт

Социјал-демократијата е политичка теорија која во минатото беше ориентирана кон замена на капитализмот со социјализам и тоа главно по револуционерен пат но во понатамошниот развиток на социјал-демократската теорија прво револуционерниот пат кон социјализам беше заменет со исклучиво реформистичкиот, а потоа  и социјализмот како цел беше заменет со градење на државна благосостојба во рамките на капитализмот. Цел на нашето истражување беше: да откриеме кои се основите и карактеристиките на економскиот систем во Шведска, да увидиме како се развила политика на благососојба во Шведска. Материјал и метод: за остварување на истражувањето според поставените цели, направивме пребарување за економскиот систем што го применува Шведска, со податоци од веб страни како и публицирани трудови. Резултати: Економијата на Шведска е високо развиена извозно ориентирана економија, потпомогната од дрво, хидроенергија и железна руда. Тие ја сочинуваат базата на ресурси на економијата ориентирана кон надворешна трговија. Дискусија: Во сите земји во светот постои почит према примерот на Шведска и

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

нејзиниот животен стандард кој претставува не само богата лична потрошувачка, туку, уште повеќе, разгранета заедничка потрошувачка за која мора да се одземе голем дел од националниот доход во државниот буџет и во разни општествени фондови. Заклучок: Развитокот и индустријализацијата на Шведска во текот на последните 100 години е пример на успешен извозно-ориентиран развој, во контекстот на економијата на приватни претпријатија. Во случајот на Шведска, преминот кон понов економски систем под влијание на социјал-демократските концепции се модифицирал и ја примил формата на држава на благосостојбата.

**Клучни зборови**: *социјал-демократија, политика на благосостојба, економски систем на Шведска*

## 1.ВОВЕД

### 1.1. Дефинирање на социјал-демократијата

Социјал-демократијата е политичка теорија која во минатото беше ориентирана кон замена на капитализмот со социјализам и тоа главно по револуционерен пат но во понатамошниот развиток на социјал-демократската теорија прво револуционерниот пат кон социјализам беше заменет со исклучиво реформистичкиот а потоа и социјализмот како цел беше заменет со градење на државна благосостојба во рамките на капитализмот. Во последно време социјалдемократите уште повеќе се откажуваат од своите корени и заедно со либералите притискаат во насока на намалување на економските и социјалните права кои се придобивка на државата на благо состојба.[84]

Социјалдемократијата како посебна политичка теорија и политички правец се појави во втората половина на 19-от век. Во првата фаза од својот развиток социјалдемократите беа застапници на марксизмот. Сепак единствените социјалдемократски партии во кои марксизмот тогаш беше доминантна идеологија на

[84] Љубомир Данаилов Фрчкоски „Есеи за социјалдемократијата“ (2020)

преминот од 19 во 20 век почнаа да се диференцираат внатре во себе помеѓу ортодоксните застапници на марксизмот (Карл Кауцки, Георги Плеханов, Роза Луксембург, меѓу поистакнатите) и оние што почнаа да доведуваат во прашање некои клучни поставки на марксизмот и кои беа наречени ревизионисти (во прв ред Едуард Бернштајн).[85]

По почетокот на Првата светска војна и особено по избувнувањето на Октомвриската револуција во Русија, предвоената внатрешна поделба во рамките на социјалдемократијата драстично се продлабочи и премина во отворен расцеп. Значителен дел од левото крило на предвоената социјалдемократија се отцепи од матичните партии и, под идејно влијание на Октомвриската револуција и на Владимир Илич Ленин, формираа комунистички партии. Десното крило од предвоената социјалдемократија, фрапирано од недемократските потези на руските комунисти, експлицитно го отфрлиле револуционерниот пат кон социјализам и инсистирале на своето диференцирање во однос на комунистите, додека дел од предвоената левица и предвоениот центар на социјалдемократијата сакал да ги помири двата закарани пола и сакал да го зачува предвоеното единство на работничките и просоцијалистички сили, но не успеал во својата намера.[86]

По Втората светска војна социјалдемократијата се откажала од замената на капитализмот со социјализам и се ориентирала кон реформирање и хуманизирање на капиталистичкиот систем. Иронично, оваа преориентација на социјалдемократите по Втората светска војна е позната како демократски социјализам, иако токму со нејзиното прифаќање социјалдемократијата престанала да биде просоцијалистичка сила. Формирајќи често влади во овој период, социјалдемократите во Западна Европа даде голем придонес за изградбата на држава на благосостојба со широки економски и социјални права, првенствено за сиромашните и непривилегираните.[87]

По падот на комунизмот во Источна Европа и по пројавените дисфункционалности на моделите на држава на благосостојба во Западна Европа, многу социјалдемократи

[85] Нано Ружин „Современа социјалдемократија“ (2019)
[86] Ентони Гиденс „Третиот пат: обнова на социјалдемократијата“ (2018, македонско издание 2020)
[87] Здравко Савески „Отаде едноумието: повторно откривање на левицата“ (2017)

почнале да ги напуштаат своите преференции кон сиромашните и непривилегираните, придружувајќи им се на либералите во кастрењето на социјалните програми и на државата на благосостојба. Оваа најнова преориентација на социјалдемократијата е најпозната како „Третпат“ и „Нов центар“, а нејзини главни застапници се Тони Блер и Герхард Шредер.[88]

### 1.2. Карактеристики на социјал демократијата и нејзини ориентации

Карактеристики на социјал-демократијата се:

1. Таа е повеќе насочена кон социјални реформи отколку реформирање на економскиот систем. Нејзина основна филозофија е да се преземаат мерки за социјална заштита, сигурност, правда и еднаквост.[89]
2. Втора значајна карактеристика на социјал-демократијата е цврстата определеност во политичкиот систем да се зачуваат парламентарната демократија и граѓанските права.

Според тоа, социјал-демократијата денес ја карактеризираат следните две основни ориентации:

1. Ширење на социјалната заштита, сигурност, правда и еднаквост.
2. Зачувување на парламентарната демократија и граѓанските права.

### 1.3. Теорија за економија на благосостојба

Економија на благосостојба означува такво функционирање на стопанството кое ќе овозможува постигнување на економска благосостојба за целото население, а преку тоа и благосостојба во најширока смисла. Економијата на благосостојба е тесно поврзана и меѓузависна со државата на благосостојба.[90]

---

[88] Ингвар Карлсон, Ан-Мари Линдгрен „Што е социјалдемократија?: книга за идеите и предизвиците“ (2018)
[89] Ѓорѓи Спасов „Развојот на социјалдемократијата: кус историски преглед“ (2015)
[90] Ѓорѓи Спасов „Социјалдемократијата денес: 10-те одредници“ (2016)

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Во теоријата за благосостојбата најдалеку отиде познатиот економист од периодот по Втората светска војна *Јан Тинберген* кој ја модернизирал теоријата за економијата на благосостојбата и, во исто време, изградил еден теоретски модел на социјал-демократски систем. Неговиот модел е, фактички, една комбинација од елементи и норми за претпоставениот нов економски систем. Моделот на социјал-демократски систем на Јан Тинберген вклучува не само адекватна комбинација на економски варијабли како: работна сила, инвестиции, национален доход, понуда, побарувачка, цени и сл., со кои ќе се постигне општа корист, туку, исто така, и адекватна комбинација на општествени институции т.е. државни органи, стопански организации, пазар, планирање и сл., со истата цел.[91]

## 2.МОТИВ И ЦЕЛИ

Мотив за изработка на овој труд ни беше да согледаме кои се причините што ја прават Шведска водечки пример за социјалдемократски систем и токму затоа, при изработката си ги поставивме следните цели:

1.Да откриеме кои се основите и карактеристиките на економскиот систем во Шведска,

2.Да увидиме како се развила политика на благососојба во Шведска.

## 3.МАТЕРИЈАЛ И МЕТОД

За остварување на истражувањето според поставените цели, направивме пребарување за економскиот систем што го применува Шведска, со податоци од веб страни, како и публицирани трудови од реномирани автори.

[91] Muldoon 2019; Post 2019; Blanc 2019, .McCarthy 2018; Berman 2020.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# 4.РЕЗУЛТАТИ

## 4.1 Основи на економскиот систем на Шведска

Основи на економскиот сиситем во Шветска се:

1. Растежот на економскиот систем во Шведска има долга традиција на постепена и трајна преобразба во согласност со порастот на производствените сили и со промените во класната структура на општеството.
2. Идеологијата на благосостојбата израснала како надградување врз постарите социјални вредности, а не само како прифаќање или пресадување на теоријата.

Економијата на Шведска е високо развиена извозно ориентирана економија, потпомогната од дрво, хидроенергија и железна руда. Тие ја сочинуваат базата на ресурси на економијата ориентирана кон надворешна трговија. Главните индустрии вклучуваат моторни возила, телекомуникации, фармацевтски производи, индустриски машини, прецизна опрема, хемиски производи, домашни производи и апарати, шумарство, железо и челик. Традиционално, Шведска се потпираше на модерна земјоделска економија која вработуваше повеќе од половина од домашната работна сила. Денес Шведска понатаму развива инженеринг, рудник, челик и индустрии за целулоза, кои се конкурентни на меѓународно ниво, како што е потврдено од компании како Ericsson, ASEA/ABB, SKF, Alfa Laval, AGA и Dyno Nobel.[92]

Шведска е конкурентна отворена мешовита економија. Огромното мнозинство шведски претпријатија се во приватна сопственост и пазарно ориентирани. Исто така, постои силна социјална држава, со трошење на јавниот сектор до три петтини од БДП.[93]

[92] World Economic and Financial Surveys World Economic Outlook Database—WEO Groups and Aggregates Information April 2020". IMF.org. International Monetary Fund. Retrieved 16 September 2020.;"World Bank Country and Lending Groups". datahelpdesk.worldbank.org. World Bank. Retrieved 29 September 2019.

[93] "Population on 1 January". ec.europa.eu/eurostat. Eurostat. Retrieved 13 July 2020.

## 4.2. Развојот на шведската политика на благосостојба

Следниве вредности или "идеи" можат да се гледаат како филозофски основи во историскиот развој на шведската политика на благосостојбата:

1.хуманитаризам или простување,

2.ресоцијализација или рехабилитација,

3.интеграција,

4.солидарност,

5.еднаквост и правда,

6.социјална сигурност**.**

Во 19 век Шведска еволуирала од главно земјоделска економија во почетоци на индустријализирана, урбанизирана земја. Сиромаштијата останала широко распространета, што поттикнало голем дел од жителите на земјата да емигрираат, главно во Соединетите држави. Економските реформи и создавањето на модерен економски систем, банките и корпорациите биле променети во доцната половина на 19 век. Во тоа време Шведска била на некој начин „моќта" на скандинавскиот регион со силен процес на индустријализација кој започнал во 1860-тите. Згора на тоа, шведскиот Риксдаг се развил во многу активен парламент веќе за време на добата на слободата (1719–72), а оваа традиција продолжила и во деветнаесеттиот век, поставувајќи ја основата за транзицијата кон модерна демократија на крајот на наведениот век. Освен релативно високите нивоа на формирање човечки капитал, резултатот на реформацијата и поврзаните владини политики, ваквите локални демократски традиции биле другото богатство што го направило можно „фаќањето" на скандинавските земји, вклучително и Шведска, и овој економски пораст веројатно бил највпечатлива појава во тој регион во текот на деветнаесеттиот век.[94]

[94] "Report for Selected Countries and Subjects". IMF. Retrieved 16 April 2023.; "The outlook is uncertain again amid financial sector turmoil, high inflation, ongoing effects of Russia's invasion of Ukraine, and three years of COVID". International Monetary Fund. 11 April 2023.

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

До 1930-тите, Шведска го имала, она што списанието Life во 1938 година го нарече „највисок животен стандард во светот". Шведска се прогласи себеси за неутрална за време на двете светски војни, со што избегна многу физичко уништување и наместо тоа, особено по Првата светска војна, профитирала од новите околности – како што се зголемената побарувачка за суровини и прехранбени производи и исчезнувањето на меѓународната конкуренција за нејзиниот извоз. Повоениот бум, кој бил продолжување на силните инфлациски тенденции за време на самата војна, ја поттикнале Шведска како држава кон поголем економски просперитет. Почнувајќи од 1970-тите и кулминирајќи со длабоката рецесија на раните 1990-ти, шведскиот животен стандард се развил понеповолно од многу други индустријализирани земји. Од средината на 1990-тите, економските перформанси се подобриле.[95]

Во 2009 година, Шведска го имаше десеттиот највисок БДП по глава на жител во светот во номинална смисла и беше на 14-то место според паритетот на куповната моќ.

## 4.3. Карактеристики на економскиот систем на Шведска

Карактеристиките на економскиот систем на Шведска се:[96]

1.Секторите на сопственоста,

2.Социјализација (поопштествување) на капиталот;

3.Институционална структура и интеракциите;

4.Консултативно и информативно планирање;

5.Социјалната политика;

6.Одданочувањето и државните (јавните расходи).

[95] "EUROPE :: Sweden". CIA.gov. Central Intelligence Agency. Retrieved 19 November 2021.;"Sweden". The World Factbook. CIA. Retrieved 27 January 2020.

[96] "People at risk of poverty or social exclusion". ec.europa.eu/eurostat. Eurostat. Retrieved 3 July 2020.

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

### 4.3.1. Сектори на сопственост

Во структурата на стопанството на Шведска, постојат следните сектори на сопственоста:

1. Групно-приватен сектор
2.Јавен сектор
3.Приватно-јавен (мешовит) сектор
4.Индивидуално-приватен сектор
5.Сектор на индивидуални производители (фармерски) и
6.Кооперативен (задружен) сектор.

### 4.3.2. Социјализација на капиталот

Механизмот на социјализацијата е тесно поврзан со и произлегува од социјалното осигурување како извор за социјализација на капиталот. Имено, придонесите за социјално осигурување на вработените одат во разни пензиски, здравствени и други фондови. Управите на овие фондови, пред да ги потрошат за пензии, боледувања и сл., ги пласираат приходите во во вид на влогови по банките каде со каматите фондовите растат или пак, купуваат акции од корпорациите од каде со добиените дивиденди, фондовите, исто така, растат. Овој механизам функционира само доколку приходите на фондовите се поголеми од расходите.

### 4.3.3. Институционална структура и интеракциите

Државните органи се многу значајни институции, но се настојува тие да не се бирократизираат. Тоа се постигнува со децентрализација и деконцентрација на нивната моќ. Децентрализацијата на државната управа е посебно значајна, бидејќи се спроведува во земја која нема федеративно државно устројство и не е голема според територијата и населението. Деконцентрацијата на државната моќ се постигнува, така што, компентенциите на одлучувањето и контролата се распределуваат по разни органи.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

### 4.3.4. Консултативно и информативно планирање

Планирањето е од посебен интерес за анализата на економскиот систем на Шведска. Планирањето на движењата во економијата останува да биде само консултативно и информативно. Планирањето станува консултативно кога при составувањето на плановите во Советот за економско планирање, како највисок плански орган, земаат учество не само државните планери и претставниците на корпорациите, туку и претставници на синдикатите, а и експерти од научните установи. Планирањето има информативна функција за сите сектори на стопанството, затоа што движењата во економијата не се предвидуваат, туку само се прогнозираат, а државните органи не преземаат посебни мерки за извршување на планот.

### 4.3.5. Социјалната политика

Социјалната политика е поврзана со економскиот систем, всушност, произлегува од него и во исто време го условува. Без реформирањето на економскиот систем не би можеле да се преземаат толку мерки на социјалната политика. Од друга страна, потрошувачката за социјална заштита и сигурност има влијание врз распределбата на доходот во стопанството.

### 4.3.6 Одданочувањето и државните (јавните) расходи

- Со оглед на тоа што јавниот сектор на стопанството во Шведска нема можности да акумулира или да дава вишоци, бидејќи не е доволно профитабилен, потребните средства се земаат од доходот на корпорациите и претпријатијата, од доходот на домаќинствата и од профитот.

- Одданочувањето претставува значајна карактеристика на економскиот систем на Шведска и најзначаен инструмент на државата за спроведување на социјалната и на макроекономската политика.[97]

## 5. ДИСКУСИЈА

### 5.1. Погледот на светот кон Шведскиот економски систем

Во сите земји во светот постои почит према примерот на Шведска и нејзиниот животен стандард кој претставува не само богата лична потрошувачка, туку, уште повеќе, разгранета заедничка потрошувачка за која мора да се одземе голем дел од националниот доход во државниот буџет и во разни општествени фондови.[98]

Шведскиот систем неотповикливо ги вклучува парламентарната демократија, плурализмот во меѓуинституционалните односи и граѓанските права и остава многу широк простор и за приватниот сектор во стопанството.[99]

### 5.2. Економијата на Шведска во 2023 година

Во 2022 година, шведската економија се проценува дека пораснала за 2,4%, во голема мера поттикната од моќното пренесување од 2021 година. Во текот на минатата година, приватната потрошувачка била ограничена од високата инфлација, која ги еродирала реалните расположливи приходи и растечкиот товар на хипотекарните заеми, со заострување на монетарната политика. Бруто формирањето на фиксен капитал релативно добро се одржал поради силните корпоративни биланси. Нето-трговијата

---

[97] "Gini coefficient of equivalised disposable income - EU-SILC survey". ec.europa.eu/eurostat. Eurostat. Retrieved 3 July 2020.

[98] "Human Development Index (HDI)". hdr.undp.org. HDRO (Human Development Report Office) United Nations Development Programme. Retrieved 17 November 2022.

[99] "Inequality-adjusted HDI (IHDI)". hdr.undp.org. UNDP. Retrieved 17 November 2022.; "Labor force, total - Sweden". data.worldbank.org. World Bank & ILO. Retrieved 27 September 2020.

одземена од растот, во контекст на големиот трговски шок со растот на увозот, поттикнат и од инвестициите, го надминал растот на извозот. БДП се намалил во четвртиот квартал, при што евиденцијата и на страната на производството и на употребата укажуваат на пад на економијата од 0,6 отсто на квартално ниво.[100]

Економијата се очекува да продолжи да се намалува во првата половина на 2023 година, пред да закрепне подоцна во годината. Домаќинствата треба дополнително да ги приспособат своите трошоци за потрошувачка како одговор на губењето на реалниот расположлив приход, високата неизвесност и зголеменатa невработеност. Умерен раст на потрошувачката се очекува од 2023-3-ти квартал наваму, бидејќи инфлацискиот шок се распаѓа, реалниот расположлив приход почнува да се опоравува и пазарот на домување го достигнува своето дно.

Градежната активност се очекува силно да се намали во 2023 година поради повисоките трошоци за изградба, намалената побарувачка од повисоките каматни стапки и падот на реалниот расположлив приход. На почетокот на 2023 година, корпорациите се очекува да ги намалат инвестициите наспроти растот на краткорочните каматни стапки и неизвесноста. Сепак, книгите за нарачки се сè уште добро пополнети, а корпорациите сè уште имаат добри маржи. Ова треба да помогне да се поддржат корпоративните инвестиции подоцна во 2023 година. Значителниот номинален раст на платите, сè уште солидните перформанси на пазарот на труд и падот на пазарот на домување ќе го поддржат растот во 2024 година. Севкупно, реалниот БДП се предвидува да се намали за 0,8 % во 2023 година и да се зголеми за 1,2 % во 2024 година.[101]

Годишната инфлација на ХИЦП се зголеми на 8,1% во 2022 година. Цените на електричната енергија се зголемија силно до крајот на 2022 година, кога почнаа да паѓаат низ ЕУ и во Шведска. Се предвидува дека цените на електричната енергија и другите енергенси ќе се намалат силно во 2023 година во согласност со сегашните енергетски

[100] "Employment rate by sex, age group 20-64". ec.europa.eu/eurostat. Eurostat. Retrieved 27 September 2020

[101] "Unemployment by sex and age - monthly average". appsso.eurostat.ec.europa.eu. Eurostat. Retrieved 17 October 2020.

фјучерси. Домашните притисоци врз платите и цените се очекува да останат задржани во текот на прогнозираниот период. Основната инфлација, сепак, треба да се зголеми во 2023 година бидејќи повисоките трошоци сè уште се пренесуваат на потрошувачите. Трошоците на менито и потрошувачите кои се повеќе свесни за цените, како и надолниот притисок врз побарувачката, се очекува да го ограничат понатамошното зголемување на цените. Севкупно, се прогнозира дека инфлацијата на ХИЦП ќе изнесува просечно 6,3% во 2023 година и ќе се намали на 1,8% во 2024 година.[102]

## 6.ЗАКЛУЧОК

Од нашето истражување ги извлековме следните заклучоци:

1. Развитокот и индустријализацијата на Шведска во текот на последните 100 години е пример на успешен извозно-ориентиран развој, во контекстот на економијата на приватни претпријатија.
2. Во случајот на Шведска, преминот кон понов економски систем под влијание на социјал-демократските концепции се модифицирал и ја примил формата на држава на благосостојбата.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:

[1] Љубомир Данаилов Фрчкоски „Есеи за социјалдемократијата“ (2020)

[2] Нано Ружин „Современа социјалдемократија“ (2019)

[102] "Unemployment rate by age group". data.oecd.org. OECD. Retrieved 8 September 2020.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

[3] Ентони Гиденс „Третиот пат: обнова на социјалдемократијата“ (2018, македонско издание 2020)

[4] Здравко Савески „Отаде едноумието: повторно откривање на левицата“ (2017)

[5] Ингвар Карлсон, Ан-Мари Линдгрен „Што е социјалдемократија?: книга за идеите и предизвиците“ (2018)

[6] Ѓорѓи Спасов „Развојот на социјалдемократијата: кус историски преглед“ (2015)

[7] Ѓорѓи Спасов „Социјалдемократијата денес: 10-те одредници“ (2016)

[8] Muldoon 2019; Post 2019; Blanc 2019.

[9] Eatwell & Wright 1999, pp. 80–103; Newman 2005, p. 5; Heywood 2007, pp. 101, 134–136, 139; Ypi 2018; Watson 2019.

[10] McCarthy 2018; Berman 2020.

[11] World Economic and Financial Surveys World Economic Outlook Database—WEO Groups and Aggregates Information April 2020". IMF.org. International Monetary Fund. Retrieved 16 September 2020.

[12] "World Bank Country and Lending Groups". datahelpdesk.worldbank.org. World Bank. Retrieved 29 September 2019.

[13] "Population on 1 January". ec.europa.eu/eurostat. Eurostat. Retrieved 13 July 2020.

[14] "Report for Selected Countries and Subjects". IMF. Retrieved 16 April 2023.

[15] "The outlook is uncertain again amid financial sector turmoil, high inflation, ongoing effects of Russia's invasion of Ukraine, and three years of COVID". International Monetary Fund. 11 April 2023.

[16] "EUROPE :: Sweden". CIA.gov. Central Intelligence Agency. Retrieved 19 November 2021.

[17] "Sweden". The World Factbook. CIA. Retrieved 27 January 2020.

[18] "People at risk of poverty or social exclusion". ec.europa.eu/eurostat. Eurostat. Retrieved 3 July 2020.

[19] "Gini coefficient of equivalised disposable income - EU-SILC survey". ec.europa.eu/eurostat. Eurostat. Retrieved 3 July 2020.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

[20] "Human Development Index (HDI)". hdr.undp.org. HDRO (Human Development Report Office) United Nations Development Programme. Retrieved 17 November 2022.

[21] "Inequality-adjusted HDI (IHDI)". hdr.undp.org. UNDP. Retrieved 17 November 2022.

[22] "Labor force, total - Sweden". data.worldbank.org. World Bank & ILO. Retrieved 27 September 2020.

[23] "Employment rate by sex, age group 20-64". ec.europa.eu/eurostat. Eurostat. Retrieved 27 September 2020.

[24] "Unemployment by sex and age - monthly average". appsso.eurostat.ec.europa.eu. Eurostat. Retrieved 17 October 2020.

[25] "Unemployment rate by age group". data.oecd.org. OECD. Retrieved 8 September 2020.

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

# ASPECTS OF THE BREAKUP OF SFR YUGOSLAVIA

*Marjan Madjovski, PhD*

*Email:marjanmadjovski@gmail.com*

## Abstract

Reasons for the disintegration of SFR Yugoslavia can generally be divided into internal and external. As part of the analysis of the aspects of the internal causes that first contributed to the dramatic military unraveling and then the dissolution, the relationship between the then Serbian and Slovenian state and party leadership should also be taken into account.

The concept of the right to the truth has gained meaning in recent decades. Historically speaking, this concept finds its roots in international humanitarian law and is subject to various practices in national, regional and international jurisdictions. The illumination of certain historical aspects of the disintegration of the former Yugoslav federation would help in establishing and recognizing the truths.

In several of the countries of the former Yugoslavia, there is a noticeable setback in the process of dealing with the past, which is connected with a general setback in respect for human rights and the rule of law, but also more broadly in the context of the general crisis of democratic institutions and their functioning.

**Keywords:** *the right to the truth, transitional justice, the breakup of SFR Yugoslavia*

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# АСПЕКТИ НА РАСПАДОТ НА СФР ЈУГОСЛАВИЈА

*Д-р Марјан Маџовски*

*Email:marjanmadjovski@gmail.com*

**Апстракт**

Причините за распаѓањето на СФР Југославија генерално може да се поделат на внатрешни и надворешни. Во делот на анализата на аспектите на внатрешните причини кои потоа придонесоа да дојде до драматичен воен расплет и потоа дисолуција треба да се земат во предвид и релациите меѓу тогашното српско и словенечко државно и партиско раководство.

Концептот за право на вистина добива на значење во последните децении. Историски гледано, овој концепт ги наоѓа своите корени во меѓународното хуманитарно право и е предмет на различно практицирање низ националните, регионалните и меѓународните јурисдикции. Осветлувањето на одредени историските аспекти на распаѓањето на поранешната југословенска федерација би помогнале во утврдувањето и признавањето на вистината.

Во неколку од земјите од поранешна Југославија постои забележливо назадување во процесите на соочување со минатото кое е поврзано со генералното назадување на почитувањето на човековите права и владеењето на правото, но и пошироко во контекст на генералната криза на демократските институции и нивното функционирање.

**Клучни зборови:** *право на вистина, транзициона правда, распад на СФР Југославија*

## 1. Вовед

Жртвите на грубо кршење на човековите права и сериозни прекршувања на меѓународното хуманитарно право и нивните семејства имаат право на ефективен лек. Ова вклучува право да се знае вистината за сторените злоупотреби, вклучувајќи го

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

идентитетот на сторителите, причините што довеле до прекршувањата и, доколку е соодветно, крајната судбина или каде се наоѓаат присилно исчезнатите.

Правото е признато во законските решенија на судовите во повеќе земји, како и од меѓународните судски тела. Иако неговите основни елементи се добро воспоставени, правото на вистина продолжува да се развива и може да се карактеризира различно во разни правни системи.[1]

Концептот за право на вистина добива на значење во последните децении. Историски гледано, овој концепт ги наоѓа своите корени во меѓународното хуманитарно право и е предмет на различно практицирање низ националните, регионалните и меѓународните јурисдикции. Случај со највисок профил е случајот Веласкез Родригез[103], во кој со одлуката на судот се прогласи правото да се знае за семејството на жртвата, дури и без кривични казни. Суштината на пресудата на Интерамериканскиот суд за човекови права во случајот Веласклез - Родригез против Хондурас во правната практика беше експлицитно потврдена со подоцнежните пресуди на Европскиот суд за човекови права и разните документи на ООН, како што е извештајот од 2004 година на Генералниот секретар за „Владеење на правото и транзиционата правда во конфликтните и постконфликтните општества“.

Мнозинството на правни експерти во меѓународна заедница е на мислење дека правото на вистина постои и има свое место во меѓународното право. Меѓутоа, за целосно да се имплементира ова човечко право, неопходно е да се дефинираат неговите граници и недвосмислено да се означи со неговото име - право на вистина. САД, на пример, инсистираат дека правото на вистината е составен дел на правото за слободен пристап до информации, оставајќи ја можноста да се дерогира во итни ситуации или да се ограничи со закон. Иако судската пракса, првенствено на регионалните судови за човекови права, го штити со извлекување од другите права, сепак со тоа се остава простор државите да им го ускратат користењето на ова право на граѓаните. Меѓународните експерти на конференција во Женева во мај 1995 година, предложија правото на вистина експлицитно

[103] Velázquez Rodríguez од 29 јули 1988 година (Серија Ц, бр. 4, стр. 157)

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

да се додаде на веќе постоечката листа на апсолутни права во Меѓународниот пакт за граѓански и политички права од 1966 година. Барањето вистина вклучува иницијативи што можат да им овозможат на актерите во една земја да ги истражат злоупотребите од минатото и да бараат надомест на штета за жртвите, за да им овозможат на општествата да се помират со минатото и кршењето на човековите права со цел да се спречи нивното повторување. Овие иницијативи помагаат да се создаде документација што ги спречува репресивните режими да ја фалсификуваат историјата и да го негираат минатото.

Распадот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија (СФРЈ) беше обележан со разорни војни во 1990-тите и раните 2000-ти. Причините за распаѓањето на СФР Југославија генерално може да се поделат на внатрешни и надворешни. Во делот на анализата на аспектите на внатрешните причини кои потоа придонесоа да дојде до драматичен и воен расплет треба да се земат во предвид и релациите меѓу тогашното српско и словенечко државно и партиско раководство.

Со цел да се пристапи кон прашањето на иднината на Југославија, српското раководство бараше одржување на 14-иот вондреден конгрес на Сојузот на комунисти на Југославија (СКЈ). Тој е одржан од 20 до 22 јануари 1990 година во Белград. Српското раководство набрзо го одби словенскиот предлог за создавање на асиметрична федерација. Подоцна беше одбиен и заедничкиот предлог на Хрватска и Словенија за создавање на конфедерација. Два дена после конгресната вербална војна, словенечката делегација го напушти конгресот...После ова доаѓа до распаѓање на СКЈ, што беше вовед во распаѓањето на Југославија.

На 25 јуни 1991 година и формално започна распаѓањето на Југославија. На овој ден, словенечкиот и хрватскиот парламент донесоа одлука за прогласување на независност. Два дена подоцна, се мобилизираа единиците на Југословенска народна армија (ЈНА) за да ја поништат таа одлука, по што започна војна меѓу припадниците на ЈНА и словенските територијалци, кои ги предводеше Јанез Јанша. Војната траеше десет дена. На почетокот на јули Претседателството на СФРЈ донесе одлука за повлекување на ЈНА од Словенија. Дел од армијата се повлече во Хрватска. При опсадите на касарните на

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

ЈНА во Словенија, дојде до крвави напади врз припадниците на ЈНА од страна на припадниците на словенечката територијална одбрана. Исходот на овие напади беше поголем број на загинати војници, кои биле на отслужување на редовниот воен рок, а кои имале од 18-23 години.

Првиот тематски документ за транзиционата правда за поранешна Југославија од Советот на Европа е документот кој е изготвен во 2012 година.[104] Една деценија потоа, во 2023 година е изготвен нов документ насловен „Справување со минатото за подобра иднина - Постигнување на правда, мир и социјална кохезија во регионот на поранешна Југославија", кој го анализира постигнатиот напредок, како и недостатоците во процесите за соочување со минатото.[105] Документот ги анализира факторите кои ги попречуваат процесите и позитивните ефекти на транзициската правда во регионот.[106]

## 2. Наоди на тематските документи за транзиционата правда за поранешна Југославија од Советот на Европа

Тематскиот извештај на Советот на Европа од 2012 година се занимава со процесот на повоена правда. Тој првенствено ги разгледува или анализира четирите клучни компоненти на повоената правда: мерките кои се неопходни за да се стави крај на неказнивоста; обезбедување соодветна и ефективна компензација за сите воени жртви; потребата да се утврди и да се признае вистината за сериозните прекршувања на човековите права и сериозните прекршувања на меѓународното хуманитарно право, кои се

[104]https://rm.coe.int/post-war-justice-and-durable-peace-in-the-former-yugoslavia-issue-pape/16806da71f (2012) Тематските извештаи ги објавува Комесарот за човекови права, како придонес во дебатата и размислувања за важни актуелни прашања за човековите права. Многу од нив содржат и препораките на Комесарот за решавање на констатираните проблеми.

[105] https://rm.coe.int/issue-paper-on-transitional-justice-dealing-with-the-past-for-a-better/1680ad5eb5

[106] Повеќе во „Соочување со минатото во поранешна Југославија", М.Маџовски, "Dealing with the past in the former Yugoslavija", International Journal of Recent Research in Arts and Sciences, Vol.18, Year 2023, ISSN: 1857-8128.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

случија низ целиот регион; и потребата да се обезбедат институционални реформи со гаранција за неповторување.

Тематскиот документ од 2023 година забележува неколку позитивни практики, меѓу кои и решителното пресретнување на злосторствата со цел да нема неказнивост за сторителите на таквите злодела. Во регионот беа покренати различни иницијативи во насока на понесување кривична одговорност, вклучително и создавање на целосно меѓународен Кривичен Трибунал, отпочнување процеси и поведување постапки за воени злосторства пред националните судови и хибридни механизми за утврдување кривична одговорност. Иако некои сторители од висок профил беа изведени пред лицето на правдата, одговорноста за воените злосторства е далеку од целосна. Сепак, меѓународните и домашните судења испратија силен сигнал дека мора да се задоволи правдата за тешките повреди на човековите права и го поплочиаја патот кон порезолутна акција во справувањето со вакви злосторства во иднина.

Документот во Поглавјето 3 прави осврт на генералните негативни трендови кои ги поткопуваат напорите, а тоа се пред се: етнонационалистичкиот дискурс и неуспехот на владите да се осврнат на суштинските причини за војните.

Поглавјето 4 од Тематскиот документ од 2023 година исцртува четири приоритетни области за она што треба да следи понатаму. Тој доследно повторува дека домашните власти и политички лидери ја носат примарната одговорност кога станува збор за почитување за обврските од сферата на човековите права во областа на транзициската правда и работа во полза на мирот и социјалната кохезија. *Првата* приоритетна област е *ставањето на жртвите и преживеаните во средиштето на сите процеси на транзициска правда*. Земајќи предвид дека веќе измина долго време од завршувањето на војните, постои итна потреба да се забрза темпото на процесирање на воените злосторства на национално ниво. *Второ*, од суштествена важност е да се *стави поголем акцент на превенцијата и градењето иднина каде е помалку веројатно дека повторно ќе се случи насилство*. Покрај неопходниот фокус на градењето силни и отпорни институции фокусирани на владеењето на правото, треба да се посвети внимание и на

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

меѓугенерациската димензија на транзициската правда. Областите како обезбедување интегрирано образование, подобрување на методите на изучување на историјата, отворање и зачувување архиви и меморијализација врз основа на човековите права, треба да станат клучни области во регионот денес. Во овие сфери, фокусот треба да биде на законите и стратегиите што даваат суштински придонес кон спротивставувањето на негирањето на злосторствата и ревизионизмот на минатото. *Трето*, од клучна важност е да се *зајакне политичката и финансиската поддршка за силно граѓанско општество што работи на транзициска правда*.

Документотот ги нотира неколку „незавршени работи", меѓу кои и: *малку време останува за остварување на правдата по пат на домашни обвиненија; многу од цивилните жртви на војните во регионот остануваат без пристап кон делотворни и соодветни репарации; и покрај добрите резултати, сепак, принудно раселените лица сè уште се соочуваат со неколку придизвици во однос на нивните човековите права, кои бараат дополнително внимание; обидите да се основаат официјални комисии за вистина и помирување (КВП) или други типови официјални механизми за потрага по вистината постигнаа малку ширум регионот; понатаму, потрагата по исчезнатите лица, што исто така придонесува кон утврдувањето на вистината, бележи тренд на забавување во последните години; како резултат на неуспехот да се спроведе ефикасен ветинг, сторителите на воени злосторства и тешки повреди на човековите права и натаму се вработени во јавните служби, вклучително и како избрани функционери.*

## 3. Аспекти на релациите на српското и словенечкото раководство во пресрет на воениот расплет на кризата во југословенската федерација

Истражувачката сторија на словенечкиот новинар, Блаж Згага[107] „Словенечко-српскиот пакт против Југославија" од февруари 2014 година поттикна реакција на повеќе

[107] Серијал текстови објавени во 5 продолженија во „Данас" од 21 до 26 февруари 2014 од Блаж Згага, https://www.danas.rs/vesti/drustvo/rupel-i-bucar-kod-dobrice-cosica/ од 21.02.2024 (1)

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

историчари кои изнесоа спореотиставени согледувања за прашањата кој ги отвори новинарот.[108] Продожението на овој труд ќе се насочи кон неговите согледувања и предочени факти за релациите на српско-словеначките раководства на почетокот на распадот на СФР Југославија. Својата анализа Згага ја започнува со следнава теза за констелацијата на српско-словеначките односи и осоебено словеначкиот опортунитет во процесот на расплетот на кризата: "Повеќе од 130.000 мртви, многукратно повеќе ранети, повеќе од милион раселени, прогонети и прогонети…. Уништени животи, семејства и иднини. Светската и домашната јавност најголемата одговорност за крвавиот распад на федерацијата му ја препишува на српскиот лидер Слободан Милошевиќ, кој со насилното спроведување на проектот Голема Србија со помош на ЈНА сееше смрт и страдање речиси насекаде во поранешна Југославија. Словенија најдобро се снајде во својот распад, со грст мртви во сопствените редови и неколку десетици мртви брадести припадници на ЈНА. Покрај тоа, таа имаше корист од последователните војни во соседството и заработи добри пари од профитабилната продажба на оружје. Не се работеше само за произволна и незаконска продажба на поединечни граѓани, функционери или министри, туку за намерни одлуки на државниот врв кои ја претворија новата, независна држава во воен профитер. Во исто време, токму државниот врв на Република Словенија ги донесе одлуките што придонесоа за насилно развивање на југословенската криза или дури и го забрзаа."[109]

---

https://www.danas.rs/vesti/drustvo/dan-koji-je-promenio-sudbinu-zemlje/ од 23.02.2024 (2)
https://www.danas.rs/vesti/drustvo/mit-o-ratu-za-nezavisnost/ од 24.02.2024 (3)
https://www.danas.rs/vesti/drustvo/od-prljavog-sporazuma-do-trgovine-oruzjem/ од 26.02.2024 (5)
Во целост: https://www.index.hr/vijesti/clanak/Istina-o-slovensko-srpskom-paktu-protiv-Jugoslavije-i-o-trgovini-oruzjem-Tko-je-pomogao-otvoriti-vrata-pakla-i-pri-tome-jos-i-zaradio/729681.aspx,22.02.2014

[108] Група интелектуалци од Словенија: д-р Зденко Чепиќ, д-р Јоже Пирјевец, д-р Божо Репе, Антон Рупник, Едо Фичор и Драга Поточњак (тројца историчари, поранешен новинар, преведувач и драмска актерка) одговори на серијата написи на новинарот Блаж Згага„Словеначко-српски пакт против Југославија", објавена во Данас од 22 до 27 февруари 2014

[109] Блаж Згага заедно со колегата Матеј Шурца е автор на познатата трилогија „Во име на државата", во која улогата на словеначките државни органи во трговијата, продажбата и дистрибуцијата на оружје за време на војните во Хрватска и Босна и Херцеговина е документирана. Државното обвинителство на Словенија го гони за наводно оддавање државни тајни, но пред судот беше ослободен од сите обвиненија. Во септември

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

Згага во својата истражувачка анализа се повикува на наводите на советникот Славен Летица[110] изнесени во предговорот за хрватскиот превод на првата книга од трилогијата „Во името на државата“[111]. Според Летица, „Настанот кој беше од клучно значење за разбирањето и правилното историско толкување на одлуката на словенечкиот државен врв... беше тајниот пакт за ненапаѓање меѓу Словенија и Србија, кој беше склучен во Белград неполни две недели пред тоа: август. 14, 1991 година“[112]. Во оваа насока Згага го изнесува следново: „Тогаш во станот на влијателниот српски писател Добрица Ќосиќ, сивата еминенција на големосрпскиот проект и подоцнежен претседател на Србија се појавија претседателот на словенечкото собрание Франце Бучар и министерот за надворешни работи Димитриј Рупел. Самиот Добрица Ќосиќ подоцна во своите мемоари детално опиша како поминала таа доверлива средба на интелектуалци.[113]

Добрица Ќосиќ во врска со средбата во својата книга го забележува следново: „Дојдоа со авион. Пред куќата застанаа три автомобили: два полициски, како придружба, и нивниот со придружниците. Тие беа обезбедени од федералниот СУП (Секретаријат унутрашњих послова). Ја замолив Божица (сопругата м.з.) да не демонстрира искреност пред гостите. Бучар и Рупел беа снисходливи и насмеани. Се сместивме на тераса и на кафе почнавме муабет како добри, стари познаници и пријатели од опозицијата. Ми ги објаснија своите намери да воспостават директни односи со Србија, подготвени на строга неутралност во хрватско-српскиот спор, за да добијат поддршка од Србија за нивно отцепување... Велат дека дошле кај мене со согласност и договор на Кучан и Дрновшек, а ако се сложам со нивните ставови, ќе одат кај Милошевиќ, со мое посредништво... И јас сум убеден: економските интереси ги тераат да донесат нова политика. Потоа ја

2008 година, заедно со неговиот фински колега Магнус Берглунд, тој разоткри поткуп од големи размери во таканаречениот случај Патриа.

[110] Поранешен личен советник на хрватскиот претседател Фрањо Туѓман, кој од таа функција поднесе оставка во март 1991 година.

[111] Матеј Шурц, Блаж Згага, „Во името на државата: Кн.1. Продажба“, „Јесенски и Турк“, Загреб, септември 2013

[112] Исто, стр.15

[113]Добрица Ќосиќ, Лична историја на една ера - време на расплет. 1981-1991, Службен весник, Белград, 2009, стр. 309-311

издиктираа својата платформа и предлозите за нова политика со Србија. Ја запишав на српски, а Рупел на словенечки. Им кажав дека ќе го известам Милошевиќ и ќе ги известам за неговото мислење. Заминаа по три часа разговор, задоволни. Ме оптоварија со грижа и вовлекување во политиката. Го барав Милошевиќ. Тој е „некаде во Србија". Ми рече дека во принцип го прифаќа разговорот, но „добро ќе им наплати за се што направија против Србија". Му реков на Бучар да се јави кај Милошевиќ во понеделник. А платформата за новата политика на Словенија кон Србија, која сите тројца ја потпишавме како некаков договор, наликува на договорите и аранжманите направени од луѓето во Југословенскиот комитет за време на Првата светска војна".

Во своите мемоари Ќосиќ ја објави целата „платформа" што Славен Летица во предговорот ја претстави како „таен договор Кучан-Милошевиќ". Записот на Ќосиќ веќе беше објавен во 2002 година на веб-страниците на најчитаниот српски весник „Вечерње новости", но според Згага бил занемарен од словенечките медиуми и историчари.[114]

Во текстот на „платформата", објавен од Добрица Ќосиќ во својата книга, се вели: 1) Словенија не се меша во внатрешните односи на другите народи и прашањата за внатрешните граници, ниту ќе застане на страната на кој било југословенски народ во решавањето на југословенската агонија. Словенија нема да дозволи да биде инструментализирана во југословенските меѓунационални спорови; 2) Врз основа на националните интереси, без предрасуди и емоции, Словенија се согласува со Србија за меѓусебните односи. Истовремено, ја почитува одлучувачката улога на Србија во решавањето на југословенската ситуација и компатибилноста на словенечките и српските интереси; 3) Словенија смета дека решението на српско-хрватските односи е можно само врз основа на самоопределување на народот, од кое треба да произлезат различни форми на автономија; 4) Словенија смета дека е реално и разумно да дојде до федерално поврзување меѓу Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина и Македонија. Словенија го

[114]http://novosti.rs/dodatni_sadrzaj/clanci.119.html:275793-Opet-zbegovi-na-Kozari, http://novosti.rs/dodatni_sadrzaj/clanci.119.html:275794-Lukava-ponuda-Slov

признава правото на Хрватска да се определи спрема таа федерација; 5) Словенија самостојно и суверено ќе се определи спрема тие државни субјекти. Словенија е подготвена активно да соработува во конститутивните процеси на тие субјекти, доколку тие ја сакаат таа соработка; 6) Во однос на претходните принципи, Словенија и Србија сакаат да ги решат меѓусебните југословенски односи без посредство на странски фактори, особено на федерацијата - Потпишано на 14 август 1991 година во Белград од Добрица Ќосиќ, Франка Бучар и Димитрије Рупел.

Понатаму според Згага: [На 18 октомври 2013 година, словенечкиот неделник „Младина“ посветил насловна и осум страници на предговорот на Летица на првата книга од трилогијата со наслов „Словенско-српски пакт“, на која учесниците неубедливо и контрадикторно го негираат она што го напишал Ќосиќ во своите мемоари. особено дека се било што потпишано и дека се договорени со Кучан, како и тоа што Ќосиќ на нивно барање му го пренел словенечкиот предлог на Милошевиќ. Тогашниот претседател на Собранието Франс Бучар напиша: „Словенија во тоа време сè уште беше дел од Југославија и баравме начин да ја напуштиме“. Баравме договор со водечки луѓе, претставници на тогашната власт, нивни соработници, дури и со тогашната опозиција... Кога јас и Рупел дојдовме во Белград, не пречека полициска придружба и отидовме кај него. Таму седнавме на маса, времето брзо мина, час-два, разговаравме сосема неформално, лично, без записник, како партнери... Да кажам отворено, возевме слалом меѓу едните и другите, вака и онака, како да излеземе од Југославија...“. Тогашниот министер за надворешни работи Димитриј Рупел беше краток: „Навистина никој не потпишал никаков документ, „пакт“ или нешто слично. Тоа беше, без разлика на шпекулациите, само разговор“. Ќерката на Ќосиќ, Ана, по разговорот со нејзиниот болен татко изјавила: „Разговорот меѓу татко ми Рупел и Бучар на 14 август 1991 година е парафиран како записник. Само за евиденција. Содржината им е позната на Рупел и Бучар, а на двајцата им е позната и содржината на разговорот што се водеше во нашата куќа во Белград. Денеска тој запис од разговорот се наоѓа во личната архива кај Добрица Ќосиќ, значи, кај нас. Татко ми додава дека тој разговор, односно документот за тој разговор,

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

нема апсолутно никаква врска со Милошевиќ. Меѓу другото, тоа што овој лист е во личната архива докажува дека не е никаков државен документ или таен пакт“....Зборуваше и Милан Кучан, тогашниот претседател на Претседателството. „Не знаев ништо за личната посета на Рупел и Бучар на Ќосиќ во август 1991 година. Тие заминаа во Србија веднаш по агресијата врз Словенија, во моментот на најтешките судири со Белград, Милошевиќ и војската и по договорот во Бриони, каде што по наш договор Словенија д-р. Дрновшек почна да договара со претседателот на Претседателството на СФР Југославија, Борислав Јовиќ, повлекување на југословенската армија од Словенија. Во тој момент таа посета ќе ми изгледаше сосема нелогична и бесмислена, а така ми се чини и денес. Демос во тоа време се обидуваше да дејствува и како центар за одлучување за државните прашања, и криеше многу работи, особено оние поврзани со одбраната или внатрешните работи, од Претседателството и од мене. Но, не верувам дека Рупел и Бучар би потпишале нешто во Белград“, напиша тој и нагласи: „Никогаш не сум преговарал со Милошевиќ, ниту лично, ниту преку посредник, а најмалку тајно“.]

Сепак, и покрај изнесените негирања на словенечките раководни функционери Згага го изведува следнава констатација: „бројни меѓународни извори потврдуваат дека поранешниот претседател Милан Кучан не и ја кажувал вистината на словенечката јавност. За тоа сведочат неговите сопствени изјави дадени во минатото. Значи, августовската „платформа“, „записник“, „договор“ или „таен договор“ навистина постоела. Никој не ги негираше средбите на интелектуалците, тие само понудија различни толкувања и го минимизираа значењето на мистериозната средба и договор. Таа белградска средба е само последица на претходниот словенечко-српски договор постигнат на највисоко ниво - меѓу Слободан Милошевиќ и Милан Кучан“.

Тука Згага повторно посочува дека Славен Летица предупредил за него (за договорот м.з.) во неговиот одговор до Кучан (Младина, 25.10.2013): „Историска вистина е дека постои многу претходен, прв и непосреден договор/спогодба меѓу Милошевиќ и Кучан од 24 јануари 1991 година, за кој не пишував во предговорот на книга 1 „Продажба“. Таа прва историска средба на која се случи договорот меѓу Милошевиќ и

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Кучан се случи токму на денот кога Претседателството на СФРЈ се обиде да ја легализира воената интервенција на ЈНА во Хрватска, позната пред се по продукцијата и емитувањето на филмот на КОС за нелегалното вооружување на Хрватска (Пример Шпегељ)...Бидејќи тогаш бев личен советник на претседателот Туѓман, бев многу детално запознаен со текот и исходот од средбата Кучан-Милошевиќ на 24 јануари 1991 година... Го разбравме заминувањето на Милан Кучан во Белград за тајно да се договориме за слободно повлекување на Словенија. од Југославија како предавство бидејќи четири дена пред тоа Словенија и Хрватска потпишаа договор за заедничка одбрана во случај ЈНА да интервенира во некоја од земјите кои тогаш беа републики на СФРЈ. Договорот за заедничка одбрана го потпишаа Мартин Шпегељ и Јосип Бољковац во име на Република Хрватска и Јанез Јанша и Игор Бавчар во име на Република Словенија“.

Според Згага, средбата која Хрватите ја сфатиле како предавство се одржала во драматични околности: „Во Белград, во време на закана на ЈНА со државен удар, се состануваат делегации на Србија и Словенија. Српскиот претседател Слободан Милошевиќ беше во друштво на претседателот на Народното собрание Слободан Унковиќ, мандатарот на новата влада Драгутин Зеленовиќ и премиерот Станко Радмиловиќ. Од словенечка страна до претседателот Милан Кучан седеа претседателот на Собранието Франце Бучар, членот на Претседателството Душан Плут и вицепремиерот Јоже Менсингер. По средбата тие излегоа со заедничко соопштение за медиумите. Соопштенијата од овој тип секогаш се резултат на нагодувања и значат дека двете страни се договориле за текстот. Најважниот дел од официјалното соопштение од средбите на 24 јануари 1991 година гласи вака:

*„Заеднички утврдивме дека во решавањето на југословенската криза мора да се тргне од правото на народите на самоопределување, кое не смее да биде ограничено со ништо друго освен со еднакви и исти права на другите народи. Заемно беше оценето дека остварувањето на ова право бара почитување на специфичноста и различноста на интересите и не може да биде на сметка на другите народи. Србија го почитува интересот на Словенија дека, врз основа на*

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

*правото на народот на самоопределување и преку процесот на постигнување договор за идните односи, републиката да постигне непречено остварување на правото на словенечкиот народ и на Република Словенија на својот пат и определба во поглед на нивната идна поврзаност со другите југословенски народи односно републики. Словенија го почитува интересот на српскиот народ да живее во една држава и дека идниот југословенски договор мора да го почитува тој интерес.*

*Во договорот е утврдено дека не е можно на ист начин да се дефинираат меѓусебните односи на сите народи и републики во Југославија. Новиот југословенски договор затоа мора да ги почитува разликите и интересите на сите југословенски народи и републики во обид да се реши југословенската криза по мирен пат и во демократски процес на преговарање за иднината на Југославија“.*[115]

Згага потсетува и дека Кучан го повторил истото гледиште за средбата во Белград, два дена подоцна, на 26 јануари 1991 година, за време на посетата на Сараево: „Во однос на ставот на Словенија дека ги почитува желбите на Србија српскиот народ да живее во една држава, што е наведено и во соопштението за словенечко-српските разговори, Кучан вели дека едно право не може да биде ограничено со друго, така што се подразбира дека признавањето на правото на Словенците на независно одлучување значи и признавање на правото на Србите да живеат во една држава“[116]

Милан Кучан подетално ја објаснил средбата една недела подоцна[117]: „Сакам да потсетам што се разговараше на таа средба во Белград. По референдумот за независност на Словенија, поширокото Претседателство на Словенија ја прифати одлуката на билатералните средби да ги информира лидерите на другите републики за намерите и

[115] Известување за разговорите на словенечката и српската делегација на 24 јануари 1991 година во Белград; во: Božo Repe: Viri o democratizacije in osamosvojitvi Slovenije, дел 2, Arhivsko društvo Slovenije, Љубљана, 2003, стр.

[116] Ослобоѓење, 27 јануари 1991 година, насловна страница и стр. 2

[117] Младина, 8 ноември 2013 година

позициите на Словенија. По средбата објавивме соопштение за медиумите кое д-р Летица го протолкува како согласност на Словенија, односно Кучан, Милошевиќ, односно Србија, да формира српска држава на целото подрачје населено со Срби, со што Словенија, т.е. Кучан, би се согласила на промена на границите меѓу републиките на поранешна Југославија и на српско присвојување на територија на Република Хрватска. А официјалното соопштение за јавноста беше сосема јасно: правото на кој било народ на сопствена држава не може да биде на сметка на еднаквото право на другите народи, односно на републиките, на сопствената држава... Сакам да повторам: моето заминување, односно заминувањето на словенечката делегација во Белград, не беше тајна, а уште помалку беше словенечко-српски договор за заминување на Словенија од Југославија". Кучан, исто така, додал: „Словенија ѝ помогна на Хрватска во војната колку што можеше со дипломатска активност, отворена комуникација, обликување на светското јавно мислење и давајќи ѝ оружје што на Словенија повеќе не и требаше за сопствената одбрана". Но, трговијата со оружје беше нелегално и немаше упориште во одлуките на државното претседателство".

Во одговорот на претходно наведена група словенечки интелектуалци „Другата страна на приказната за „вистината за словенечко-српскиот пакт против Југославија и трговијата со оружје" – Презентација на спротивни факти[118], објавен на 10 март 2014 година се наведува следново: „Авторот на написот својот текст го гради на два „тајни договори" меѓу претседателот на Претседателството на Словенија, Милан Кучан и претседателот на Србија, Слободан Милошевиќ. Првата се случи на 24 јануари 1991 година, кога делегациите на двете републики се сретнаа во Белград на највисоко ниво. Вториот пат, на 14 август 1991 година, претседателите воопшто не се видоа, туку имаше само разговор во Белград помеѓу д-р Франка Бучар, претседател на Собранието на РС, и д-р Димитрије Рупел, министер за надворешни работи на РС, со влијателниот српски интелектуалец Добрица Ќосиќ. Тогаш не се знаеше дека го посетиле; Ќосиќ тоа го објави

[118] https://www.index.hr/vijesti/clanak/Druga-strana-price-o-istini-o-slovensko-srpskom-paktu-protiv-Jugoslavije-i-o-trgovini-oruzjem/733158.aspx

само во дневникот, а двајцата сè уште не објаснија дали се таму како приватни лица или претставници на државата. На 18 октомври минатата година овој настан беше опширно анализиран од неделникот „Младина“ (од д-р Божо Репа). Тој ги објави и изјавите на самите актери. Во следниот број на „Младина“ зборуваше хрватскиот политичар и публицист д-р Славен Летица. Тој ја спомена и средбата на 24 јануари, поврзувајќи ја со средбата на 14 август, иако меѓу нив нема никаква логична врска. Две недели подоцна, Кучан реагираше на ова во истиот неделник, објаснувајќи ги двата настани. Заедничката изјава до јавноста за содржината на средбата на делегациите на двете републики на 24 јануари е недвосмислена, но толкувачите на историјата во различни републики и во различни временски периоди различно ја толкуваат, особено ако истргнат реченици кои одговараат на нивните интереси. Во зависност од тоа со кого сакаат да се пресметаат.“

Сепак, според новинарот Згага „многу странски експерти поинаку ја оценуваат таа кобна средба: таму била запечатена судбината на Југославија. Српската страна дозволила Словенија да се отцепи, а во замена Словенија го признала правото на Србите за Голема Србија“. Според него договорот меѓу Кучан и Милошевиќ многу прецизно го посочила една од најдобрите познавачки на Централна и Источна Европа, норвешкиот политиколог Сабрина П. Рамет. Според неа: „Како последица на тоа што пролетта 1990 година ЈНА го одзеде оружјето што Словенија го набави за своја територијална одбрана, чувството на закана кај Словенците експоненцијално растеше. Она што тогаш не го знаеја е дека режимот на Милошевиќ, иако во голема мера бил во договор со ЈНА, имал свои цели и стратегии кои биле радикално различни на целите на ЈНА во однос на Словенија. Тоа стана јасно на 24 јануари 1991 година, кога тогашниот претседател на Словенија, Милан Кучан лично се сретна со Милошевиќ. Како што ми кажа Кучан во 1999 година, во замена за гаранциите на Милошевиќ дека Белград нема територијални претензии кон Словенија, тој го уверил Милошевиќ за неговото „разбирање“ за интересите на Милошевиќ да ги обедини сите Срби во Голема Србија.“[119]

[119] Сабрина П. Рамет: Соочување со минатото. : Словенците како субјекти и како предмети на историјата, Družboslovne razprave XXIV (2008) 58:29-44, Љубљана, стр. 35

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Згага посочува дека Рамет разговарала со Кучан на 6 септември 1999 година во Љубљана. Според него, точно истиот запис се наоѓа во написот „Распадот на Југославија натпреварувачки наративи за огорченост и вина“. Во рамките на Американскиот Универзитет Пердју, таа беше ко-претседавач со меѓународната истражувачка група на историчари заедно со угледната српска историчарка Латинка Перовиќ, а во гореспоменатата статија го додаде следново: „Милошевиќ го потврди договорот во личен разговор со Борисав Јовиќ, српскиот член на Претседателството на СФРЈ од мај 1990 до мај 1991 година, кому во февруари 1991 година, на пример, му рече „да ја остави Словенија на мира“ и тоа го повтори во Јуни 1991: Зошто да ги браниме словенечките граници - тоа е привремено. Мораме да го одбраниме она што ќе трае“[120]

Авторот на серијата текстови Згага дополнително ги наведува и следниве извори кои ги става во прилог на потврда на неговите согледувања: „Јануарскиот договор меѓу Кучан и Милошевиќ од 1991 година се споменува во многу биографии на Слободан Милошевиќ и во научни монографии. Еве само неколку од нив: Адам Лебор (2004): Милошевиќ: Биографија. Универзитетот Јеил прес.; Луис Сел (2002): Слободан Милошевиќ и уништувањето на Југославија, Универзитетот Дјук; Стјуарт Ј. Кауфман (2001), Модерни омрази: Симболичната политика на етничката војна, Универзитет Корнел; R. Craig Nation (2003) Војна на Балканот, 1991-2002, Институт за стратешки студии, Воен колеџ на Армијата на САД; Брендан О'Ши (2012): Перцепција и реалност во современиот југословенски конфликт: мит, лага и измама 1991-1995, Роутлеџ.

Според тогашното тврдење на овој новинар: „Договорот, кој се уште е скриен од словенечката јавност, во меѓувреме го пренесоа водечките светски медиуми. На пример, на 18 август 2006 година, во написот „Патот на Слободан Милошевиќ до пропаст“, британскиот Би-Би-Си избра седум одлуки кои го доведоа Милошевиќ во пропаст. Неговиот договор со Кучан на 24 јануари 1991 година е хронолошки ставен на второто место. „Тие меѓусебно се договорија за распадот на Југославија. Словенија може да оди, рече Милошевиќ. Таму нема Срби... Блискиот соработник на Милошевиќ, Борисав Јовиќ

[120] Борисав Јовиќ: Последни дани СФРЈ. Изводоци од дневникот, Политика, Белград, 1995, стр. 281 и 343

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

тој ден напиша во својот дневник: „Денешниот ден можеби го промени целиот развој на Југославија и кризата.“[121]

Во останатиот дел од одговорот на претходно наведена група словенечки интелектуалци, кои јавно ги изнесоа спротиставените ставови, се наведува и следново: „Инаку, во периодот од крајот на јануари до средината на февруари 1991 година имаше уште неколку вакви средби. На сите беше присутен Кучан. Тоа беа разговори со претставници на другите републики за начинот на словенечката одделување, односно независноста. Словенечките гласачи за ова гласаа на плебисцит еден месец пред средбата со Милошевиќ. Навистина, Кучан, како претседател на Претседателството на РС и лидер на словенечката делегација, се сретна со српските, а потоа на истата тема и со претставници на другите југословенски републики. Наведувањето на средбата на српските и словенечките претставници на 24 јануари 1991 година без оваа рамка е искривување на историските факти и прилагодување на тогашните околности на актуелните потреби. Прашањето е - за кого? За средбата тогаш известуваа и словенечките медиуми. Соопштението од каде јасно се гледа кој учествувал во разговорот и што е одлучено, е објавено и како историски извор во збирката извори за демократизација и независност. (Автор на д-р Божо Репа, објавен во 2003 г.) Во периодот од плебисцитот до прогласувањето на независноста, за разлика од српската и хрватската политика, Словенија постапи на директен и прилично рационален начин. Но, Згага тоа не го интересира. Во потрага по „потврда“ на својата теза за словенечката помош за Велика Србија на Милошевиќ во замена за словенечката независност, тој повикува помош од странски извор и издвојува делови од делото, во кои во различни контексти се споменува словенечко-српската средба на 24 јануари 1991 година. Тој особено се потпира на книгата, односно на истоимената документарна серија на Би-Би-Си, „Смртта на Југославија“, чиј извадок Летица го спомена во својата статија за „Младина“. Авторите на книгата, меѓу другото, детално ги опишуваат фаталните ефекти на српскиот експанзионизам и

[121] http://news.bbc.co.uk/2 /hi/europe/ 4819388.stm

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

хрватскиот национализам, но погрешно наведуваат дека Милошевиќ потоа „одвоено“ се сретнал со Кучан. „Меѓународната заедница не го разбра стравот на Словенците и Хрватите да се најдат под српска моќ, да го изгубат својот европски идентитет и потонат во црната дупка на Балканскиот Левант“, напиша историчарот д-р Јоже Пирјевец во првото поглавје од книгата Југословенски Војни 1991-2001 година.“

## 4. Литература

[1] United Nations, Report of the Secretary General on the Rule of Law and Transitional Justice in conflict and post-conflict societies, S/2004/616, 2004.

[2] UN Special Rapporteur on the promotion of truth, justice, reparation and guarantees of non-recurrence, "Accountability: Prosecuting and punishing gross violations of human rights and serious violations of international humanitarian law in the context of transitional justice processes", Doc. A/HRC/48/60, 9 July 2021; see also ICRC, Practice relating to Règle 158 - prosecution of War Crimes.

[3] ICTY, Key Figures of the Cases, 2021.

[4] ICTY, Statute of the International Tribunal for the Prosecution of Persons Responsible for Serious Violations of International Humanitarian Law Committed in the Territory of the Former Yugoslavia since 1991, 25 May 1993.

[5] Блаж Згага„Словенечко-српски пакт против Југославија“, Данас 22-27 февруари 2014.
https://www.danas.rs/vesti/drustvo/rupel-i-bucar-kod-dobrice-cosica/ од 21.02.2024 (1)
https://www.danas.rs/vesti/drustvo/dan-koji-je-promenio-sudbinu-zemlje/ од 23.02.2024 (2)
https://www.danas.rs/vesti/drustvo/mit-o-ratu-za-nezavisnost/ од 24.02.2024 (3)
https://www.danas.rs/vesti/drustvo/od-prljavog-sporazuma-do-trgovine-oruzjem/ од 26.02.2024 (5)
https://www.index.hr/vijesti/clanak/Istina-o-slovensko-srpskom-paktu-protiv-Jugoslavije-i-o-trgovini-oruzjem-Tko-je-pomogao-otvoriti-vrata-pakla-i-pri-tome-jos-i-zaradio/729681.aspx,22.02.2014

[6] Добрица Ќосиќ, Лична историја на една ера - време на расплет. 1981-1991, Службен весник, Белград, 2009, стр. 309-311

[7] Матеј Шурц, Блаж Згага, „Во името на државата: Кн.1. Продажба“, „Јесенски и Турк“, Загреб, септември 2013

[8] Известување за разговорите на словенечката и српската делегација на 24 јануари 1991 година во Белград; во: Božo Repe: Viri o democratizacije in osamosvojitvi Slovenije, дел 2, Arhivsko društvo Slovenije, Љубљана, 2003

[9] Ослобоѓење, 27 јануари 1991 година

[10] Сабрина П. Рамет: Соочување со минатото. : Словенците како субјекти и како предмети на историјата, Družboslovne razprave XXIV (2008) 58:29-44, Љубљана

[11] Борисав Јовиќ: Последни дани СФРЈ. Извадоци од дневникот, Политика, Белград, 1995

[12] Adam LeBor (2004): Milosevic: A Biography. Yale University Press.;

[13] Louis Sell (2002): Slobodan Milosevic and the Destruction of Yugoslavia, Duke University Press;

[14] Stuart J. Kaufman (2001), Modern Hatreds: The Symbolic Politics of Ethnic War, Cornell University Press;

[15] R. Craig Nation (2003) War in the Balkans, 1991-2002, Strategic Studies Institute, US Army War College;

[16] Brendan O’Shea (2012): Perception and Reality in the Modern Yugoslav Conflict: Myth, Falsehood and Deceit 1991-1995, Routledge.

[17] The International Residual Mechanism for Criminal Tribunals, Progress Report, S/2022/866, 17 November 2022, para. 10.

[18] OSCE, War Crimes Case Processing in Bosnia and Herzegovina (2004-2021), 2022.

[19] UN Special Rapporteur on the promotion of truth, justice, reparation and guarantees of non-recurrence, Report from the visit to Croatia, A/HRC/51/34/Add.1, July 2022.

[20] UN Special Rapporteur on the promotion of truth, justice, reparation and guarantees of non-recurrence, Preliminary Observations from the visit to Serbia and Kosovo, December 2022; Council of Europe Commissioner for Human Rights, Report following the visit to Serbia from 13-17 March 2023, 2023.

[21] Human Rights Action, Implementation of the War Crimes Investigation Strategy of the State Prosecutor's Office of Montenegro (2015-2021), 2021, p. 5.

[22] In 2003, Croatia created four specialised war crimes chambers and special police departments in the county courts of Osijek, Rijeka, Split and Zagreb, along with specialised war crimes sections in the relevant state attorney's offices. In 2003, Serbia also established a War Crimes Chamber in the Higher Court in Belgrade and a War Crimes Prosecutor's Office. In 2005, a special War Crimes Chamber began work at the State Court of Bosnia and Herzegovina and a specialised section dealing with war crimes was established in the State Prosecutor's Office. In 2008, the Department for the Suppression of Organised Crime, Corruption, Terrorism and War Crimes was established under the Supreme State Prosecutor in Montenegro. See, for example, Council of Europe Commissioner for Human Rights Report following the visit to Croatia from 25 to 29 April 2016, 2016, p.8; Report following the visit to Montenegro from 17 to 20 March 2014, 2014, pp. 6-7; Report following the visit to Bosnia and Herzegovina from 27 to 30 November 2010, 2011, pp. 26-27; Report following the visit to Serbia from 16 to 20 March 2015, 2015, p. 5.

[23] See Perriello T. and Wierda M., International Centre for Transitional Justice, Lessons from the Deployment of International Judges and Prosecutors in Kosovo, 2006.

[24] Council of Europe Commissioner for Human Rights, Memorandum on the mission to Kosovo from 30 May to 3 June 2022, 2022, para. 28; Council of Europe Commissioner for Human Rights, Memorandum on the mission to Kosovo from 5 to 9 January 2017, para. 17.

[25] UN Special Rapporteur on the promotion of truth, justice, reparation and guarantees of non-recurrence, Report from the visit to Bosnia and Herzegovina, 2022, para. 40.

[26] International Commission on Missing Persons, Missing Persons from the conflicts of the 1990s in the former Yugoslavia and their aftermath – A Stocktaking: Bosnia and Herzegovina, Croatia, Kosovo, 2021.

[27] Bosnia and Herzegovina ratified in 2012, Croatia in 2022, Montenegro in 2011, Serbia in 2011, and Slovenia in 2021.

[28] Bosnia and Herzegovina in 2004, at the time it was the first country in the world to adopt such a law, Kosovo in 2011 and Croatia in 2019, in Serbia a draft law on missing persons is currently under preparation. See Council of Europe Commissioner for Human Rights, Report following the visit to Serbia from 13 to 17 March 2023, 2023.

[29] ICMP, Bosnia and Herzegovina - Missing persons from the armed conflicts of the 1990s: A Stocktaking, 2014.

[30] Balkan Insight, Hate speech and disinformation fuel digital rights abuses in Balkans, 2023; Human Rights House Zagreb, Human Rights in Croatia Overview 2019, 2020; Mirovni Institute, Comparative Overview on Hate Narratives in the Western Balkans and in Turkey, 2021; Macedonian Helsinki Committee, White Paper on the situation with hate speech, 2015.

[31] https://rm.coe.int/post-war-justice-and-durable-peace-in-the-former-yugoslavia-issue-pape/16806da71f Post-war justice and durable peace in the former Yugoslavia Issue Paper by the Council of Europe Commissioner for Human Rights 2012

[32] https://rm.coe.int/issue-paper-on-transitional-justice-dealing-with-the-past-for-a-better/1680ad5eb5 Dealing with the Past for a Better Future. Achieving justice, peace and social cohesion in the region of the former Yugoslavia. Issue Paper by the Council of Europe 2023